**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеесетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 јули 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,34 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 60-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Данаил Дончев, Радмила Шеќеринска, Тале Герамитчиоски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Абдулади Вејсели и Фазли Велиу, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Присутни се 81 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ма седницата се поканети Претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на 50 пратеници.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 86 пратеници, за гласале 84, воздржано 1, против 1 пратеник.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

(Премиерот Никола Груевски бара збор процедурално).

Премиерот нема право на процедурално, меѓутоа, ме извести дека сака да упати еден поздрав, не е во врска со оваа седница.

Затоа предлагам да му дадеме збор...

(Џагор во салата).

Само една реченица, еден поздрав сака да упати, ништо друго. Нема да делува на она што е договорено за оваа седница.

Повелете. Само еден поздрав.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Сакам да ја искористам можноста да ги повикам сите пратеници со еден аплауз да ги поздравиме пожарникарите кои во изминативе денови многу пожртвовано работеа...

(Во салата настана џагор истовремено со аплауз од страна на сите присутни).

...заедно со припадниците на Армијата и на полицијата.

(Џагорот со аплаузот продолжува).

Благодарам.

(Џагор во салата, со дофрлања и барање збор за процедурално).

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине премиер.

За денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

(Џагор во салата).

Ве молам тишина, да го слушнеме предлогот:

Постигнување на парламентарен договор за продлабочување и унапредување на сите неопходни реформски процеси кои Република Македонија како кандидат за полноправно членство во НАТО и почеток на преговорите за влез во Европска унија треба и мора да ги заврши максимално ефикасно.

(Пратеникот Есад Рахиќ бара збор процедурално).

Ве молам, дозволете ми да завршам.

Кажете.

Рахиќ беше прв, процедурално, повелете.

Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван премиере и претставници на Владата,

Со сиот почит и респект за она што го кажа премиерот, ги гледам и напорите, секој ден е на жариштата, мислам дека направивте една грешка.

Ако веќе упатувате поздрав и честитки до пожарникарите, упатете и до припадниците на Армијата, Полицијата, и на оние граѓани кои не се обучени од останатите места.

Значи, ако се формулира прашањето, можеби е смешно сега, треба да се каже за сите оние кои помагаа да се справиме со оваа елементарна непогода, затоа што ги двоиме луѓето.

**Љубиша Георгиевски:** Сосема сте во право, се создаде една врева што не се слушна последното. Добро.

(Џагор во салата).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 97 пратеници, за гласале 96, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложенот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Постигнување на парламентарен договор за продлабочување и унапредување на сите неопходни реформски процеси кои Република Македонија како кандидат за полноправно членство во НАТО и почеток на преговорите за влез во Европска унија треба и мора да ги заврши максимално ефективно.**

Збор му давам на господинот предлагач Оровчанец, повелете.

Тишина ве молам, да се слушаме.

Повелете господине Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Република Македонија е во криза почитувани пратеници. Најтешка криза до сега, господине премиер. Нејзините елементи на сите им се добро познати. Сите граѓани секојдневно ги преживуваа. Ќе спомнам само неколку, ќе ги заокружам во неколку области за да се види нивната тежина.

Почитувани колеги,

Република Македонија веќе евидентно заостанува на сите полиња. Она што е особено најважно и што најтешко ни паѓа е заостанување на Република Македонија во остварување на нејзините стратешки цели и определби, немање реален раст во економијата, нема и недостасуваат странски инвестици, нема развој и напредок. Реформите се во застој речиси цела година. Дел од започнатите процеси одат во погрешна насока.

Меѓународната позиција на Република Македонија се влошува. Во сите правци уназадува. Паднати сме на најниско можно ниво. Отворено сме загрозени од сите страни. Речиси сигурната покана за членство во НАТО успеавме да ја доведеме во крајно неизвесна ситуација и под знак на прашање.

Наместо годинава, датумот за почеток на преговорите за членство во Европската унија нема да го добиеме ниту до година, а најверојатно ни до крајот на мандатот на оваа Влада, судејќи според веќе познатите делови на Извештајот на Европската комисија и пораките што неодамна ги доби премиерот во Брисел.

Како последица на ваквото заостанување изложени сме на груби закани од Република Грција да го смениме името; на ултиматум од Република Србија искажан во ова Собрание доколку ја признаеме навестената независност на Косово; на обвинувања од Бугарија дека ја крадеме нејзината историја искажани во Декларација од страна на Бугарија што треба да ја усвои Европскиот парламент и на обидите на Албанија и нејзини експоненти кај нас за федерализација на Македонија и за наша конечна делба.

Почитуван господине премиер,

Ве повикуваме, на денешната вонредна седница на Собранието на Република Македонија да ги објасните причините што не доведоа до толку длабока криза во првата година од вашиот мандат. Бараме да реферирате пред македонските граѓани, претставени во овој Парламент и прецизно да објасните што ќе сторите да запре ваквото назадување што ја загрозува Република Македонија и ги доведува нејзините граѓани до работ на егзистенцијата.

Македонија има сили за излез, има и волја. Потребно е единство, дијалог и разбирање.

Тоа, впрочем, во докажавме само пред неполн месец дена кога ја усвоивме Декларацијата за НАТО, кога Собранието во овој и ваков парламентарен состав ја одржа, според многумина, својата најдобра седница од неговото конституирање. Покажавме дека без разлика на политичката припадност, обоеност и партиски став, знаеме да ги истакнеме нашите различности и во приодот кон една иста заедничка цел. Покажавме дека можеме и знаеме да бидеме конструктивни, па дури и едногласни во гласањето.

Покажавме дека знаеме да препознаеме што е тоа државен интерес, што е тоа стратешка цел и што и треба на Република Македонија.

Меѓутоа, за жал, со оваа седница само потврдивме дека кај нас работите се поинакви. Потврдивме дека сето она што во светот е инцидент, кај нас е редовна практика. Така што претходната седница беше само инцидент без реални можности ваквиот начин на Работа на Собранието да биде наша постојана пракса.

Од оваа седница произлегоа одредени заклучоци искажани во дискусиите од пратениците и од страна на опозицијата и од страна на владеачкото мнозинство за кои Владата на Република Македонија, за жал, не покажа никаков интерес, иако беше директно посочена повеќе пати. Сето ова води кон констатација за подреденоста, сервилноста и губење на дигнитетот на Собранието.

Колку за потсетување и да не заборавиме, основна функција на Собранието е дека е тоа највисокиот законодавен дом во Република Македонија и има свој дел и удел во легитимитетот на функционирањето на оваа држава и институциите во неа. Собранието е место каде се избира Владата, но и место каде Владата дава отчет и одговор за својата работа. Владата на Република Македонија за својата работа е одговорна пред ова Собрание.

Редот на случувањата и нештата што се случија во Парламентот на Република Македонија по оваа седница, како и состојбата на политичкиот театар и циркус во Република Македонија и одмолчувањето на Владата за некои суштествени битни работи се директна причина за свикување на итна седница со единствена точка на дневен ред, а тоа е постигнување на парламентарен договор за продлабочување и инапредување на реформите.

Со образложението ја изразуваме потребата за институционална собраниска расправа во замена за вонинституционални и не до крај дефинирани и нетранспарентни договори за македонската јавност. Оваа седница е потребна за надминување на политичката криза што надвиснува над Република Македонија. Седница, на која ќе бидат дефинирани основните

приоритети во реформскиот курс со полн тајминг што ќе гарантира временски безбедно завршување на сите реформски процеси и што ќе обезбедат влез на Република Македонија во НАТО и почеток на преговори со Европската унија.

Почитувани колеги пратеници,

Без разлика на која страна и каде сетите во Парламентот, без разлика на обврските да ги почитувате по секоја цена партиските ставови, оваа седница треба да биде уште еден обид и напор да покажеме пред граѓаните на Република Македонија и пошироко на сите кои ја следат заинтересирано нашата работа дека можеме, дека знаеме, дека нема да придонесеме за понатамошно рушење на дигнитетот на Собранието, нешто што се практикува и е дел од нашето однсување, речиси на секоја парламентарна седница. На Република Македонија и е потребен Парламент што обединува а не Парламент што прави раздор и омраза. Да покажеме дека не сакаме Парламент што става граници меѓу етничките заедници, помеѓу граѓните и меѓу својот сопствен народ.

Барањето за итноста на седницата и целта на нејзиното одржување е обид да се спречи на Собранието да му се испорачуваат сметки од вонинституционални дијалози, тајни спогодби, усмени договори, партиски состаноци, сметки од појадоци, ручеци, вечери, сметки од безсодржински партиски пресови. Оваа седница е обид сите овие работи да се сведат под заеднички именител што секаде во светот се вика институционален дијалог, јавен, транспарентен за целокупната општествена јавност и во интерес на сите нејзини граѓани, а не само на било кои политички опции.

Сакаме, со свикувањето и одржувањето на оваа седница, на сите чинители кои ја дефинираат и условуваат па влијаат на било кој начин врз работата на Собранието, особено на Владата на Република Македонија да обрнеме внимание дека Собранието, а особено пратениците, без разлика дали се опозиција или позиција, не ќе можат да ја понесат одговорноста за лошото политичко менаџирање на политичкиот живот во Република Македонија, политичките процеси кои можат да излезат вон контрола на институциите и можната политичка нестабилност што се гледа од Брисел и сите амбасади во Скопје, а не може да се препознае од “Илинденска” или од редовите на ова Собрание.

Со цел оваа седница да помине во конструктивна атмосфера и во дефинирање на до сега направените пропусти, слабости но и идни приоритети што треба да бидат направени, почитувани колеги членови на Владата, ве замолувам, седницата не ја сфаќајте како седница на доверба на Влада, ова мислам на позицијата и седницата не е предизборен пристап, партиски собир или прес конференција за колегите пратеници од позицијата. Седницата, ве молам сите вас кои сакате да земете збор на неа, наметнете го својот престиж и рејтинг. Ве молам и ве замолувам седницата да не биде едноставно “разговор на глуви”.

Оваа седница е заради една единствена работа, тоа е заедничкиот интерес и потреба на граѓаните на Република Македонија. Единствено и со сите заедно првенствено на чело со Владата на Република Македонија, сакале тоа или не, обврзани сме кон заедничката цел да го одработиме она што е потребно и што ќе произлезе од оваа седница.

Да не заборавиме дека сепак ова е неповторлива и историска шанса, но и единствена можност токму на овој парламентарен состав и токму на оваа Влада. Која е политичката ралност и карактеристика во Република Македонија во изминатиов период, особено од моментот на добивање на статусот земја кандидат, членка за преговори и влез во Европската унија.

Република Македонија, вклучително сите институции во неа, без разлика дали се вика Собрание или Влада, позиција или опозиција, изгубија многу, изгубија драгоцено време. Во моментов на Република Македонија веќе време и недостига.

Седницата во секој случај треба да даде одговор зошто времето што измина не го исполнивме со очекуваните и посакувани резултати, како за граѓаните на Република Македонија, така и за Брисел. Сега кога ни останува многу малку време до официјалното добивање на редовните извештаи од Европска унија, кои за жал веќе се напишани, ајде сите заедно и во договор со Владата да напрвиме дополнителни заеднички напори, но и евидентен напредок, исчекор и унапредување на општата политичка состојба во државата. Нека оваа седница биде почеток и вовед во овие наши заложби.

Значи, целта на оваа седница во основа е да се дефинираат основните приоритети во реформскиот курс, како на Владата така и на Собранието, со полн тајминг, кој ќе гарантира временско безбедно завршување на сите процеси кои ќе обезбедат сигурен влез на Република Македонија во НАТО и добивање на толку очекуваната покана за датум за што поскорешен почеток на преговори со Европска унија.

Веќе десетина месеци наназад, од страна на Брисел, во континуитет и без да се испушти прилика сме опоменувани дека една од првичните обврски кои треба да ги исполниме и која, за жал, спаѓа во домен на основната култура што треба да биде кај сите политичкии субјекти, ние во Република Македонија ја немаме. Со други зборови Европа од нас бара политички договор.

Во недостиг и немање на вистински политички дијалог во изминатите, особено 10 месеци, имавме изобилие од речиси секојдневен дијалог на самите со себе, робовски дијалог, дијалози на уцени и закани, уличен дијалог, дијалог на

скарани комшии, дијалог на политички глуви субјекти, дијалог на снаа и свекрва, дијалог на кумови и кумашинки, воинствени дијалози и монолози, наместо дијалози. Вакви дијалози се одлични за палење висок рејтинг пред децата од било кој ќош на нашето маало. Очигледно е дека европската мерка за политички дијалог е сосема нешто друго. Дали тоа нам ни е јасно или не, во Македонија во изминатите година дена Европа упорно од нас бара континуиран политички дијалог и комуникација, кој во Републиката е одговорен за немање и недостиг за политички дијалог.

Повеќе, најмалку како критика ќе напоменам, да се потсетиме но и да се запрашаме, каков беше политичкиот дијалог на сегашната позиција во време кога беше опозиција, каков беше политичкиот дијалог на сегашната позиција за време на предизборната кампања 2006 година, каков беше политичкиот дијалог на партијата ко ја победи на парламентарните избори, до моментот на формирање на новата Влада на Република Македонија, каков е политичкиот дијалог во новото парламентарно мнозинство, на што се сведува дијалогот од позиција на власт, со сегашна опозиција.

Ако за начинот на водење и практицирање на политичкиот дијалог и комуникација, кога некои се во опозиција, може дури и да се најдат оправдувања, но партија која е на власт не може да комуницира и да води дијалог со било кој субјект а да нема одговорност, доколку истото е неуспешно.

Со оглед на досега искажаната политичка култура, воглавно од основните чинители и активни учесници во политичкиот живот на Република Македонија, најсериозно се наметнува проблемот како да го оствариме потребниот конструктивен и континуиран политички дијалог, во која форма и како треба тоа да се манифестира во периодот кој е пред нас. Особено голем проблем е што досегашните дијалози се водат на места каде тоа не им прилега. Европа од нас бара конструктивен политички дијалог во институциите. Учесниците на сите дијалози во крајна линија треба да знаат дека секој дијалог се води заради некаков договор кој на крајот добива и правна рамка. Правната рамка е обврска на Собранието, без разлика на последиците кои се катастрофални од ваквиот начин на договарање.

Можно ли е во Република Македонија, барем во времето на Самитот на НАТО во Букуреш да се обврземе, пред се во интерес на Република Македонија, дека политичкиот дијалог на сите чинители од политичката сцена во Република Македонија, ќе биде во рамките на постоечките институции.

Дали собранието е подготвено да изгласаме таков заклучок во кој треба да ги дефинираме условите и обврските кои ќе обезбедат политички дијалог на институциите

Би сакал да напоменам за начинот на кој се дојде до одржување на оваа седница каде првичното барање, за жал, не беше прифатено од ниту еден пратеник од владеачкото мнозинство и ниту еден не го поддржа свикувањето на оваа седница, па дури и откако официјалниот потпарол на Владата на Република Македонија, барањето за одржување на оваа седница го оцени како театар и циркус и дека дури по изјавата на премиерот доаѓа до одржување на оваа седница, наведува дека дијалог во Република Македонија, а особено оној политичкиот, го дефинира и диктира исклучиво претседателот на ДПНЕ, премиерот Никола Груевски. Заради ова и одговорноста за немање на досегашен политички дијалог, но и негово отсуство во периодот кое пред нас, едноставно одговорноста исклучиво се наметнува спрема премиерот.

Почитувани, Европа од нас бара, особено од Владата, целосна имплементација и спроведување на Охридскиот рамковен договор. Јас ислам дека овде постои сенс и волја за тоа. Меѓутоа, не и за толкување на Охридскиот договор.

Без разлика на тоа дали овој договор е добар или лош, јасен или не јасен, дали е потребно негово дополнување или заборавање, истиот е белег и преточен во наша уставна обврска, чие исполнување е услов за нашите Европски интеграции.

Обврска на членот на Владата кој работи на оваа проблематика е да каже на македонската јавност, но овде и сега да знаеме сите што во изминатите 10 месеци е пропуштено или направено заради имплементација и спроведување на Охридскиот договор. Што е потребно и кога Владата мисли дека истото е потребно да се направи, кои се приоритетите во овој процес. Кога може и треба македонската јавност да очекува да заврши овој проблем со Охридскиот рамковен договор. Што е обврска на Собранието во спроведување на елементите од овој договор. Што е предмет и приоритет што го очекува Европска унија од нас. Сите работи до сега и од сега укажуваат дека за спроведување или неспроведување на Охридскиот рамковен договор, сепак најодговорна е Владата на Република Македонија.

Почитувани, Европа од нас бара реформи во правосудството.

Господине министер Михајло Маневски, како најодговорно лице во Владата за подготовка и спроведување на овие реформи, македонската јавност, сите пратеници, Брисел со најголемо внимание, изворно од вас да слушнеме што опфаќаат реформите во судството, кој оперативен план ќе предложите за спроведување, дали со преземените реформи во судството ќе го ослободите од партискиот притисок, што е со мислењата или мислењето од стручната јавност, што е со искуствата од земјите кои се или биле во позиција на нашата, што Европа очекува од овие судски реформи и со кои закони истите ќе се

спроведат, со што и како очекувате Собранието да го исполни својот дел од обврските што е направено во изминатите 10 месеци во поглед на овие реформи и кој ги кочеше.

Господине министер јавноста очекува, но и Европа, исто така веќе подолго време, што е со Законот за јавно обвинителство. Ве молиме дефинирајте ги приоритетите и дајте ги роковите. До кога Брисел ќе не опоменува за некомплетен судски совет, нешто кое одамна требаше да биде направено. Каде лежи и накого одговорноста за оваа работа, кога знаеме дека комплетирањето на судскиот совет, елемент кој битно влијае кон исполнувањето на стандардите кон придружувањето на Европска унија и НАТО. Зарем начинот на кој се сака и се инсистира да се пополни судскиот совет, не кажува дека се излишни сите начи настојувања, дека судството во Македонија може да биеде независно. Независно или зависно, на Европа и Македонија и треба институцијата судски совет и тоа конплетен состав на Судскиот совет. Кој е тој што ќе попушти и кој е тој што ќе треба да собере доволно доблест и разум за конструктивно решавање на овој проблем. Одговорноста за оваа состојба некој сепак треба да ја има.

Европа бара Република Македонија да се почитува и демонстрира кохабитација помеѓу институции во државата, како што се Владата на Република Македонија и Претседател на Република Македонија. Како Владата на Република Македонија одговара за својата работа пред Собранието на Република Македонија.

Очекувам и потребно е Собранието да донесе заклучок со кој Владата на Република Македонија се задолжува да изготви Агенда за кохабитација со претседателот на Република Македонија, а особено во делот каде нивните ингеренции имаат заеднички интерес, пред се во Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи. Агендата за кохабитација треба да биде оперативен план, а не декларативна изјава на портпаролот на Владата на Република Македонија.

Како знак на добра волја во оваа кохабитација очекувам во најскоро време да се реши амбасадорскиот проблем на Република Македонија. Случувањата, игрите, сплетките што се водат околу амбасадорските места, од највисоките места во државата, се искривена слика која се гледа од далеку и не носи ништо добро и позитивно за Република Македонија.

Владата, особено Парламентот со предложена агенда за кохабитација, но и нејзино реализирање треба да ја уверат целокупната македонска јавност дека успеале да ги надминат работите кои не се плод на сопствените суети, туку интерес и напредок на Република Македонија.

Делува сосема несериозно начинот на премиерот кој истапува во јавноста и кажува дека до крај на месец јули Владата ќе ги донесе сите заостанати закони од 2006 година, и сите закони предвидени од 2007 година. Знаеме и набројавме овде кои работи уште недостасуваат. Несериозноста и еднostраноста се огледа во тоа што Европа очекува закони донесени во Собранието на Република Македонија, бидејќи тие се легитимни, важечки и обврзувачки. закони донесени на Предлог на Владата, донесени во процедура усогласена од политички субјекти, е резултат што може да не приближи кон Европска унија. Во спротивно, секогаш кога постои отворен сомнеж дека аконите се донесени по мерка и волја за сопствените политички потреби или за задоволување на одредени други политички субјекти и притоа е занемарен интересот и потребите на граѓаните и институциите. Секогаш кога постои можност Предлог законите од Владата се затворени за интервенции и сите се носат во нетранспарентна постапка, дури и во спротивност со одредби од највисоките наши правни акти.

За жал, чисто по одредени закони не постојат дури ни елементарни соглсувања, така што нивното влегување во Собраниска процедура е само одраз на непопустливост и инает кој продуцира несакани ефекти. Што ќе се случи ако сите закони што Владата ветува дека ќе ги донесе до крајот на јули имаат по 2000 амандмани. Тогаш ќе нема крај.

Процесот на неносење на потребната законска регулатива неопходна за нашиот реформски курс и приближување кон Европска унија е сложен и истиот бара соодветна подготовка, соработка, компромис. Во спротивно нема да има никакви очекувани резултати. Во оваа насока очекувам членот на Владата задолжен за евроинтеграција да ја образложи потребната агенда за овој обем на работа.

Седницата е прика за било кој член од Владата аргументиорано да ја запознае јавноста со резултатите кои веќе се чувствуваат од досега донесените закони и направените реформи, особено што Брисел се повеќе и јавно ни укажува дека сите наши реформски процеси очекува да добијат и резултати.

Сите досегашни изнесени забелешки од моја страна, всушност се достапни до целокупната наша јавност, бидејќи во повеќе наврати истите ни се упатени како јавна критика, бидејќи се составен дел, за жал, на извештајот кој треба да го добиеме во октомври.

Седницата е добра прилика одделни министри да ја запознаат македонската јавност со конкретните чекори што тие и министерствата ја преземаат како своја агенда за приближување кон стандардите кон Европска унија и НАТО. Првенствено тоа се однесува кон Министерството за одбрана и Министерство за внатрешни работи, но не се занемарливи и активностите што треба да ги преземат и одредени други министерства, тоа се Министерството за локална самоуправа, мислиме на фискалната децентрализација,

Министерството за животна средина и просторно планирање итн.

Синтеза на сите овие забелешки изнесени дури јавно од страна на Брисел, укажуваат дека Република Македонија заостанува со сите реформски процеси. Особено збунувачки, барем за нашата јавност се најавите од Брисел дека на Република Македонија и е потребна и неопходна политичка стабилност.

Би потенцирал дека сепак Република Македонија, не Владата или Собранието, се во застој во реформски процес и агенда за наше исполнување. Република Македонија веќе е во недостиг и на време во кое треба да се остварат и исполнат неоподните работи. Заради ова потребни се дополнителни напори од сите политички субјекти, но најповеќе од Владата и Собранието, заради исполнување на дополнителен напредок и успех во времето кое е пред нас. Без оглед на било која политичка зрелост, капацитеет и способност, на сите политички субјекти вклучени во овој процес, вклучително со државната администрација и државните институции, останува обврската за заедничко хармонично функционирање кое може да го надополни изгубеното. Оправдување за незавршените работи, барање пречки и причини во минатото заради нашиот евентуален неуспех, е директна одговорност на актуелната власт.

Предлагам заклучок од оваа седница да биде: Собранието на Република Македонија да ја обврзе Владата на Република Македонија, на основа на веќе постоечките агенди и планови и на основа на дискусите од оваа парламентарна седница, да изготви акционен план заради исполнување на нашите обврски и остварувња на напредокот во потребните реформи, заради добивање покана за членство во НАТО и добивање што поскоро датум за почеток на преговори за членство во Европска унија.

Акциониот план, со точни, прецизни задолженија и обврски, на сите институции во Република Македонија, Владата да го претстави пред парламентот најдоцна за 7 дена.

Акциониот план со евентуални дополнувања, Парламентот ќе го одобри и усвои со максимална можна поддршка од сите пратеници.

Премиерот на Владата на Република Македонија секој понеделник да дава отчет пред Парламентот, пред граѓаните на Република Македонија, за спроведување и остварување на акциониот план, се до добивањето покана за влест во НАТО и добивањето на датум за преговори со Европска унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор му давам на господинот премиер, повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници, почитувани присутни,

Сакам најпрвин да ви се заблагодарам за можноста за денешната седница.

Ја поздравувам оваа убава иницијатива денес да поразговараме за стратешките проиритети на Република Македонија во правец на влегување на земјата во НАТО, во Европска унија. Исто така да ги продискутираме деталите од разговорите што беа водени помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ, за кои што безуспешно се обидував во минатите месец-два, да остварам средба со опозицијата, да и ги раскажам тие работи, да го слушнам нејзиното мислење, да биде запознаена во детали, меѓутоа, за жлокална самоуправа, опозицијата, СДСМ, ЛДП, ДУИ, бегаа од такви средби, не доаѓаа на закажаните средби, затоа што, според моето мислење, тие точно знаат што беше договорено, но не сакаа тоа да го слушнат, бидејќи би се соочиле со вистината.

Како и да е уште еднаш сакам да се заблагодарам на иницијаторот, господинот Оровчаец на убавата можност што ни ја даде денес да дискутираме за сите овие важни работи за Република Македонија, како и на другите потписници, особено на пратениците на СДСМ, кои навистина ни пружија добра можност денес да подискутираме за прашања кои што можеби луѓето ги засегаат во смисла дека не се сигурни точно што се разговарало, што се усогласило, што не се усогласило и конечно да го видат Парламентот да разговара за стратешките прашања на Република Македонија, за она што не очекува, за она што е напред пред нас, за она што овој Парламент треба да го направи за земјата што побрзо да ја добие поканата за членство во НАТО, односно датумот за почетокот на преговорите. Затоа што, колку што Владата има одговорност во целата оваа работа, а се согласувам дека има најголема одговорност, исто толку и Парламентот има голема одговорност, бидејќи речиси сите клучни работи што треба да бидат завршени и треба да поминат токму тука во овој Парламент, да бидат гласани од овој Парламенти и на тој начин земјата да се доближи до посакуваната цел.

Јас ќе започнам од вториот дел во Иницијативата што писмено ми беше доставена. Првиот дел беше за стратешките работи, тој ќе го опфатам многу детално во вториот дел од мојот настап.

Во првиот дел, бидејќи има исчекување во јавноста да се зборува за ова, беше кажувано во коментарите на пратениците па затоа ќе започнам од вториот дел, од разговорите помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, бидејќи покрај другото имаше и многу шпекулации кои излегоа во јавноста, а денес Парламентот е одлична можност за тоа да се продискутира многу отворено, многу искрено и многу директно.

Како што знаете партијата ДУИ во јануари оваа година го напушти Парламентот, со образложение дека не се почитува Уставот во делот на Бадинтеровото мнозинство, при што беше земен Законот за радиодифузија како повод и тоа беше едно од образложенијата зошто тие го напуштаат

Парламентот, незадоволни дека двојното мнозинство или популарно наречено Бадинтерово мнозинство, мнозинството во Парламентот не го почитува и дека тоа е причина тие да го напуштат Парламентот. Наведоа и некои други причини, меѓутоа ова беше централната и главна причина и главен повод да го напуштат Парламентот. И, како што е веќе познато во февруари и март имаше заеднички средби пмеѓу четирите големи партии, СДСМ, ДУИ, ДПА и ВМРО-ДПМНЕ, кои што беа во неколку наврати во рисуство на Меѓународната заедница тука во Парламентот, меѓутоа за жал, тие состаноци најчесто завршуваа со многу расправии, без сериозен епилог.

Подоцна, како што исто така е познато, имаше редица на состаноци на работни групи и на делегации од ВМРО-ДПМНЕ и од ДУИ и тие завршија во мај кога постигнавме за неколку прашања согласност, која што согласност беше доволна ДУИ да се врати во Парламентот.

Сег, би сакал детално да обрзложам што е она што го усогласивме, затоа што имаше многу дискусии, дилеми, шепекулации дека кој знае што сме се усогласиле, дека нешто има опасно, тајно, нетранспарентно итн. Јас ќе посочам дека има три работи за кои што постигнавме согласност со Партијата ДУИ и постојат три работи за кои што не постигнавме согласност и тие детално ќе ги образложам. Трите работи за кои што се постигна согласност беа:

Прво, постигнавме согласност за 45 закони од вкупниот број на закони во Република Македонија да станат дел од Деловникот како закони за кои што е потребно двојно мнозинство. Детално ги разговаравме сите закони, ДУИ излезе со 125, ако не се лажам, предлози. Меѓутоа, п една опсежна дискусија во повеќе работни групи, дојдовме до заклучок дека нема потреба од 125 закони и таа бројка од 125, се намали на 45 закони. Тие закони се познати, затоа што веќе во Парламентот е доставен Деловникот, во кој што се внесени законите. Тоа е првата работа за која што постигнавме согласност во долги разговори.

Втората работа за која што постигнавме согласност е дека е потребно, откако Деловникот ќе се усвои, откако овие закони ќе влезат и ќе станат составен дел на Деловникот, еден член од парламентарното мнозинство на Комитетот за етнички заедници да отстапи и еден член од опозицијата, од македонскиот дел на опозицијата да влезе, со тоа што и на тој начин опозицијата би добила мнозинство во Комитетот за етнички релации. Тоа се согласивме да се случи веднаш откога Деловникот ќе биде усвоен во Парламентот со 45 закони во него.

Како што знаете, овие две точки веќе ВМРО-ДПМНЕ излезе со нив во Парламентот, ги понуди, Деловникот е во расправа, а исто така и еден член на Комитетот на етнички заедници поднесе оставка и кажа дека таа оставка стапува на сила во моментот кога Деловникот ќе биде прифатен од Парламентот. Тоа се двете работи за кои што постигнавме согласност.

Третата работа за која што постигнавме согласност е дека е потребен закон за Комитетот за етнички заедници, затоа што во Уставот е само начелно дефиниран, потребно е детално да се дефинира, при што една работа беше поспецифицирана и беше прифатена, а тоа е во тој закон, меѓу останатото, да стои дека пратениците во идните парламентарни состави, во моментот кога ќе ги доставуваат пратеничките листи, значи пред изборите, да си ја запишат својата националност и таа националност да им важи за двојнот мнозинство во наредните четири години мандат во Парламентот. Што значи дека согласно човековите права, секој може понатаму да ја промени таа етничка припадност, меѓутоа таа нема да влијае на двојното мнозинство во Парламентот во тој мандат во тие четири години. Тој закон веќе се подготвува и можно е уште до крајот на овој месец да биде испратен во Парламентот. И, со тоа сите три работи за кои што сме постигнале согласност, практично ќе бидат доставени до Парламентот на расправа. Тоа се трите работи за кои што се постигна согласност. За други работи немаме согласност. Меѓутоа, имаме три работи за кои што не постигнавме согласност. Сега ќе ви ги кажам и тие три работи.

Прво, не постигнавме согласност за барањето на ДУИ да се донесе закон за употреба на јазиците, со кој што закон ќе се прогласи двојазичност во Република Македонија. Тоа сметаме дека не е согласно Уставот, не е ниту согласно Охридскиот рамковен договор и тоа им беше укажано на претставниците на ДУИ. Така што, за тоа прашање не постигнавме согласност.

Второто прашање за кое што не постигнавме согласност, исто така е прашањето со кое што тие побараа за таканаречените борци на ОНА да се донесе закон. Така, ние м објаснивме дека не сме во можност тоа да го направиме, затоа што тоа не е ниту барање на Охридскиот рамковен договор, ниту пак можеме да си дозволиме бранителите на државата да ги ставиме во исти кош со луѓето кои во тој период ја нападнаа државата, односно државниот и уставниот поредок во тоа време. Тоа е втората работа за која што не постигнавме согланост.

Третата работа за која што не постигнавме согланост се барањата на Партијата ДУИ во иднина владите да се составуваат според Бадинтеровиот принцип, а тоа би значело дека, според нивното мислење, таа партија од албанскиот блок која што ќе има најмногу пратеници по автоматизам да влегува во Владата. Ова прашање има исто така многу нелогичности, многу неодговорени прашања и ние одбивме да го прифатиме како предмет на усогласување, односно не се усогласивме по ова прашање. Но, се усогласивме дека за овие три прашања ќе продолжиме да разговараме во

иднина во Парламентот, откако Партијата ДУИ ќе се врати во Парламентот и ќе го прекине бојкот во кој што се наоѓаше во тој период и дека овие прашања ќе ги разговараме во работни групи внатре во Парламентот, што дефакто и го правиме во овој период. Тоа се едиствено сите работи кои што беа усогласени и кои што не беа усогласени.

Не можам да разберам што има лошо во она што го усогласивме. Значи, што има лошо во тоа што ги утврдивме 45-те закони, наместо да се расправаме тука по комитетите, па кој има во моментот во Комитетот за етнички заедници најмногу, тој да победи, наместо да се случи тоа во еден аргументиран разговор, во еден аргументиран дијалог, дојдовме до заедничко сознание дека ете тие 45 закони треба да се дел од тоа.

Не можам да разберам што има лошо во тоа што сме договориле за тој Комитет за има закон, кој што овде ќе се разгледува во Парламентот.

Не можам да разберам што има лошо во тоа што сме договориле, откако во Деловникот ќе влезат 45-те закони, за кои што е потребно двојно мнозинство, еден нека има опозицијата мнозинство во тој Комитет, затоа што ние ќе бидеме сигурно како власт дека тие нема да можат да го злоупотребуваат со надгласување, бидејќи претходно 45-те закони ќе бидат утврдени внатре во Деловникот и по тоа прашање ќе нема дебати. Тоа се работите.

Беше отворена една шпекулација дека мало таен договор, потпишан договор итн. Можам да потврдам уште еднаш дека потпишан договор немало, иако тоа беше барано од наша страна, но ние не се согласивме да потпишуваме никаков договор, а дека се работи за усмена согласност неодамна потврди и американската амбасадорка во својата изјава, која што кажа дека се работи за усмена согласност, за кој што како што таа спомна, спомнал премиерот во три точки.

Уште еднаш ќе потврдам нема потпишан договор, нема таен договор, нема анекс, нема анекс на Охридскиот договор, нема нов Охридски договор, нема нетранспарентен договор, затоа што ова што сега ви го кажав, го кажав веднаш два дена после завршувањето на тие разговори, кои што завршија на 29 мај, два дена подоцна на 31 мај имаше седница на Парламентот за пратенички прашања и меѓу првите прашања беше поставено ова прашање. Токму овие работи што сега ги кажав, можете да проверите во снимките, дека ги кажав и тогаш.

Она што го има е дека има согласност за три точки и за нив Меѓународната заедница вели дека треба да се исполнат. Кога Меѓународната заедница, кога претставниците на Меѓународната заедница и во Македонија и во Брисел и во Вашингтон, говорат дека треба да се исполни тој агримент, како што викаат тие, согласност или договор, како сакате, кога тие велат дека тоа треба да се исполни, тие мислат на овие три точки. Тоа се уверив, затоа што сега неодамна го посетив господинот Солана, го посетив господинот Оли Рен и со нив не разговарав само дека треба да се исполнат усогласените работи, туку ги спомнавме точно како што сега ги спомнавме, што е усогласено, што не е усогласено. Трите усогласени точки и другите три неусогласени, за кои што морам да потенцирам дека имаме фундаментални разлики. Фундаментални разлики, затао што меѓу другото се бараше, како што спомнав, двојазичност, за која што како што кажав, е спротивно на Уставот на Република Македонија, спротивно на Охридскиот договор, не се бара во Охридскиот договор и дека тоа е неприфатливо за нас.

Она што би можело да се прифати е, бидејќи во моментов речиси се што е согласно Уставот, поврзано со јазиците е внесено во законите, она што можеме да го направиме е да подготвиме еден таков закон за употреба на јазиците, како збирка на сите досегашни би рекол расштркани членови во разни закони, да ги собереме во еден закон, да ги ставиме во еден закон, да ги имаме систематски, да не се расштркани во многу закони. Тоа е нешто за што би можеле да разговараме.

Би потенцирал дека она што се бараше беше да има писмен договор со потписи, што не се случи.

Се бараше двојазичност, се бараше закон за борците, таканаречените борци, се бараше Бадинтерова влада, условно кажано.

Исто така, беше кажана една интересна работа и тоа во неколку наврати од страна на партијата ДУИ дека овие две точки за јазиците, за двојазичноста и за законот за поранешните таканаречени борци на ОНА имале веќе ветено од претходната влада, од СДСМ дека веднаш по изборите тоа ќе им биде дозволено и удоволено. Јас би сакал тука исто така на тоа прашање да се задржиме и да дознаеме од страна на можеби господинот Ахмети или некој од партијата ДУИ за што точно било договорено пред изборите и што им биле ветено. Затоа што, вие кажавте на тие разговори нам ова ни беше ветено. Нам ни беше ветено дека после 5 јули да поминат изборите и нормално ако победи истата гарнитура дека ќе се добијат тие работи кои што биле ветени од страна на претходната влада, дури беа посочени и имиња. Така што би било добро денес да го расветлиме тоа прашање, што всушност било ветено. Ние одговоривме дека ние не сме биле дел од тие разговори, ние не сме ветувале, така што не можеме да исполнуваме туѓи ветувања.

Уште еднаш ќе потенцирам дека двете точки за кои што не постигнавме согласност, тоа се двојазичноста и законот за таканаречените борци, тие не се дел од Охридскиот рамковен договор. Тоа е многу важно да го знаеме, бидејќи оваа политичка гарнитура прилично многу се заложи за исполнување на Охридскиот рамковен договор и тоа ќе го прави и во иднина, меѓутоа не можеме

да се заложиме за работи што се надвор од Охридскиот рамковден договор, или за работи за кои што можеби некој не успеал да ги издејствува кога се договарал Рамковниот договор, па сега сака да ги издејствува.

Исто така, во разговорите беше посочено дека, како што споменав, е потребен закон за поранешните припадници на таканаречената ОНА, со кои што практично тие сакаа да добијат статус и тоа беше образложено дека тие имаат право на тоа, бидејќи сме имале ситуација во која што едната страна, според кажувањето на ДУИ, едната страна се борела за задржување на Уставот, другата страна се борела за промена на Уставот и според нив победила таа страна што се борела за промена на Уставот и сега треба двете страни да се наградат. Тоа некоренспондира со нашето мислење и тука имаме фундаментални разлики, така што за тоа не успеавме да постигнеме согласност. Морам да напоменам дека овие разговори и овие барања ние практично наназад 10-тина месеци ги имаме и со Партијата ДПА и таа има слични, дури можеби посилни барања, потешки барања во оваа насока и за овие две точки и за други точки, меѓутоа и покрај многуте разговори по ова прашање ние и со таа партија и со ДПА во овој период за овие прашања, за двојазичноста, за поранешните припадници на таканаречената ОНА итн. и за други прашања кои што ги отворија, разговараме, водиме разговори, водиме дијалог, меѓутоа не сме стигнале до никаква согласност.

Некој можеби од тука ќе стане и ќе каже дека не верува во сето ова што се кажува, иако имаме изјави на амбасадори на САД, имаме изјави на амбасадори на Европска унија, можеби ќе се повика на точките во Извештајот на Европскиот парламент. Сакам да го потенцирам ова за кое што верувам дека најголемиот дел од вас го знаете добро, како што го знаат добро и сите аналитичари, кои што ја следат Европската унија и прашањата поврзани со Европската унија, како што го знаат претпоставувам и сите новинари кои што се занимаваат со проблематиката на Европската унија, дека резолуциите на Европскиот парламент немаат обврзувачки карактер и дека, како што има Европската комисија и дека имаат доминантно советодавен карактер, како препорака, како совет итн., и дека често пати понекогаш се случува да има ваков вид на пропусти, ова е пропуст или грешка, како што го имаше и овој пат. На пример, ќе ви посочам еден пример, во истиот овој извештај пишува дека се честита, се изразува задоволство за постигнатиот консензус по прашањето на Законот за празници. Вие добро знаете дека за тој закон немаше консензус, меѓутоа во тој извештај еве се протнала и таа грешка дека се изразува задоволство за постигнатиот консензус по рпашањето на Законот за празници, за кој што имавме силна поделеност во Парламентот, долга дебата и надгласување на крајот. Значи, спротивно од она што беше суштински, така што очигледно е дека се работи за неколку грешки кои што се во тој документ. И, како што спомнав, во тоа се уверив и сега пред една недела кога ги посетив господинот Рен и господинот Солана и кога подробно разговаравме што е усогласено, што не е усогласено и видов дека тие се детално запознати со ова што сега го говорев за трите точки за кои што е постигната согласност и за трите точки за кои не е постигната согласност, а за кои што се усогласивме дека треба да продолжиме да разговараме, без некои ограничени рокови во кој период мора да се заврши.

Исто така, деновиве имавме прилика да го слушнеме и претставникот на Европската унија во Република Македонија, кој што јасно потенцираше дека двојазичноста како барање не може да биде услов за Европската унија, односно за добивање датум за Европската унија.

Се друго, почитувани пратеници, во овој период беше тетар на опозицијата, театар на СДСМ, борба за политички поени, што е легитилно во една политичка арена, меѓутоа, сетоа тоа е работа за која што секој треба да си сноси одговорност, политичка се разбира, и за која што граѓаните ќе ценат, затоа што времето ќе помине, ќе дојде друг период, во кој што ние ќе потсетиме, можеби ќе излезат повторно на телевизија некои од снимките за кои што сега се говорело дека категорично се гледа дека нешто е договорено што не било договорено, така што јас во тој дел сум прилично раскомотен, затоа што знам точно што е усогласено, што не е усогласено и знам дека времето ќе си ја покаже вистината.

Ме загрижува тоа што во изминатите недели додека траеше јавната дебата околу ова прашање, често пати зад кулисите, се разбира, слушав коментари дека од видни претставници на СДСМ, дека тие знаат што е усогласено, што не е усогласено, меѓутоа, ова е добра прилика за нив малку да ја оцрнат власта дека договорила нешто повеќе од тоа што требало да се договори, затоа што тие по нивна проценка загубиле многу во периодот 2002 - 2006 година, кога прифатиле еден куп иницијативи, кои што не требало да се прифатат, како што беше Законот за териоријална распределба, со кој што Кичево и Струга добија еден нов формат со кој што граѓаните се соочуваат денес и допрва ќе се соочуваат, со кој Скопје доби еден нов формат, за кој што имаше голема дебата во државата, имаше референдум во државата, имаше притисоци за тој референдум, или да речеме случајот со несоодветниот начин на признавањето на Тетовскиот универзитет, назначувањето на недоволно образовани, меѓутоа, истакнати таканаречени команданти од поранешниот период на конфликтот на раководни и на министерски позиции и дека поучени од тоа што заради овие лоши потези во минатото загубиле многу во јавноста, кај гласачите, сега ја користеле оваа можност да го нападнат ВМРО-ДПМНЕ, и ние

исто така да загубиме кај довербата кај гласачите. Меѓутоа, заборавија дека има тука една разлика, а таа разлика е дека тоа што тогаш се случуваше беше дефакто реално и беше вистина, а ова за кое што тие денес се обидуваат да создадат перцепција е практично нешто што е измислено и за кое што како и на секоја лага брзо ќе се види крајот. Тука е основната разлика и тоа ќе биде уште еден автогол од страна на СДСМ.

Тука би завршил соовој дел, затоа што овој дел беше многу дискутиран во изминатите недели,односно два месеци веќе поминаа од тогаш, така што тука би завршил, а подоцна ако има дискусии може на некое прашање да одговорам или на некој коментар да дадам појаснување.

Сега би се префрлил на вториот дел, каде што според насловот кој што беше кажан овде треба да поразговараме за стратешките правци, за она што треба Република Македонија да гонаправи како подготовка за влез во НАТО и за влез во ЕУ, односно најпрво добивање татум за преговори со Европската унија. Значи покрај тоа што, како што споменав, ЕУ и НАТО бараат овие три точки за кои што стана збор, за Деловникот и за Комитетот, двете да се усогласени и да поминат во Парламентот, затоа што практично нема ништо лошо во нив и за жал, тука имаме една силна блокада од страна на опозицијата, на СДСМ и ЛДП со поднесени 2000 амандмани на Деловникот, што исто така би кажал дека е кочење на државата во нејзиното движење нанапред. Она што исто така е важно е да продолжи дијалогот и воиднина меѓу политичките партии и од власта и од опозицијата, меѓутоа, во рамките на институциите.

За останатите три прашања исто така да се разговара, да се продолжат разговорите, се разбира во рамките на Уставот и во рамките на Охридскиот рамковен договор.

Би споменал уште нешто дека до колку некоја партија во Парламентот се сомнева во ова што го говорам јавно ја повикувам да се вклучи во тие разговори. Значи нема ни еден друг подобар начин да се дознае вистината отколку почитувани претставници на опозицијата, директно со ваши претставници вклучете се во тие разговори, па да видите дали нешто од ова што го говорам не е точно, дали има нешто повеќе од тоа. Нема потреба да се бега од тие разговори, затоа што бегањето само покажува дека вие ја знаете вистината, но не сакате да се соочите со неа.

Ова е барање или повик за сите што имаат било каков сомнеж во целата оваа ситуација, го упатувам до сите политички партии во Парламентот и од власта и од опозицијата.

Исто така, она што е важно за нашиот напредок кон НАТО и ЕУ е да се продолжи со имплементацијата на Охридскиот рамковен договор. Оваа Влада како што знаете и во својата Програма и во своите настапи јасно кажа дека ќе даде максимум заложба за довршување на Охридскиот рамковен договор и таму едно од доминантните прашања е прашањето поврзано со еднаквата застапеност во институциите на системот во администрацијата, што како што знаете оваа година во Буџетот во Програмта К-5 имаме зголемување за 3,5 пати во однос на она што било претходната година и претходните години, така што ние сме силно фокусирани ова сеуште незавршено прашање, кое што спаѓа во редот на долгорочни обврски, да го завршиме што е можно побрзо и тоа ќе продолжиме да го правиме заедно сите коалициони партии во Владата и ВМРО-ДПМНЕ и НСДП и ДПА и другите политички партии кои се влезени во Владата, Либералната партија, Демократскиот сојуз, Социјалистичката партија на Македонија, партијата ДОМ, партијата ПЕИ и сите останати, не ми замерувајте до колку некоја не спомнав, значи сите имаме заложба дека Охридскиот рамковен договор треба што побрзо да се заврши во рамките на возможното и дека овој дел што е за застапеноста во администрацијата исто така треба да се заврши што е можно побрзо, а исто така и други делови како што е двојазичноста на сообраќајните знаци во општините каде што има повеќе од 20% од етничките заедници во Република Македонија.

Понатаму, следна работа која што исто така е важна е да продолжи борбата против корупцијата и борбата против криминалот во Република Македонија. Како што знаете, во изминатите 10 месеци Владата вложи вонредни напори за зајакнување на оваа борба за изнаоѓање на решенија на многу отворени случаи од минатото од сферата на корупцијата и криминалот и тука можам да кажам дека имаме многу сериозен прогрес, прогрес кој што многу од тие случаи ги отвори и тие се затворија, што е најважно добија повеќето од нив и судски завршници, не само што Обвинителството ги процесуираше до судот, туку добар дел од нив веќе доби и судски завршници, што секако е добро забележано од Брисел и од Вашингтон и е поздравено и како што ви беше кажано од господинот Солана, во последната посета кажа само да не застанете, вака продолжете во борбата против корупцијата и криминалот (гласно смеење од страна на пратениците на опозицијата), ова е прав начин на кој што треба да се води борбата против корупцијата и криминалот.

Отука, сакам да ја повикам и опозицијата да даде силна подршка во овој правец и сите заедно да се справиме со ова зло кое долго годининаназад ја кочи Република Македонија ги осиромашува граѓаните и навистина претставува камен на сопнување на Република Македонија за натамошните евроатлански интеграции.

Она што исто така е важно е да се продолжи борбата против трговијата со луѓе, за која особено во последните 6 месеци Владата има сериозен прогрес, многу случаи кои што се откриени и кои

се предадени на судот, а исто така и фискалната децентрализација. Како што знаете, неодамна од 1 јулипрактично влеговме во втората фаза на фисклната децентрализација. Сега сме во фаза кога општините поднесуваат барања за влегување во втората фаза, на кои согласно критериумите ќе им биде одговорено и таа втора фаза се разбира започнува во овој период со поднесувањето на нивните апликации, така што тука не очекувам да имаме некои сериозни проблеми.

Она што исто така е важно за нашите стратешки цели поврзани со евроатлантските интеграции е продолжување на реформите во полицијата, покрај подзаконските акти кои што треба да бидат донесени до септември има уште многу реформски зафати таму кои се прават заедно со претставници експерти од меѓународната заедница внатре во Министерството за внатрешни работи, а исто така и реформите во одбраната на кои се положува големо внимани, особено кога станува збор за членството во НАТО.

Би споменал дека една од клучните работи за нашите натамошни напредоци, особено за добивањето покана за НАТО и датум за преговори со Европската унија, е и судството, односно реформите во судството и тука би ги издвоил дооформувањето на Судскиот совет, кој што во моментот е формиран меѓутоа не е целосно, тој функционира меѓутоа со значителни отежнувања, понатаму Законот за јавен обвинител, и ако тој не е дел од АКИДО, тој сепак има свое влијание на севкупната атмосфера во судството, Законот за управните судови, целокупната состојба во судството и обвинителството, Академијата за обвинители и т.н., работи на кои што Владата внимателно и многу интензивно работи за нивно довршување. Меѓутоа, за дел од овие работи почитувани дами и господа потребна е и сериозна помош и подршка од Парламентот и особено од опозицијата, особено за Судскиот совет и особено за Законот за јавен обвинител,каде што во едниот случај се бара двојно мнозинство, во другиот случај се бара двотретинско мнозинство.

Сакам исто така да напоменам дека од Акциониот план за приближување на законодавството, во октомври минатата година речиси 90% од законите не беа донесени и тоа претставуваше огромен товар за новата Влада, затоа што годината привршуваше, бевме на два три месеци до завршување на годината, веќе не очекуваше новата група на закони која беше за 2007 година, која се разбира не беше воопшто почната и морам да кажам деак со задоволство констатирам дека Владата со вонредни напори успеа не само да ги доврши сите заостанати, би рекол 90% од оние што биле обврска во Акциониот план за минатата година закони, туку успеа до крајот на јули, бидејќи последните еден или два закони се во владина процедура, заклучно до крајот на јули сите закони што се потребни за да го исполни Република Македонија Акциониот план до декември 2007 година да бидат завршени до јули и со тоа Република Македонија прв пат, наместо доцнење во овој дел, да биде понапред, да биде предвреме, што секако ќе влијае на имиџот на Република Македонија. Тука сакам да кажам дека нашите заложби ќе ги насочиме понатаму во делот на донесувањето на подзаконските акти, кои ни се таргет да бидат завршени докрајот на септември оваа година, а подоцна од октомври, значи три месеци порано, ќе се зафатиме со подготовка и донесување на законите кои се дел од европската агенда за 2008 година и се надеваме, веруваме, ќе се бориме за тоа и тие да бидат завршени уште порано отколку овие за оваа година што беа завршени.

Тоа е вака накратко за некои работи. Би споменал дека иако можеби не е во врвот на приоритетите на НАТО и ЕУ, меѓутоа, економијата исто така е една од значајните работи на кои се осврнуваат и ЕУ и НАТО, бидејки НАТО не е само воена организации, таа е и политичка организација, така што сите аспекти се разгледуваат и тука можам да кажам дека по многуте напори за подобрување на севкупната бизнис клима во Република Македонија и за охрабрување на инвеститорите, домашните и странските, да инвестираат повеќе во Македонија, дека веќе во првиот квартал од оваа година Република Македонија има пораст на бруто домашниот производ од 7%. Тоа е показател кој што ги обединува сите други индикатори за економијата, значи сите индикатори за економијата и растот на економијата се обединуваат во бруто домашниот производ, нешто што го означува растот на економијата и само за споредба да кажам што значи 7%. 7% значи најмногу квартал кој што е најсилен до сега ако го споредите со други квартали или со други години, практично не можеме да најдеме нешто што е над 5% во минатите години. Се надеваме и работиме на тоа овој квартал и понатаму и овој тренд да продолжи и да биде како што треба, да имаме и други квартали и цели години и неколку години по ред, силен раст на економијата, што секако како времето ќе минува ќе има се поголемо и поголемо влијание на целокупниот живот на граѓаните.

Исто така, забележително е што во економијата во оваа година во првиот квартал имаме зголемување на извозот за цели 43%. Тоа е значително зголемување на извозот, не може да остане незабележително и што е најважно, е во многу сфери, вклучително и во сферата која гарантира дека и понатаму ќе продолжи ваквиот силен тренд на извоз и што е исто така важно , во однос на увозот имаме дупло зголемување на извозот вооднос на увозот, што значи дека се намалува и трговскиот дефицит, односно тоа е индикатор дека оваа година ќе имаме намалување на трговскиот дефицит и дека практично исто така е важно дека во делот на увозот имаме сериозна ставка која што е кај увоз

на машини, што значи дека увозот на машини секогаш е сигнал и шанса дека во идниот период тоа ќе значи поголемо производство, поголем извоз и повисок раст на економијата и пред се отворање на нови работни места.

Исто така, исклучително важно - нема да се задржувам многу на економијата, бидејки има и други индикатори, меѓутоа, сепак зборуваме за стратешките приоритети и за НАТО и Европската унија - важен сегмент во овој дел е и спроведувањето на законите, на што Владата е сериозно посветена и работењето на надворешната политика, која во целина е ставена во правец на подготовка и афирмација на Република Македонија за полноправно членство во НАТО и полноправно членство во Европската унија, така што во тој дел се чини дека добро одат работите.

Драги пратеници, има уште многу работи што може да се зборуваат. Со внимание ќе ги сослушам денес вашите совети, вашите критики, вашите размислувања, меѓутоа, она што би сакал да апелирам - и се разбира дел од нив ќе одговорам, ќе појаснам ако има потреба, меѓутоа она што би сакал да потенцирам е дека не треба во овој момент кога шансата за НАТО буквално ни се насмевнува, кога ни се отвораат вратите за влез на државата, не на партиите, на државата во НАТО алијансата, дека сме во момент кога треба да ги завршиме сите одговорности и обврски поврзани со Европската унија, добивање датум од Европската унија, дека треба да ги надминеме теснопартиските интереси. Треба да ги оставиме партиите. Треба да се насочиме кон она што е државен интерес, што е национален интерес, бидејќи без такво нешто ниту една држава што влезе во НАТО и во Европската унија немаше да може да го направи тоа.

Така што нема да може ни Република Македонија да го направи тоа, ако се вртиме во круг, ако само седиме во кругот на обвинувањата, на плукањата едни на други, на измислувањата на невистинити работи, на ставањето сопки, на пуштањето 2000 амандмани во Парламентот за да се блокираат нештата, на водењето маратонски дискусии по сите прашања. Драги пратеници, тоа нема да ја одведе Република Македонија во НАТО и во Европската унија. Ќе ја одведе само едно ефикасно и концентрирано работење на Парламентот, концентрирано кон донесување на законите што е можно побрзо, донесување на проектите, концентрирано на она што се нарекува пат кон НАТО, пат кон Европската унија.

Јас апелирам кон вас, апелирам да се продолжат сите политички дебати, меѓутоа сепак насоченоста да биде во насока на подготовка на земјата кон НАТО и кон Европската унија. Тоа е наш приоритет, тоа е наша шанса. Паралелно со тоа, ние, практично не само што се подготвуваме, туку паралелно го подигаме квалитетот на живеење на граѓаните на Република Македонија. Паралелно ги зголемуваме стандардите на живеење во Република Македонија. Практично, се што правиме е она што го бара НАТО од нас и она што Европската унија го бара од нас, тоа е подобрување на стандардите на живеење во Република Македонија.

Имајте го тоа на ум, сите граѓани да го имаат на ум дури и кога се носат тешки одлуки, дури кога некои од одлуките изгледаат тешки на прв поглед, дека пред се Владата работи на подобрување на квалитетот на животот, подобрување на стандардите на животот и она што се вика напредок и прогрес во живеењето во Република Македонија, а паралелно со тоа течат и подготовките за влез на Македонија во НАТО и Европската унија.

Со ова би се заблагодарил на вниманието, а со внимание ќе ги слушам сите ваши размислувања, дебати, критики, сугестии и тн. Благодарам.

(Аплауз).

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Алити, процедурално.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Георгиевски.

Јас, во име на парламентарната група, се разбира и во име на сите оние кои се заинтересирани да ги испушаат двете страни што постигнаа договор, барам еден час пауза, со цел да се добијат стенограмите од говорите што ги слушнавме и, откако ќе ги добиеме стенограмите, предлагаме како парламентарна група лидерот на ДУИ, господинот Али Ахмети да земе збор по однос на потигнатиот договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

Така што мислиме дека ќе беше многу коректно за јавноста, истовремено и за пратениците кои покажаа интерес да испушаат од двете страни за тоа што е договорот меѓу двата политички субјекти кои победија на последните избори во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза од еден час.

(Џагор во салата, со барање збор процедурално).

Повелете, повелете.

(Пратеникот Јани Макрадули бара збор процедурално).

(Присутните пратеници по објавувањето на паузата стануваат).

Знам, за тоа што се договаравме. Повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе...

**Љубиша Георгиевски:** Само еден момент ве молам, во иста функција е процедуралната интервенција на Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

За зголемување на ефикасноста на работата, јас, како еден од предлагачите, бидејќи поголем дел од пратеничката група на СДС е предлагач на оваа точка, барам, бидејќи 2/3 од излагањето на господинот Груевски се однесуваше на договорот со ДУИ, сега да го слушнеме господинот Ахмети, потоа да добиеме стенограм од сите три

излагања. Многу поефикасно и порационално ќе биде за да знаеме како да ја подготвиме нашата дискусија. Многу рационален предлог.

Би сакал да ве замолам да го ставите ова или на гласање или да ја разгледате оваа варијанта.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Макрадули, вашиот предлог можеме да го разгледаме на координација, затоа што за време на паузата беше договорено во сала “Охрид” да држиме координација.

Благодарам, еден час пауза.

(Паузата започна во 12,54 чсот)

(По пауза од еден час, седницата продолжи во 13,56 часот.

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, поради консултации кои сеуште траат во Охридската сала помеѓу партиите кои се застапени во Парламентот, објавувам пауза за ручек до 15,00 часот. Ви благодарам.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,57 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места, ќе продолжиме со седницата.

(Минуваат минути на чекање).

Дами и господа пратеници, продолжуваме со седницата.

Дозволете ми најпрвин да објаснам зошто дојде до задоцнување. Сеуште не се составени, дефинитивно, списоците на говорниците.

Сакам да ве известам и јас од ова место како се договоривме каква да биде процедурата во продолжувањето на седницата.

Седницата би требало да трае до 24,00 часот, не повеќе.

Второ, времето на седницата (реакција од пратениците), ве молам без коментари, сето ова го знаете, со чесни исклучоци од неколку души, од вашите координатори, ништо ниво не кажувам. Сите имавте координација.

Времето за говор е распределено помеѓу позицијата и опозицијата. Опозицијата има 180 минути, а позицијата 150 минути. Секој говорник троши од тоа време. Значи, ние овде го мериме секој говорник, без оглед дали е за говор или е за реплика, го мериме секој говорник на страната на која припаѓа. Тоа е основниот договор.

Инаку, сценариото за говорниците однапред фиксирано е една од причините зошто доцниме со седницата затоа што тоа фиксирање не е завршено, меѓутоа, фиксирани се партиите и се надевам дека нема да дојде до недоразбирање, а шефовите на пратеничките групи нешто ќе доменаџираат за време на говорите, ќе имаат време. Се е фиксирано во таа смисла, така ќе продолжиме, да не се чудите.

Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на извршната власт.

Апсолутно го почитувм договорот, вие рековте оние кои имаат координатори на пратенички групи, а оние што немаат координатори што се независни пратеници, како мене, сакам да ми објасните по кој принцип ние ќе можеме да ја кажеме нашата верзија на она што денеска сметаме дека треба да го кажеме.

Во тој сегмент процедурално за да знам како да ...

**Љубиша Георгиевски:** Се разговараше и за тоа, останува и за помалите групи извесно време, на едната страна 40 минути, на другата 40 минути. Има оставено време по договор, не сте прескочени, така што и тоа ќе функционира.

**Есад Рахиќ:** Не само ова, имам сознание дека сте разговарале на дел од етничките заедници да се даде збор на еден од тие пет души.

**Љубиша Георгиевски:** Не.

**Есад Рахиќ:** Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Имаше таков предлог, но далеку бевме од тоа затоа што јас прв кажав дека тие не можат да се подведат под еден заеднички именител. Ви благодарам.

Продолжуваме.

Прв има збор господинот Али Ахмети, повелете.

Се извинувам, заборавив да кажам дисплејот веќе не важи, се е фиксирано. Дисплејот ќе биде ангажиран само за реплики и контра реплики. За да имаме контрола.

Повелете господине Ахмети, имате збор.

**Али Ахмети:** Ви благодарам господине претседател на Парламентот, почитувани пратеници и госпоѓи пратеници.

Ја користам приликата да дискутирам отворено за тоа што се случи во Македонија во текот на последните два месеци. До колку Молијер беше жив сигурно ќе напишеше една убава комедија. Има договор или има дефекти. Дали има договор или има дефекти? Дали е во ред?

Заради вистината работите треба да се кажат така како што се и да не добиваат толкувања со цел Парламентот на Република Македонија да го претвориме во театар каде ќе демонстрираме кој е поголем патриот, кој има повисоки вредности затоа што од нас, сите оние што не гласале, очекуваат нашата земја да чекори напред во насока на подобрување на животниот стандард, во насока на подобрување на статусот на албанската заедница и на другите заедници кои биле дискриминирани, во насока на имплементација на стандарди кои се во согласност со стандардите кои од нас ги бара НАТО, кои ги бара Европската унија.

Секогаш сум бил против и силно ќе се спротивставам на кулуарските договори, на црвените подруми каде политичарите прават

договори за тоа кој ќе биде поголем патриот за да излезе тука говорница и јавноста да ракоплеска дека Никола Груевски беше поголем патриот или Али Ахмети е поголем патриот или Мендух Тачи е поголем патриот.

Земјата се соочува со сериозни ситуации. Регионот се соочува со сериозни ситуации и овие сериозни ситуации бараат внимание, бараат пристап кој ќе биде сериозен и треба да има државници кои ќе имаат смелост да дејствуваат во согласност со овие ситуации кои се создадени.

Ние сакавме да придонесеме во насока на стабилизација, ние сакавме да придонесеме во насока на мир, одржлив мир во Република Македонија и како што Македонија беше лидер за регионот така да продолжи и за следните четири години.

Сите вие знаете дека ние го напуштивме Парламентот на Република Македонија и тоа не без причина, почитувани колеги, затоа што токму тука почна уништувањето на она што беше изградено изминатите четири години. Токму тука почна уништувањето на сите оние придонеси кои овој Парламент ги даде во насока на водењето на процесите во насока на имплементација на договорот во насока ние да стекнеме статус на кандидат за Европска унија. Ова го велам со полна одговорност затоа што јас на крајот на 2006 година очекував Македонија да почне со преговорите за зачленување затоа што така ми беше изјавено од многу персоналитети од Европската унија. Меѓутоа, за жал, ова не се случи и ниту еден документ до сега, документ кој произлегува од канцелариите во Брисел, не говори оптимистички, не говори за тоа да сме во потребните чекори и текови и колку што е можно побрзо ги почнеме разговорите за зачленување во Европската унија, во Парламентот на Европската унија.

Имајќи ги предвид овие ситуации ние инсистиравме да имаме отворен дијалог, да се договориме за прашањата кои ние сме ги покренале, прашања кои, до колку се решат успешно и до колку недостасува добрата волја, сигурно нема нерешливи прашања. Заклучно од сите разгвори произлезе тоа што ние постигнавме договор со господинот Никола Груевски. Овој договор беше прифатен на 29 мај. Јас не бев за тоа договорот да не се објави.

Страната со која преговаравме ги има одржливи или неодржливи истите. Меѓутоа, јас бев за тоа да се објават работите, да се каже вистината за тоа што стои во овој договор.

Господине Груевски, ние се согласивме, или пак се договоривме, како што се вели договорот, партиите се согласуваат за една листа од 46 закони, во форма на еден, за кој што се бара Бадинтерово гласање. Според Деловникот на Парламентот, двете страни се согласуваат да не се спротивставаат на опфаќањето на Деловникот во работата. Вие рековте дека се 45 закони. Јас ќе ве молам да не придонесуваме повеќе во насока на понатамошна комедија, затоа што не е добро ниту за нас. Договорот е 46 закони. Добри, лоши, тоа е договорот.

Втора точка партиите се согласуваат за рекомпонирање на Комитетот за меѓуетнички односи во текот на еден месец од датумот на овој договор. Партиите се согласуваат во текот на следните три месеци да изготват и поднесат за усвојување на Парламентот закон со кој ќе се уреди работата на комитетот, што се однесува само на методата на компонирање на истиот. Овој три месечен период почнува по донесувањето на Деловникот на Парламентот. Деловникот на Парламентот треба да се усвои еден месец по постигнувањето на овој договор.

Точка 3. Партиите се согласуваат да го адресираат прашањето на безбедноста, материјалната, социјалната безбедност на борците од 2001 година и нивните семејства.

Партиите се согласуваат за предложување на работна група во однос на овие прашања.

Точка 4. Партиите се согласуваат да изготват и да поднесат за усвојување на Парламентот закон за употребата на јазикот, што е во согласност со Рамковниот договор и со амандманот 5 од Уставот.

Партиите се согласуваат за работна група во однос на ова прашање.

Со враќањето на ДУИ во Парламентот, точка 5, партиите се согласуваат за продолжување на дискусиите во однос на прашањето на методата за формирање на Влада. Овие 5 точки се консолидирани на 29 мај меѓу двете партии ВМРО ДПМНЕ и ДУИ, во присуство на претставници од Мисијата на САД и амбасадата на САД и ДУИ ќе се врати во Парламентот после усвојувањето на овој договор.

Автентичниот текст на овој договор е на англиски јазик, дами и господа. Господинот Никола Груевски, првото и второто прашања кои што ги имаше опфатено во три точки кажа една вистина дека, истата стои, меѓутоа, во точка 3, 4 и 5 ние се обврзуваме да обезбедиме закон во согласност со амандманот 5 од Уставот. Сега не сакам да навлегувам во елаборација на причините зошто треба да се обезбеди тој закон, меѓутоа, бидејќи е задолжително и неопходно да се обезбеди закон за употреба на јазиците затоа што господине Груевски во иднина, доколку говорите албански како и до сега само на собири сигурно дека ќе ве казнат затоа што треба закон за употреба на јазиците кој ќе биде во согласност со Охридскиот договор, во согласност со Уставот на Република Македонија.

Овде,не сакам да навлегувам и да елаборирам за тоа дали ќе биде албанскиот јазик втор службен јазик затоа што ние не можеме да ги категоризираме јазиците дали некој ќе биде прв, втор, трет или четврт, дали е или не е службен

јазик. Се знае како треба да се уредат овие прашања.

Точката во однос на поранешните борци на ОНА, почитувани дами и господа, за жал, неколку пати се земало на големо тоа дека јас се заканувам, јас сум закана за Македонија велејќи дека треба да застанеме и да се потсетиме на минатото. Не само нашето минато, туку и на целиот регон е многу горко минато и на ова треба да се сеќаваме и да се потсетиме затоа што потсетувајќи се на ова болно минато сигурно дека ќе изградиме една побезбедна иднина за нашите деца затоа што на крајот на краиштата значителен дел тука сме родители. Не сакаме на следните генерации да им оставиме запален оган, оган на големи конфликти кои се случија на крајот на овој век и на почетокот на овој. Зошто немаме смелост на крајот на краиштата ние тука во Македонија, зошто не поставиме стандарди кои ги поставија французите и германците. Вие знаете дека за (не разбирливо) се убија 14 илјади француски деца и сега границата меѓу Франција и Германија воопшто не постои. Вие сигурно знаете дека Париз во текот на една ноќ војската на Бизмарк уби 32 илјади војници за една ноќ, сепак омразата престана. Која е причината што ние не одиме на тоа да си помогнеме едни на други тоа минато да не ни се повтори и тоа да припаѓа на историјата а ние да изградиме иднина. Доколку ние се покажеме тврдоглави, доколку ние се покажеме “патриоти” сигуро дека нема да придонесеме за иднината.

Сигурно дека минатото може и да се повтори. Затоа, ова што го велам не се закани, туку се моменти што ние треба да ги разгледаме, да седнеме и да извлечеме поука.

Господине Никола Груевски,

Би ве замолил да не произведувате непријатели, затоа што нерешавајќи ги проблемите, сигурно дека ќе се произведат и противници, ќе се произведат и непријатели. Така што, вие и ние, сите заедно треба да бидеме смели, храбри, затоа што моментот бара смелост и храброст за дејствување.

Охридскиот договор е меѓународен договор. Охридскиот договор е единствен меѓународен документ што се имплементира. Охридскиот договор го гарантираат САД, Европската унија и НАТО. Механизми во кои што ние претендираме да бидеме член, како во НАТО, така и во Европската унија.

Со тоа што не го почитуваме Охридскиот договор и сигурно со тоа што не го почитуваме и договорот од 29 мај, сигурно дека ќе ни биде многу тешко да ни се отворат вратите за зачленување или пак за почеток на преговори за зачленување во Европската унија.

Јас внимателно, меѓутоа и со жалење ги проследив вашите изјави во однос на Резолуцијата што беше изгласана во Европскиот Парламент со 550 гласа за и 47 гласови против. И вие, дадовте една изјава, рековте дека не се обврзувачки резолуциите, ставовите на Европскиот Парламент. За тоа ќе се одлучи во Комисијата на Советот на Европа. Сугурно дека се приоритетни одлуките на Европскиот Парламент, затоа што таму се над 20 и повеќе држави. Во тој Парламент гласале 550 пратеници за овој договор, затоа што е во прилог на Македонија, затоа што е во прилог на граѓаните на Македонија, е во прилог на Албанците и во прилог на Македонците.

Вие рековте дека господинот Солана бил многу ентузијазмиран и воодушевен од работите како течат во добра насока во Република Македонија. Да ви ја кажам вистината, искрено, во еден момент застанав и помислв можеби има двајца Солани во Брисел. Еден говори со вас, а другиот говори со мене.

Се знае дека размислувањата, сугестиите, било на господинот Солана, било на господинот Оли Рен или од Вашингтон се во насока дека во Македонија се потребни коренити реформи, дека треба целосна имплементација на Охридскиот рамковен договор. Во Македонија треба да се реализираат сите права на Албанците, етничките Албанци. Ова се сугестиите на Брисел, ова се сугестиите на Вашингтон.

Доколку мислиме дека не треба да бидеме дел на НАТО структурите, доколку не сакаме да бидеме дел на обединета Европа, тогаш е сосема друго прашање. Мене ме загрижува дека во вашиот план, во вашите програми малку место завзема ова прашање, толку значајно за сите граѓани на Македонија, како што е Европската унија, како што е НАТО.

Сите се согласуваме дека треба да имаме економска програма. Но, без политичка стабилност, не можеме да имаме прогрес во стопанството, без политичка стабилност. Може да заборавиме дека може да имаме некоја сигурна перспектива во стопанството, во прв ред напредокот во економијата да зависи од стабилноста во политиката. Доколку успееме прашањата што сме ги поставиле да ги решиме успешно, сигурно дека ова нема да недостасува. Можеме да ги фатиме чекорите и можеме да бидеме во времето и во потребниот момент доколку со сериозност и храброст ги имплементираме договорите и имплементираме еден значаен договор како што е Охридскиот рамковен договор.

Јас не сакам да се продлабочам во однос на патриотизмот, не сакам уште еднаш да се повторам, бидејќи не е за кулуарни работи, кога се вршат стратегии во однос на тоа кој политичар ќе говори и кој политичар ќе биде понационалист пред своето гласачко тело. Бидејќи, на крајот на краиштата мислам дека ова е почетокот на 21-от век. И оние чие мото беше национализмот се знае каде завршија. Така што, да би решаваме проблемите што навистина имаме обврска кон нашите граѓани и имаме обврски кон новите идни

генерации, имаме обврски кон нашава земја што не создала, бидејќи оваа земја, господине Груевски, колку е твоја, толку е и моја. Не треба да си замеруваме бидејки ние бараме стандарди, бараме унапредување на албанското прашање, бидејки на крајот на краиштата Албанците не се малцинство дојдено од некоја друга земја, туку се на своите огништа, на огништата на своите прадедовци. На крајот на краиштата на ова заедничко поднебје сме живееле и треба повторно овде да живееме заедно. Тоа е нашето минато. Не можеме да го измениме. Не можете да го измените ниту вие, ниту јас можам да го изменам ова. Не мислам дека е добро вие да излезете и да зборувате дека албанскиот јазик не може да биде службен јазик. Чекајте, да зборуваме околу тоа, да видиме, да го видиме Охридскиот рамковен договор, да го прелистаме Уставот, нека работат работните тела, да не даваме предвремени изјави, бидејки на овој начин се оштетува процесот. Ние се одалечуваме од целта зад која јавно сите сме се произнеле, бидејки овде натпреварот може да се разбере, кој е најак пропагандист за да се интегрира Македонија во НАТО, да се интегрира во ЕУ. Но и НАТО и Европската унија бараат стандарди затоа што за да станеме пријатели со нив треба да имаме исти стандарди, исто како нивните. Ние говорејки, спротивставувајки се и спорејки со говори, спорејки на правилни мислења, позитивни мислења, сигурно дека се одалечуваме од оваа заедничка цел.

Јас уште еднаш ви благодарам за вашето внимание. Сакам да бидеме конструктивни, да бидеме граѓани кои почитуваат договори, било и лоши договори, но сигурно дека почитувајки ги договорите ние можеме да одиме напред, можеме да гарантираме перспектива и можеме да го зајакнеме мирот, стабилноста, безбедноста и во однос на нашата земја, но и за регионот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници после овие излагања од страна на воведничарот и господинот Ахмети, јас сметам дека не е Република Македонија во криза, туку опозицијата е во тешка криза, или во кома.

(Негодување во салата)

Но со оглед на тоа што господинот Ахмети имаше долго излагање, предлагам да ги добиеме стенографските белешки од излагањето на господинот Али Ахмети и затоа предлагам 30 минути пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Павле Трајанов побара 30 минути пауза и има право на тоа.

Давам 30 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,43 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Три мунути процедурално пратеникот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, претседателе на Владата и колеги пратеници.

Го користам правото согласно членот 77 од Деловникот како еден од предлагачите на законот на колегите пратеници кои се пријавени уште еднаш да им повторам што беше интенцијата на иницијаторите, затоа што овде има иницијатори, има пратеници кои подоцна се приклучија на оваа иницијатива. Значи, иницијативата беше дадена со цел да се надмине политичката криза и да се разрешат некои дилеми. Начинот на кој почна да се води расправата, односно деловнички да интервенира колегата Трајанов, ме натера да интервенирам со една забелешка дека предлагачите го задржуваат правото ако дискусите на пратениците отидат во правец да ја продлабочуваат кризата, а не да бараме решенија да го искористат членот 77 и да ја повлечат иницијативата. Јас не верувам дека ова ќе се случи, затоа што на почетокот тројцата говорници, посебно претседателот на Владата и претседателот на ДУИ ја разрешија главната дилема. Значи, овде имаме договор. Значи, јас не сакав овде да бидам професор по право, а сакав тоа на моменти да го кажам и да дефинирам дека договор е согласност на волјите на две, или повеќе договорни страни. Бидејќи имаше дилеми и премиерот. Гледам дека и тој веќе не остава дилеми дека има договор. Ако е пред нас дилемата, дали има три, или пет точки, очекувам дека пратениците ќе помогнат пред се на Владата за да помогнат и на самите себе како да изнајдеме решение да ги затвориме двете прашања што независно тука одговараме директно на претседателот на Владата, дали претходно давал ветување еден премиер, или сега друг треба да најде решение на сето тоа. Не треба да бегаме дека во минатиот период сите заеднички од коалицијата, но и со поддршка на опозицијата стигнавме до статусот кандидат за членство во Европската унија. Не велат денеска дека Владата на Бучковски, на Костов, или на Црвенковски го обезбеди тоа, Македонија има статус кандидат. Македонија има и незавршени работи. Овој дел, значи употребата на јазикот и околу статусот, социјалниот статус на поранешните припадници на ОНА е отворено прашање. Јас верувам дека колегите сите што ќе дискутираат, јас ќе дискутирам, ќе дадам свое мислење како треба ова да го решиме. Да се обидеме на крајот да изградиме заеднички став како да ги надминеме проблемите, а не да продолжиме да се надмудруваме и да ја продлабочуваме кризата. Така барем ние иницијаторите сметавме дека денеска треба да се одвива оваа дискусија.

Верувам дека во тој правец ќе следат и дискусиите на колегите пратеници за да на крајот можеме да констатираме дека формиравме веројатно некоја работна група која ќе операционализира некои заклучоци. Во Акциониот план евидентно е дека веќе се наоѓаат три точки за кои никој до сега не спори дека ги договориле ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. И за двете клучни прашања што не може дефинитивно да ги решат само две партии. Тоа е за оние кои добро го познаваат правото. Значи, има договори кои не зависат само од договорните страни, има договори со услов. Овде има услов, ако Парламентот сака да се придружи и да бараме решение за овие две прашања, јас ви реков јавно дека сум подготвен на таа страна да ја водам и мојата дискусија.

**Никола Груевски:** (од место)

Јас барам процедурално.

**Иван Анастасовски:** Вие не можете процедурално. Бидејќи имаме почитуван премиер договор однапред прецизно направен. Согласно членот што го бараше господинот Бучковски тоа сепак, треба овластениот предлагач да го каже. Тој е потписник. Меѓутоа, 60 луѓе се приклучија на таа иницијатива. Во секој случај јас сакам да се држиме до она што се договоривме на координација и да го почитуваме времето кое го договоривме и за позицијата и за опозицијата.

Еве, една минута како овластен предлагач.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Значи, самата формулација на точката на дневен ред бара од нас како пратеници конструктивност кон надминување на она што го имаме како криза. И замолувам повторно. Добро, нека нема криза, има нешто друго, има нешто што треба да решиме. Според тоа, да влеземе во конструктивност и некои работи да ги надминеме и да се наминеме себеси, да дојдеме до решение, до акционен план што не води безбедно во прави води. Од тие причини она што господинот Бучковски го сугерираше , јас апсолутно како иницијатор го поддржувам.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме согласно договорот.

Прв според ова што е на списокот од координацијата има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван премиер, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници, се радувам што ја имаме денешнава седница која што е од огромно значење за интересите на Република Македонија и за иднината на сите граѓани на Република Македонија. Како што знаеме сите точката на дневен ред ни е, постигнување на парламентарен договор за продолабочување и унапредување на сите неопходни реформски процеси кон кои Република Македонија како кандидат за полноправно членство во НАТО и почеток на преговорите за влез на Македонија во Европската унија. Треба и мора да ги заврши макдимално ефективно.

Повторно ќе кажам, се радувам заради тоа што имаме само уште речиси 90 дена, ако ги тргнеме одморите, временски период во кој што мора сите и опозицијата и парламентарното мнозинство во овој Парламент и извршната власт да работиме на нашата агенда, да работиме на исполнувањето на критериумите кои што од нас се бараат, кои што ги бараат граѓаните на Република Македонија преку огромниот консензус од над 90% од граѓаните кои што сакаат Македонија да ја видат во НАТО и Европската унија. Бидејќи ние сме претставници на тие граѓани кои што тоа го сакаат, треба да работиме на тоа. И повторно ќе кажам, се радувам за денешнава седница заради тоа што тоа е единствена можност на овој начин да искажеме се она што ни стои во срцата на секој од нас, сите обвинувања, сите лоши зборови кои што беа искажани во претходниот период како резултат на тоа што ВМРО-ДПМНЕ смогна сили и седна да разговара со една политичка партија која што беше надвор од Парламентот, тоа е политичката партија ДУИ. Значи, тоа го направивме заради тоа што се чувствувавме дека ние сме тие кои што ја сносиме најголемата одговорност за состојбите во земјата заедно со нашите коалициони партнери. И беше обврска на сите нас овде во Парламентот, не само на парламентарното мнозинство да профунцкионираат институциите, односно Парламентот да работи во комплетен состав и да не добиваме континуирани критики ниту од Брисел, ниту пак од НАТО членките дека немаме политички дијалог во Собранието на Република Македонија и дека тоа е причина во иднина можеби да не добиеме членство во НАТО и во Европската унија. Имавме обвинувања дека имало некаков скопски договор, дека сме правеле заговор против Република Македонија, дека сме извршиле предавство на граѓаните на Република Македонија, дека сме го прекроиле Охридскиот рамковен договор, дури дека сме се согласиле и за уставни измени. Јас се радувам што денес во дискусијата господинот Ахмети кажа, што е тоа што е разговарано, што е тоа за што е постигната согласност со еден сосема мал пропуст во неговото кажување на точка 3 од она што е разговарано. Меѓутоа, можеби не намерно тоа е направено. Во текот на мојата експликација јасно ќе посочам што е тоа што е разговарано, за што е постигната согласност, за што не е постигната согласност и кој е тој пропуст што беше искажан од страна на господинот Ахмети. Зошто ВМРО-ДПМНЕ, повторно ќе кажам во име на коалицијата прифати да разговара со политичката партија ДУИ? Мислам дека тоа многу добро во интервјуто амбасадорот Миловановиќ го дефинира со зборовите: целта на вербалниот договор е да се разговара за да може да функционира демократијата во институциите. Значи, целта беше да се врати ДУИ во Парламентот на ДУИ и овде сите политички партии, она што го разговаравме, она за што постигнавме согласност, сите ние заеднички преку Собранието

на Република Македонија да го потврдиме, да ги кажеме нашите ставови, да ги кажеме нашите размислувања дали поинакви или идентични, тоа е право на Парламентот и на секоја парламентарна група. Меѓутоа, во име на коалицијата и политичката партија ДУИ се постигнати согласности за три работи. И тие работи беа искажани овде од страна на премиерот и од страна на господинот Ахмети.

Од белешките кои што ги водеа претставниците на Меѓународната заедница кои што присуствуваа на овие разговори можам да кажам повторно, кои се работите за кои што постигнавме согласност. Бидејќи и јас бев учесник и предводник на групата која што разговараше со политичката партија ДУИ, можам да тврдам дека онаа што е белешка направена од страна на Меѓународнта заедница е точно одраз на она што го разговаравме со ДУИ.

Во точка 1 јасно стои: партиите се согласија за листа од 46 закони во кои што влегува и законот за јазици. Дилемата која што беше поставена од господинот Ахмети за 45 закони што ги кажа премиерот е само заради тоа што 46-от закон, законот за јазици не можеме да го ставиме во Деловникот за работа на Собранието, бидејќи ваков закон не постои сеуште во правниот систем на Република Македонија. Ние сме обврзани како политичка партија, како коалиција, бидејќи дадовме согласност и за закон за јазици кој што би требал, ако се постигне согласност да помине низ собраниска процедура и тој да се гласа со Бадентер. Тоа впрочем многу јасно го кажува и амандманот 5 од Уставот на Република Македонија и ние не смееме да одиме надвор од Уставот на Република Македонија. Во него многу јасно се кажува дека, амандман 10 во став 2 за закони кои што директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието и тн. дека ќе гласаат со Бадентер. Значи, и да сакаме ние да избегнеме, ако веќе некој има дилеми, ако мисли дека не сакаме да почитуваме она за што сме дале согласност, не можеме заради тоа што тоа е уставна обврска. Ваквиот закон кога ќе се постигне согласност и ќе влезе во собраниска процедура мора да се гласа со Бадентер. А што ќе содржи тој закон. Јасно и гласно е кажано во точка 4 дека законот за јазици, партиите се согласија да подготват и поднесат за донесување до Парламентот закон за употреба на јазиците кое е целосно во согласност со Рамковниот договор и со амандман 5 од Уставот на Република Македонија. Партиите се согласија да продолжат разговорите околу ова прашање на ниво на работна група. Значи, најпрвин обврска е, значи не бегаме од обврската за овој 46-ти закон дека треба да се гласа со Бадентер. Тоа останува, бидејќи е постигната ваква согласност и е уставно решение и е уставно барање за сите нас како пратеници во Собранието откако ќе се постигне согласност. Меѓутоа, сите одредби на овој закон изрично беше кажано, мора да почиваат на Уставот на Република Македонија. На амандман 5 онака како што е дефинирано каде се се употребува албанскиот јазик, односно јазикот на етничката заедница каде што има над 20%. Значи, врз основа на Уставот и врз основа на Охридскиот рамковен договор ќе се прави текстот на законот за јазикот. Тоа ќе биде сублимат фактички од законските решенија кои што во моментов постојат скоро во сите закони каде се регулира прашањето за јазикот. Значи, треба да се соберат овие одредби, да се стават на едно место и тоа да биде една генерална законска рамка за тоа каде се ќе се употребува албанскиот јазик, односно јазикот на етничката заедница која што има над 20%, граѓаните кои што зборуваат на тој јазик во Република Македонија. Значи, тоа е суштината кризна точка 4 на овој 46-ти закон кој што беше предмет на разговор и за кој што е постигната согласност дека откако ќе ги усогласиме решенијата ќе влезе во собраниска процедура.

Сега ќе се осврнам на точка 2 од нашиот разговор за кој што исто така е постигната согласност. Значи, зборувам сега и читам од белешките кои што ги има водено од нашите разговори претставниците на Меѓународната заедница. Тоа многу добро го знаеше и СДСМ и сите други политички партии од опозицијата. И жал ми е што неосновано сиов овој период имаше обвинувања дека се правеле некакви тајни договори зад грбот на граѓаните и дека СДСМ не знаел, дури пак и господинот Бучковски пред само една недела има кажано на 57-та седница дека пратениците се доведени пред свршен чин, бидејќи незнаат која е целта на договорот ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Откако Европскиот парламент посочи дека договорот го смета за услов за добивање датум на почеток на преговорите во Европската уија.

Почитувани колеги, жалм што неосновано без никакви аргументи можеби не ве информирала вашата претседателка на партијата, дека повеќе од еден месец премиерот Груевски ги извести сите лидери на политичките партии кои што учествуваат во работата на овој Парламент од точка до точка се она што е разговарано, за што е постигната согласност, а за што треба да се продолжи во иднина разговорите во Собранието на Република Македонија. Значи, пред еден месец е разговарано за тоа, кажани се сите точки за кои е постигната согласност, за кои не е постигната согласност. И жалам што еден месец после тоа имав можност да слушам од моите почитувани колешки дури и во Стејд Де Партментот, кај високи претставници на американската администрација дека тие не знаат што е договорено, односно што е разговарано до политичката партија ДУИ. Значи, лидерите не ги известиле пратениците и затоа биле доведени најверојатно во заблуда дека незнаат што е тоа, што е разговарано со политичката партија ДУИ. Во ниту еден момент ниту сме криеле, ниту сме работеле нешто тајно. Уште на самиот почеток на преговорите баравме овде со колегите од ДУИ претставниците на Меѓународната заедница потрошивме повеќе од еден час разговарајќи за

тоа дека потребно е во овој процес да се вклучат сите политички партии посебно политичките партии, големите политички партии од опозицијата и заеднички да ја сносиме одговорноста за завршување на овој процес, заради тоа што политичката партија беше надвор од Собранието на Република Македонија. А излезе надвор од Собранието на Република Македонија заради еден спор овде во Собранието на Република Македонија, а тоа е заради тоа што беше донесен измени и дополнувања на еден закон без Бадентер, а тие сметаат дека треба да се носи со Бадентер, бидејќи претходно бил носен со Бадентер. Значи, основната причина за согласноста која што беше постигната е да ги отстраниме и во иднина ваквите причини за конфликти во Собранието на Република Македонија да ги одземеме и можностите за изговор утре, друг ден некој Бадентеровиот принцип и гласањето на закони со Бадентер да ги користи за правење некакви политички тензии во земјата. Значи, она што треба да го направиме со овој Деловник за работа на Собранието, да внесеме во него листа на закони кои што треба да се гласаат со Бадентер, ќе му овозможи на овој парламентарен состав, меѓутоа на сите идни парламентарни состави да не се занимаваат повеќе со прашањата кои што веќе ќе ги дефинираме во Деловникот за работа на Собранието и ќе кажеме тие и тие закони се гласаат со Бадентер и повеќе нема да има тензии во Собранието на Република Македонија како што имаше во тој момент. Значи, затоа е оваа прва точка и првата согласност што е постигната од листата на закони ккоја што беше дадена над 100 и кусур закони, 46 закони кажавме да, го допираат уставниот амандман 10 и можат да бидат гласани со Бадентер.

Понатаму, во точката 2 се зборува за тоа дека партиите се согласни за рекомпонирање на Комитетот за односи помеѓу етничките заедници во рок од еден месец од датумот на согласноста односно откако ќе биде внесена листата на закони во Деловникот за работ ана Собранието.

Почитувнаи колеги, тоа ВМРО-ДПМНЕ го направи во знак на добра волја, во знак на подавање на рака кон опозицијата, да укажеме дека ние не сакаме да манипулираме со Комитетот за односи помеѓу етничките заедници, бидејки бевме обвинувани дека заради едниот глас повеќе што го имаме во Комитетот, сакаме да манипулираме со меѓуетничките односи и да ги кршиме правата посебно на припадниците на помалите етнички заедници во Република Македонија. Како израз на тоа дека ние воопшто не сакаме тоа да го правиме, кажавме, еве, мнозинството нека го има опозицијата и еден член од парламентарното мнозинство од Македонците, од ВМРО-ДПМНЕ ќе отстапи место на член од опозицијата. Значи, тоа е, повторно ќе кажам во знак на добра волја и во знак на тоа да укажеме дека не сакаме да да манипулираме со меѓуетничките односи во Република Македонија и Комитетот да го инструментализираме.

Понатаму, партиите се согласија да подготват и поднесат до Парламентот во рок од 3 месеци закон за Комитетот за односи помеѓу етничките заедници, што ќе се однесува само на начинот на нејзино составување. Значи, имавме огромни тензии во Парламентот на Република Македонија зошто вака е составен Комитетот за односи помеѓу етничките заедници. Зборувавме дека тоа е принцип за составување на сите пратенички групи, на сите комисии, пратенички групи за соработка со други парламенти. Меѓутоа, никаде не беше наведено на кој начин навистина ќе биде составен Комитетот за односи помеѓу етничките заедници. Дали ќе се почитува принципот кој колку гласови добил и колку места во Парламентот или ќе биде почитуван друг принцип. Тоа е она што треба да се дефинира во закон.

И, најважното прашање околу кое што изби конфликтот, во кој момент ќе се дава изјавата за тоа далинекој е припадник на некоја етничка заедница. И, за тоа, се надевам, постигнавме заедничка согласност со сите политички партии во Парламентот уште пред да разговараме со политичката партија ДУИ, дека мора да има дефинирано момент кога ќе се поднесе изјавата.

Значи, со согласивме дека во овој закон што ќе го регулира работењето на Комитетот за односи помеѓу етничките заедници ќе стои јасно во кој момент ќе се поднесе изјавата и од тој момент да се смета дека пратеникот е припадник на таа етничка заедница и може да гласа со Бадинтер, може да учествува во работата на Комитетот за односи помеѓу етничките заедници. Тоа значи уште една можност за избивање на конфликти во Собранието на Република Македонија, како што сега ни се јави, ја тргаме на страна не само за овој парламентарен состав, туку за сит епарламентарни состави. Верувам дека не постои политичка партија во Парламентот што ќе биде против вакво решение да се стави во закон за Комитетот за односи помеѓу етничките заедници.

Овој тромесечен период започнува по усвојувањето на собранискиот Деловник. Собранискиот деловник треба да биде донесен во рок од еден месец од датумот на согласноста.

Сите знаеме зошто се причините, зошто собранискиот Деловник не е усвоен уште. Се надевам дека ќе се надминеме сите себе си, политичките, значи едно се политички свои гледања како гласачите ќе не гледаат, а друго е интересот на Република Македонија и сите заедно ќе работиме, верувам на тоа, да што побрзо од собраниска процедура излезе Деловникот за работа на Собранието. На тој начин да се гордееме што ќе имаме Деловник што биде европски, меѓутоа што ќе ги регулира и нашите, типично нашите прашања што предизвикуваат конфликти во Собранието на Република Македонија.

И сега, за точката 3, за која што реков дек аимаме мала забелешка дека направи пропуст господинот Ахмети во кажувањето што е тоа што е напишано. Сакам да исправам дека во точката три јасно стои дека партиите се согласија да се осврнат на прашањето за обезбедување материјална и социјална подршка на жртвите од конфликтот во 2001 година. Значи, зборуваме за жртвите од конфликтот. Целиот период на разговори и договори, уште на самиот почеток кога баравме да бидат вклучени сите политички партии, за жал тоа не беше прифатено и продолживме ние во име на Коалицијата да разговараме со ДУИ, тогаш зборувавме за жртви од конфликтот. Затоа, морам да нагласам дека треба ...

(Дофрлање од место)

... треба да се, значи треба и господинот Ахмети да зборува за тоа за што се обврзавме да зборуваме. Не псотигнавме никаков договор, меѓутоа предмет на наши разговори се жртвите од кнфликтот од 2001 година, обезбедување на нивна материјална и социјална положба и нивните семејства во рамките на постојните закони и процедури што веќе се во сила. Значи, во рамките на постојната социјална политика на земјата да се решат прашањата...

(Дофрлања од место)

**Иван Анастасовски:** Ве молам, приврчувајте.

**Силвана Бонева:** ... прашањата на жртвите од конфликтот. Тоа е основната заложба и основната цел на работната група.

(Дофрлање од место)

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

**Силвана Бонева:** Господине потпретседателе,

Во рамките на парламентарната група ние ќе си го разделиме времето...

(Бурни реакции во знак на негодување од страна на опозицијата).

... а не по 20 минути, во рамките на правата на опозицијата.

**Иван Анастасовски:** Овде,согласно договорот стои децидно по 20 минути.

**Силвана Бонева:** Значи...

(Бурни реакции од опозицијата)

Па, се мери времето на секого.

**Иван Анастасовски:** Колешке, колешке...

(Реакциите продолжуваат)

**Силвана Бонева:** Значи...

(Реакции со дофрлања од место)

**Иван Анастасовски:** Јас мислам дека треба да останеме на договорот.

**Силвана Бонева:** Имаме 180 и 150 минути.

(Реакции во салата).

**Иван Анастасовски:** Полека колеги, полека.

**Силвана Бонева:** Мери колегата.

**Иван Анастасовски:** Јас мислам дека треба да останеме сите на договореното.

**Силвана Бонева:** Добро, тогаш може да довршам.

**Иван Анастасовски:** Довршете ја мислата, ве молам, довршете ја мислата.

**Силвана Бонева:** Господине потпретседателе,

Мислам дека не е во ред прекинувањето, бидејки се договоривме 180 минути да има парламентарната опозиција, а 150 минути парламентарното мнозинство и сами да го распределиме времето внатре. Значи, опозицијата не може да кажува дали 20 минути или 25 минути ќе зборува некој од парламентарното мнозинство.

(Реакции со дофрлања од место од страна на опозицијата)

Во ред, сосема за на крај, би сакала да кажам...

**Иван Анастасовски:** Ве молам довршете, ве молам.

**Силвана Бонева:** Би сакала да кажам дека, да упатам повик до сите политички партии во овој Парламент, да се обединиме сите околу заедничката цел и постојаните, со години наназад кажувани декларативни заложби дека сме за НАТО, дека сме за Европската унија, конечно со денешната седница да ги закопаме сите воените секири, да престанеме со плукање едни на други и секоја политичка партија, верувам дека ниту една политичка партија во овој Парламент не сака да биде гробар на сопствената земја.

Затоа, со оваа седница да завршат сите препукувања овде во Парламентот и да се устремиме кон она што постојано ни го кажуваат претставниците на Европската унија и НАТО и она на што укажуваат граѓаните на Република Македонија. А тоа е реформите на кои сме должни да работиме, а тоа е вклучување на сите политички партии од овој Парламент во дијалогот помеѓу политичките партии, вклучување на СДСМ и другите политички партии во опозицијата во работните групи кои ќе зборуваат за прашања што се отворени за овој Парламент. Тоа би билодоказ дека Република Македонија има зрела политичка демократија. Само на тој начин можеме да влеземе во НАТО и во Европската унија...

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

**Силвана Бонева:** ... и да испратиме силна порак адека сите заедно тоа го посакуваме. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Јас ќе се обидам, навистина, бидејки и вие присуствувавте на тој договор, овие две минути што ги имавте дополнително...

(Реакција од страна на опозицијата).

Две минути. Се извинувам две минути.

(Реакции од страна на опозицијата).

Се извинувам, две минути.

Две минути да ги вкалкулираме...

(Пратеникот Силвана Бонева реагира на претседавачот дека не е во право).

... да ги вкалкулираме, бидејки имаме договор. Јас, во принцип сакам да се придржуваме на договорот.

Сака на дисплејот имаме пријавено четворица, а се договоривме по тројца за реплика.

(Пратеникот Кенан Хасипи бара збор процедурално)

Во тој случај, имате право на процедурална забелешка.

Да, да, се извинувам процедурално три минути пратеник господин Хасипи Кенан, повелете.

**Кенан Хасипи:** Господине потпретседателе,

На почетокот на седницата на процедуралната интервенција на господинот Есад Рахиќ бевме уверени дека на претставниците на помалите етнички заедници им е издвоен простор за дискусија. Меѓутоа, во контакт со вас дознавме дека не сме на листата на дискутанти за денешнава седница.

Сакам да ве потсетам дека во оној ред таму не седат мајмуни, туку легитимни претставници на 13% популација во Република Македонија. Исто толку паметни, ако не и попаметни и поцивилизирани од другите претставници кои седат овде на овие клупи.

Немојте да дозволите, на еден нецивилизиран начин да го спречиме натамошното одвивање на седницата. Јас сум подготвен од овој момент да не ја напуштам говорницата и дури ако е потребно на секој дискутант да му го попречувам микрофонот, да зборува, доколку во меѓувреме потпретседателите и претседателот на Собранието не седнат и не ни дадат простор, не на крај на седницата, бидејки не можеме секогаш да ви бидеме "колатерална штета". Туку, во еден пристоен временски интервал за да и ние го кажеме нашето мислење.

Ова се случува по втор пат, бидејки еднаш, кога се дискутираше за доверба на Владата, грубо и на непримерен начин ни се одзема правотона збор во ова Собрание. Ова, нема втор пат да ви успее, бидете уверени. Ако е потребно и со акустични помагала и физички сме подготвени да го штитиме нашето право.

Од овој момент или дајте пауза да се договорите, или јас нема да ја напуштам оваа говоринца.

**Иван Анастасовски:** Јас можам само да ви одговорам почитуван колега бидејќи и мене ме прозвавте, на координација се договоривем во тоа време кое го распределивме помеѓу парламентарната позиција и опозиција , 180-те минути што припаднаа на парламентарната опозиција да влезете и вие како заедница. Ако добро се сеќавам.

**Кенан Хасипи:** Кога е тоа, сакам да знам?

**Иван Анастасовски:** Тоа беше на втората пауза после експозето на премиерот.

Меѓутоа, кога седнав овде на ова местокако претседавач, јас, во списокот што беше доставен претходно,не видов дека ве има вас како пријавен, односно дел од тој договор. Затоа ве информирав, што е коректно.

Јас сум подготвен, да бидамискрен, да го испочитуваме тој договор и ако треба, ова што вие го кажувате, да дадам пауза, бидејки вие не можете да ја побарате паузата, немате деловничко право. Јас можам, се со цел за да се надмине оваа ситуација и да продолжи расправата.

Ако дозволите, бидејки координаторот на пратеничката група на СДСМ се јавува за збор процедурално, кој учествуваше во тие разговори може нешто да додаде и помогне во таа насока, од тоа време што го договаравме.

Ако дозволите да му дадеме три минути збор на господинот Макрадули јани, повелете.

Три минути процедурално Јани, повелете.

(Пратеникот Кенан Хасипи не ја напушта говорницата)

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе,

И вие бевте на координацијата кога просторот од 180 минути го распределивме 4 пратеници од СДСМ , 2 од ДУИ и 1 од ЛДП, што вкупно правата 140 минути и во преостанатите 40 минути рековме, отстапуваме простор за еден од претставниците, ќе влезат и репликите тука, значи ние како опозиција отстапуваме дел, за еден, нека отстапи и позицијата еден од својот простор, за настап на еден од помалите етнички заедници. И, не знам зошто тоа не е испочитувано. Мислам дека тоа се договоривем на координацијата.

**Иван Анастасовски:** Јас, апсолутно го почитувам тоа и стојам на тоа, но кога седнав овде на списокот немаше ниту еден ...

(Дофрлање од место).

... јас можам, согласно тоа време што вие го кажавте, бидејки вие рековде еден до двајца, може и до двајца во времето од 40 минути.

**Кенан Хасипи:** Ќе ве молам господине потпретседателе,

Јас предлагам вака, на по двајца дискутанти од опозицијата и позицијата третиот да биде од помалите етнички заедници.

(реакција од пратениците во салата).

**Иван Анастасовски:** Не, јас не би сакал искрено сега да лицитирам овде на говорница, јас ...

**Кенан Хасипи:** Па еве, одлучува Собранието. Не можете вие петмина да одлучувате за Собранието.

Ставете го предлогот на гласање.

Барам подршка од 10 пратеници да се стави предлогот на гласање.

(Повеќе од 10 пратеници од страната на опозицијата креваат рака).

После два дискутанти да има еден претставник од помалите етнички заедници.

**Иван Анастасовски:** Дали имате ...

(Реакции од место).

**Кенан Хасипи:**Има, има, има. Има и повеќе.

**Иван Анастасовски:** Јас мислам дека не е коректно да се надгласуваме, туку да го изменаџираме овој процес и да најдеме простор вие да бидете во списокот за дебата. А, верувам дека ќе има простор тоа да се направи. Убеден сум, бидејќи така се договоривме.

Затоа, јас ќе дадам 10 минути пауза ова да го надминеме и да го решиме овој проблем.

(Бурни рекации во знак на негодување од страна на пратениците).

Ви благодарам.

(Пауза од 17,17 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,25 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Јас смо можам да констатирам дека овој проблем е надминат. Можеме да продолжиме со работа согласно договорот.

Повелете, три минути реплика пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Она што го слушнавме од госпоѓата Бонева само е потврда дека не опозицијата туку Груевски и ВМРО-ДПМНЕ е во тешка криза заради тоа што она што го слушнавме е само правдање и прераскажување на нешто што постои, а тоа денес го слушнавме и од господинот Груевски и од господинот Ахмети, а тоа е договор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

Оној што ја предизвика целата конфузија е токму премиерот Груевски кој немаше доволно храброст да излезе и да каже, откако го постигнаа договорот, дека договорот е постигнат и дека е постигната согласност за овие, овие и овие точки и дека ВМРО-ДПМНЕ и Груевски има преземено обврска за овие, овие и овие точки кои треба да ги спроведе, дали како Влада, дали како парламентарно мнозинство. Сега наеднаш, во ситуација кога Груевски не смогна сили да признае дека седнал да разговара со Али Ахмети, со истиот оној со кој не сакаше да се поздрави, со истата политичка партија заради која ја напушташе собраниската сала, истата политичка партија на која велеше дека ќе и пружа техничка помош, откако излезе од Собранието, за потоа да ја моли да седнат да разговараат и да се договараат за да се вратат назад во Собранието, дека постигна договор и дека меѓу другото точките од тој договор станаа дел од резолуција на Европскиот парламент. Ние немаше денес да бидеме во ваква ситуација во колку Груевски немаше повеќе храброст да го направи тоа. Наместо тоа, сеуште имаме ситуација во која ем имаме договор, ем ВМРО-ДПМНЕ не сака да признае дека има договор, пред се заради своите членови. Еднаш имаме 46 закони, денес да слушнеме Груевски да тврди дека има 45 закони и вие госпоѓа Бонева потврдивте дека е тоа така.

На седницата, на одговорот на пратеничко прашање на госпоѓата Шеќеринска, господинот Груевски вели дека усогласено е да има листа од 46 закони, за само неколку месеци откако треба веќе да почне да се спроведува вашиот договор, денес да слушнеме и од вас и од господинто Груевски дека станува збор за 45 закони. Вие не знаете што да правите со договорот кој го склучивте и не знаете како да се оправдате пред сопственото членство. Не знаете како да се оправдате дека Владата, ќе го цитирам господинот Имер Селмани, има расположение за изгигнување на албанскиот јазик за втор службен јазик во Македонија, а неговата официјална употреба на државно ниво има промовирање во Парламентот преку претседавање на пленарните собраниски седници. И во мислењето кое го добивме од господинот Зоран Ставрески, како мислење од Владата, што е преседан за Деловникот на Собранието на Република Македонија да нема ни збор за овој член на деловникот што вие го предложивте тука.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, поминаа вашите три минути.

**Славица Грковска:** Меѓутоа сакам да ве прашам зошто го сменивте ставот, зошто во претходниот мандат сметавте дека вакво толкување на Уставот е невозможно и заради тоа сметавте и гласавте на Комисијата за деловничко мандатно имунитетни прашања дека не може да се претседава на албански јазик или на друг јазик, освен македонскиот. Како ги менувате ставовите, во зависност од тоа кога сте опозиција и кога сте во позиција. Кога сте во опозиција стенајголемите патриоти, кога сте на власт...

**Иван Анастасовски:** Благодарам госпоѓо Грковска.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, премиерот имаше храброст и само два дена после разговорите, овде во Собранието на Република Македонија ги реферираше сите точки од разговорите и трите согласности кои беа постигнати. За другите три точки воопшто нема никаква согласност.

Понатаму, за јазикот, ние нема што да се правдаме, одбивме двојазичност, ни беше даден Предлог на закон со кој се бараше двојазичност на територијата на целата земја, го одбивме тоа, но кажавме дека ќе продолжиме во иднина да разговараме за закон за јазици кој ќе биде во рамките на Уставот и во рамките на амандманот 5, она што сега постои во сите законски решенија, да биде собрано на едно место.

Во однос на борците на ОНА, она што го кажуваше господинот Ахмети, одбивме воопшто

да разговараме за борците на ОНА, туку разговаравме за жртви од конфликтот. Го одбивме нивниот закон за борците на ОНА.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика, госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Госпоѓо Бонева, иако добивте екстра непринципиелна поддршка од нелегитимниот потпретседател на Собранието, во оставка, претпоставувам, за да добиете, за да легне малку прашината околу вашата нервоза, бидете убедени, јавноста веќе знае, вашата нервоза произлегува од фактот што денес шилото конечно успеа да дојде до горе. Договор има господине Груевски. Меѓутоа денес е многу посуштествено од овде да видиме што доведе до тоа Груевски и Ахмети да  седната натаму да разговараат. Тоа е фактот што лично господинот Груевски ги избрка пратениците од ДУИ, од ова Собрание. Ако мислите дека заедничка цел на ова Собрание е да го вади од калта Никола Груевски, се лажете. Заедничка цел е да ја вратиме Република Македонија на патот кон евроинтеграциите и НАТО интеграцијата.

Да потсетам, Фуере рече - бевте добри и заради тоа го постигнавте кандидатскиот статус. Една година немате напредок. Тоа е годината на власт на господинот Груевски и кажа, срамота. А срамота е тоа што и денес повторно се обидувате да манипулирате. Мислите дека лесно е, бидејќи некој сам седнал и се договара, а вие тек денес господине Груевски најдовте за сходно да дојдете и да обрзложите зошто прво креиравте политичка криза во Македонија, за да морате потоа да седнете и Македонија да ја доведете во ситуација да го исполнува вашиот договор. Политичката криза ја креиравте, еве бидете одговорен, чесен и доблесен, извадете ја Македонија од таа политичка криза, вратете го политичкиот договор. Со вакви седници, со креирање на ваква атмосфера во Собранието, вие ја продлабочувате, ја продлабочувате и носите лина одговорност. Но, денес вие сте во паника. Претпоставувам дека чесните патриоти од ВМРО-ДПМНЕ ви вршат притисок внатрепартиски. Вие денес од оваа говорница се обраќавте токму донив и вие повторно денес не убедивте дека навистина ставивте мораториум на меѓуетничките односи во Република Македонија, а тоа е на ваша лична чест, на ваша лична одговорност. Не е најбитно, господине Груевски вашиот личен рејтинг. Не е тоа најбитно. Најбитно е меѓународниот рејтинг на Македонија пред Европа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам госпоѓа Бендевска, ви истече времето.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке точно е тоа дека јавноста знае што е разговарано и за што е постигната согласност, уште пред неколку месеци, откако премиерот воСобранието на Република Македонија кажа илјада пати до сега, го повтори истото што го слушнавте денес и апсолутно ништо друго.

Вистината и шилото на вистината и денес и сто пати до сега се кажува и ова е вистината, а вие ако сакате да се соочите со реалноста и да престанете да бегате од вистината, дојдете во работните групи заедно да продолжиме да разговараме за прашањата кои се отворени, за кои не е постигната согласност, за кои сме кажале дека ќе разговараме со сите политички партии во Парламентот на Република Македонија. Тоа ќе не одведе напред и тоа ќе го подобри меѓународниот рејтинг на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика, пратеник госпоѓа Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Благодарам.

Почитувана колешке Бонева, сакам да реплицирам на неколку ваши ставови.

Најпрвин мислам дека, да се договорите е прашање на одговорност и прашање на храброст. Токму поради тоа, имајши го предвид фактот дека подолго време стоевме на иста маса и секако се надевам дека така ќе биде и во иднина, сакам да реплицирам на неколку ваши ставови.

Најпрвин, договореното е договор и договорено. Не се тоа белешки на Меѓународната заедница затоа што најпрво, не е ни убаво, не е ни пристојно да ги третираме нашите меѓународни партнери како записничари, затоа што тие не беа записничари во тој договор, туку на крајот на текстот убаво пишува дека тие беа сведоци на договореното.

Кажувајќи 46 закони, да се договоривме за 46 закони, не за 45, при еден процес на преговарање и не можете еднострано да одлучите еден закон да извадите од листата на договореното, затоа што ако нешто е направено билатерално, не може да се извлекува унилатерално.

Во однос на пропустот, како што наведовте вие во говорот на претседателот Ахмети, јас само сакам уште еднаш да ви укажам дека можеби некој друг правеше пропуст затоа што претседателот Ахмети убаво си го читаше текстот на договорот, си ги читаше сите точки на договорот и меѓу другото делот на текстот каде убаво се вели, за одговорносдтите што страните ги преземаат во однос на учесниците на конфликтот. Токму поради тоа сметам дека сериозното однесување кон договорот зборува и за нашата сериозност како политичари и дефинитивно уште еднаш сакам да подвлечам дека ние нема да имаме никаква тенденција да го користиме договореното за популизам или за популистичка политика, затоа што сметам дека земјата има потреба од одговорност, од наша страна како договорени страни, но и од сите други ако вистински сакаме да станеме членка на НАТО и на Европската унија.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, јасно зборував за согласностите кои се постигнати за трите прашања. А она што го читавме и ние и вие и опозицијата, тоа се белешките што меѓународните претставници од нашите разговори ги имаат ставено на хартија. И госпоѓата амбасадор на САД зборува за вербален договор. Значи она што е забележано дека сме се согласиле, ние не го повргнуваме тоа. Зборуваме, да, се согласивме за три точки. Не може еден закон кој не постои во правниот систем на земјата и за кој воопшто немаме дадено никаква согласност, за што немаме постигнато никаква согласност да стане дел од правниот поредок, или пак не влезен во процедура, дакажеме дека ќе се гласа со Бадинтер, а Ахмети читаше од некој текст кој не е дел од забелешките што ги води Меѓународната заедница. Тој зборуваше за борци за ОНА, а ние зборувавме и во записникот стои за жртвите од конфликтот, а не за боци на ОНА. Значи тоа е суштествена разлика. Не се зборуваше за борците од конфликтот од 2001 година, туку за жртвите од конфликтот и за тоа нема согласност.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи надвор од договореното има пријавен уште еден, претпоставувам за процедурално.

Јас сум обврзан да ви дадам процедурално триминути, иако е надвор од договореното. Повелете, три минути процедурално.

**Александар Николовски:** Благодарам, не ми требаат три минути.

Во насока на доброто водење на седницата и на почитувањето на добрите демократски процедури, она што денес е најспомнувано тука е она за што досега говориме за тоа, има или нема договор и мислам дека би било многу корисно господинот Али Ахмети да биде тука за да можеме од прва рака да ги разменуваме мислењата, да ги конфронтираме ставовите и да слушнеме што и како мисли.

Би сакал да прашам зошто не е тука, од што се плаши и што крие, дали се плаши од вистината и од она што денес беше кажано. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Јас и не гледам тука некоја процедура. Тој како пратеник има право да присуствува, не е дури ни предлагач на денешната точка на дневен ред.

Останатите пратеници што се пријавени на мониторот, колег Алити вие зошто се јавувате?

**Рафис Алити:** За процедурално.

**Иван Анастасовски:** Повелете, три минути процедурално господин Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас мслам дека ние на координација, така се договоривме, ниту позиција ниту опозиција да бара процедура, дали имаме согласност на партиите или пак на малцинските партии, условно речено на помалите партии, но јасно се гледа дека позицијата не го почитува тоа што е договор при координацијата, така што не е добро да не доведувате во ситуација ние во иднина да не доаѓаме на координација, туку ќе се договараме меѓу координаторите и ќе го почитуваме тоа за што сме се договориле. Во спротивно нема зошто да учествуваме на тие состаноци ки се нарекуваат состаноци на координаторите на пратеничките групи.

Што се однесува до господинот Али Ахмети, претходниот говорник што го повика да биде тука и да ги сочат аргументите, тука се стенографските белешки од говорот на господинот Ахмети, тој е горе, но главно се гледа дека нема што да се полемизира тука во однос на договорот Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Токму тоа јас го реков. Јас сакам да се придржуваме на договореното. Меѓутоа се додеак на екранот има пријавени, јас сум обврзан да прашам зошто се пријавени.

(Од место реагира пратеникот Јани Макрадули).

Толку и дадов. Меѓутоа колегата не се откажуваше, остана на процедурално.

Три минути процедурално за пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спсовски:** Благодарам претседателе.

Јас сакам да интервенирам процедурално заради тоа што ваквиот тек на работите и согласно членот 58 од Деловникот во кој се регулираат правата на потпретседателот и на претседателот на Собранието, во членот 59, претседателот, потпретседателот и координаторите на пратеничките групи, никаде не стои дека може д се договарате за да го кршите Деловникот.

Овде за да имаме плодна расправа, направивте некаков договор кој во ниту еден момент не се очитува од страна на Собранието и директно вие ги кршите сите членови кои се однесуваат на текот на седницата, од членот 70 па натаму. Ако вака продолжиме со работа, да не го почитуваме и понатамошните договори, јас секогаш ќе реагирам на тоа дека немате капацитет да го водите Собранието, онака како што е договорено, уште повеќе немате капацитет да го водите Собранието согласно со нормите на Деловникот. Денес направивме седница која е надвор од процедура по Деловникот на Собранието на Република Македонија. Наместо тоа да се почитува како добра волја за работа на Собранието, мислам дека пред се парламентарното мнозинство и вие како потпретседател апсолутно не сте во право со тоа што не може деловничка интервенција да добие секој кој ќе побара во секое време, а да ми биде ускратено правото како пратеник да реплицирам на дел од говорите. Кој ви то даде тоа право и на вас и на оние кои ја координираат работата?

**Иван Анастасовски:** Колега Спасовски јас прво бев за вашиот предлог, ако добро се сеќавате. Меѓутоа мнозинството беше за договорот. Јас бев за вашиот предлог. Апсолутно и сега стојам на тоа.

Продолжуваме натаму.

Три минути процедурално за госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Мојата процедурална забелешка е во врска со член 57 од Деловникот на Собранието каде се вели дека потпретседателите на Собранието му помагаат на претседателот на Собранието во работата и вршат други работи од неговиот делокруг.

Вие тоа одлично го правите господине Анастасовски, значи комплетно го заменувате господинот претседател во опструирањето на работата и нормалниот тек на седниците во ова Собрание. Односно дозволивте процедурална забелешка без да побарате по кој член господинот Николовски имаше забелешка на процедурата. Или, тоа важи само за пратениците од опозицијата.

Господине потпретседател, доколку сте импресионирани или инструирани од присуството на премиерот на Владата на Република Македонија, доблесно е да кажете дека не можете да ја поднесете тежината на водењето на денешната седница и ве молам отстапете го местото на оној што може. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Јас не знам и вие по кој член, моја обврска е да го заменувам претседателот, но јас му реков на колегата Николовски дека неговата процедурална забелешка не беше во ред, меѓута вие потоа исто така го прекршивте тој договор. Јас мислам дека е време да се вратиме на договореното. Да продолжиме со работа.

Наредниот кој треба да говори е пратеникот господин Макрадули Јани.

Повелете колега Макрадули, 20 минути.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, почитуан претседател на Влада, министри, колешки и колеги пратеници,

За жал, еве во 17,50 СДСМ го има првиот дискутант и тоа најдобро говори за чавеизмот што ја зафаќа Република Македонија и мислам дека час поскоро кога ќе се свестат граѓаните, ќе биде подобро за цела Република Македонија. Имаше неколку дофрлувања кога расправавме, еве го договорот, тие што го немаат видено, го знаат, при што гледам дека и ВМРО ДПМНЕ добро го превел, иако пропуштил некои точки од договорот при преводот, па веројатно кога некој го преведувал не му го дал и Законот за употреба на јазиците на премиерот, па денес да се најде во небрана ситуација да зборува различно од она што го зборуваше на 31 мај. За жал, денес, иако точката и заложбата на нас како предлагачи беше да зборуваме за неопходните реформски процеси, која е агендата, кои се барањата на Европска унија, нивните претставници на патот на Македонија кон Европска унија и кон НАТО, ние денес повторно зборуваме за нешто што го нема, за нешто што не постои или за нешто што доби најразлични етикети од 29 мај о.г.

Самиот премиер во своето воведно излагање 27 минути зборуваше за договорот, 9 минути за стратешките правци и 4 минути за своето најсилно оружје, тоа е економијата. За жал, денес повторно господинот Груевски не ја надмина самобендисаноста, ароганцијата и вртејќи се во круг зборуваше само за својата вистина како а се наоѓаме на партиски конгрес на ВМРО ДПМНЕ или на Унија на млади сили на ВМРО ДПМНЕ, а не да слушнеме како премиерот на Република Македонија, без разлика на која политичка партија е има визија, како што вели познатиот портпарол на СДСМ и на Владата сега да зборува за визијата, за тоа што господата Солана и Рен побараа од Република Македонија, не од ВМРО ДПМНЕ, од Република Македонија, да напави за да стигнеме побрзо таму каде што ни е местото. Не само што не ја надмина теснопартиската идеологија, туку дополнително ја продлабочи кризата и фрли дамка на меѓународнот углед на Република Македонија, кои макотрпно за време на претходната Влада беше граден и вратен на вистинските позиции. Тука, во име на СДСМ барам од претседателот на Собранието да се извини или да се огради, прво, од изјавите на господинот Никола Груевски дека Европскиот парламент прави пропусти, значи ние како Парламент да се оградиме од тоа. Второ, да се оградиме од изјавата на Силвана Бонева дека господинот Фуере и госпоѓата Џулијан Миловановиќ се записничари или евидентичари. Тука во договорот не пишува дека се записничари, тука во договорот не пишува дека се евидентичари или хигиеничари за малку ќе испадне, тука пишува дека овој договор или согласност, како што се обидуваше господинот Груевски на својата телевизија да објаснува зборот агри од кој корен доаѓа и што значи тоа. Дека на 29 мај партиите ВМРО ДПМНЕ и ДУИ во присуство на претставници на Европската мисија, Американската амбасада го постигнале овој договор. Вие можете да ги навредувате нив, но не го ставајте цело Собрание и Република Македонија да бие заложник на таа политика што ја водите само за да ВМРО-овскиот рејтинг да биде задоволен. Некој говорот на господинот Груевски ќе го чита во Европскиот парламент, некој во Американската амбасада денес, и во Европската мисија ќе го анализираат говорот на Силвана Бонева координатор на ВМРО ДПМНЕ. И, мисиите ќе стават плус за Република Македонија? Ќе се воодушеват од тоа што го слушнаа од вас двајцата? Мислие дека понапред еден чекор ќе речат, е, супер Македонија оди еден чекор понапред. Мислам дека денес на 23 јули една година и кусур после промената на власта во Република Македонија има се, само не напредок.

Денес нема формирано судски совет, нема закон за јавно обвинителство, има договор кој непостои, има извештај од европските институции за овој договор. Има разногласија во владината коалиција. Господинот Матоши вика дека има пензии за борците, жртвите, инвалидите на таа категорија од последиците од 2001 година и дека е тоа од агендата на ДПА. Премиерот вели дека тоа се мал политички поен за господинот Матоши, тоа е негова грешка, бидејќи во политиката е многу важна конзистентноста и искреноста. Денес имаме разногласие и во самиот ВМРО ДПМНЕ, бидејќи премиерот мисли дека има 45 закони, а Силвана Бонева вели дека има 46 или оваа усна согласност има 46. Јас навистина би ги поздравил сите оние кои што оние 46 јазици на англиски усно ги памтат и постојано можат да ги повторуваат и дури ги запамтиле од 29 мај, па во предлогот за деловникот му ги кажале и му ги превеле на Трајко Вељаноски да ги вметне како предлагачи. Денес слушнавме се, само не кои се стратешките правци на Република Македонија. Денес не чувме визија како ќе се докомплетира судскиот совет, како ќе се завршат реформите судски во Република Македонија. СДСМ во минатиот период со коалиционите партнери во декември 2004 година ја донсе стратегијата за реформи во судството. Во мај 2006 донесе 23 од 25 закони, а пеостанатите два закони, Законот за јавно обвинителство и Совет на јавни обвинители не беше донесен, бидејќи барањето беше фер и демократски избори и тоа беше приоритет. И, тоа се заврши добро.

Денес како да се наоѓаме пред една година, само што со таа разлика од 5 јули, денес има нови дополнителни услови за Република Македонија и тука никој не треба да бие среќен нити да ликува на тоа, туку напротив да бидеме загрижени зошто Република Македонија има нови услови, кои што на 5 јули на промената на власта, ги немаше. Денес зборува господинот премиер дека што има лошо ако има 45 или 46 закони. Па, има лошо. Заради тој закон за радио дифузија, дифузна дејност ДУИ излезе од парламент. Изгубивме 6 месеци. Прво, нудевме техничка помош, а сега напрвивме или направивте договор со нив, кој што денес прв пат слушаме дека има точка 1, точка 3, кои ги зборуваше госпоѓата Силвана Бонева. Има лошо кога ќе кажете, што ако го рекомпонираме Комитетот, што има тука лошо. Па, има лошо, кога ќе го направите првиот почетен потег грешен, потоа тоа повлекува многу други потези. Една година доцнење. Не е проблем, ниту пишува во договорот, не знам кој го преведуваше тоа кај вас, се бара рекомпонирање на Комитетот за меѓуетнички односи. Не вика да излезе еден од позицијата, да дојде друг од опозиција, проблемот во Комитетот за меѓуетнички односи е тоа што еден пратеник од ВМРО ДПМНЕ во јуни се чувствувал како македонец, македонка за да добие гласови, ама во август се почувствувала како влаинка. И, тоа е проблемот на Комитетот, не е четири, три, пет, два, седум, шест или позиција опозиција, се знае што е проблемот на Комитетот. Затоа се вика рекомпонирање на Комитетот, а не се вели искача позиција, влегува опозиција. За некои луѓе не помага ни превод.

Потоа, нема согласност за јазикот, па зошто работните групи ви се состануваат. Зошто господинот Ставрески и Гордана Јанкуловска госпоѓицата, мислам ако не грешам, се сретна со господинот Муса Џафери и со уште е ден претставник од ДУИ и Џеват Адеми, се извинувам. На средбата го доставија предлогот на закон за употреба на јазиците. Зошто се среќавате ако немате договор за тоа. Се среќавате, затоа што Европска унија и Американската амбсада што се гаранти на ова, гарантирале дека тоа ќе го направите во точката 4. во точката 4 се вели дека “партиите се сложуваат континуирано да работат на оваа проблематика со работни групи”. И, вие ќе се договорите тајно, никој не ќе знае што се случува, после месец дена кога целата јавност ќе праша што има во тој договор, зошто се договоривте и тогаш ќе барате воајери од другите политички партии, да ви ѕиркаат во она што сте го договориле меѓу вас господинот Ахмети.Вие сте направиле договор и како што вели портпаролот на господинот Оли Рен, само што вие ги цитирате некои работи, некои не ги цитирате, не ги користите, во зависност од тоа дали ви одговараат или не. Портпаролот на господинот Рен вели дека “имплементацијата на договорот е обврска на партиите што го потпишале. Како тие ќе се усогласат, тоа е нивна работа”. Зошто сега ја барате одговорноста да ја споделите со друте политички партии, кои не знаеја дека се среќавате. Сами, согласно Уставот ги избравте ДПА за легитимен партнер во Владата, сами решивте ДУИ да ги истерате од Парламентот, сами тајно преговарате со ДУИ за нивно враќање во Парламентот со потпишување, со усогласеност на овој договор и сега сакате да ја споделите одговорноста со другите политички партии. Не. не, како што вели господинот Рен имплементацијата на договорот меѓу две партии е работа на тие партии. Кога ќе дојдете со предлог на закон овде во Собранието, тогаш ние ќе дебатираме и за тоа ќе зборуваме. Или, ако не сте постигнале согласност за употребата на албанскиот јазик, како тоа господинот Трајко Вељановски ја предложи точката 4 и членот 3 од Деловникот. Како тоа? Според сите експерти во Република Македонија, ако ги читате нашите медиуми, зборуваат дека тоа не е во согласност со Уставот и во согласност со амандманите и уставните амандмани после Охридскоит рамковен договор. Сите експерти го велат тоа, ама за тоа господинот Трајко Вељановски при преводот некој на договорот му кажал, ајде предложи го членот 3 од Деловникот. Ако не сте постигнале согласност, зошто тоа го барате од нас. И, да не ја залажуваме јавноста дека Рен или Солана се насеќирале за 2000-те амандмани. Не, вие предлагате деловник и не ги ставате тие точки

што треба, туку го ставате тоа што сакате и тоа што денес го правите и го правите континуирано година дена. Да се замолчи опозицијата, да се уништи се што може во Република Македонија.

Затоа, денес сме во политичка криза бидејќи чувме денес две вистини или две верзии. Едната на господинот Груевски, другата на господинот Ахмети. Вистината на господинот Груевски ја потврди Силвана Бонева, вистината на господинот Ахмети ја потврдија Рен и Солана и влезе во извештаите на Европскиот парламент. Тоа е како шилото, лево, десно, па ќе излезе на виделина. За жал, денес гледаме дека вистината што ја зборувала една политичка партија, а ја потврдиле европските претставници и претставниците на САД, не е вистината на господинот Груевски. Таа некако излегла од тој колаж што се обиде Владата или тој филм да го напрви околу договорот. Вие можете да воведувате преку претседателот на Собранието тоталитарен систем овде, да ја замолчувате опозицијата, можете уште 100 спектакуларни апсења да направите, можете луѓе, без да сослушувате сведоци да ги чувате во притвор, но заложбите што ги кажувате се мерливи, не се преку спотови, туку се преку конкретни резултати. Тие резултати ги бара Брисел, тие резултати ги бараат граѓаните на Република Македонија. Велите дека, бидејќи седницата беше за тоа, прво, да расчистиме една дилема која гледам неколку пати ја кажувате и во јавноста. Европскиот извештај или извештајот на Европската комисија во својот вовед или во својот предговор уште подобро вели:"Напрдокот се оценува врз основа на донесените одлуки, донесеното законодавство и спроведените мерки. По правило не се земени предвид законодавството или мерките кои се во подготовка или чекаат согласност во Собранието". Така што, тоа што на Влада вие сте го донело не се брои. Вие можете да донесете на Влада и законите од 2009 година, ама овде во Собранието се брои што влегува во извештајот на Европската комисија. Затоа, ако велите до крајот на јули ќе ги донесете, треба овде во Собранието тоа да го направите, а не да го направите на Владина седница. Владата, според Уставот, не носи закони. Владата според Уставот не предлага деловник, како што кажавте во вашето воведно излагање.

И, денес за жал, не чувме за визијата. чувме имплементација на Охридскиот рамковен договор. Заради имплементацијата на Охридскиот рамковен договор станавме земја со статус кандидат. Тоа е завршена работа, други се барањата сега, ама на тие барања што ги имавме од Европската комисија додадовме уште неколку. Велите дека ве пофалиле за борбата против корупција и имате сериозен прогрес, а со ребалансот на Буџетот што ни го понудивте овде во Собранието, одвојувате помалку пари за Академија на судии, одвојувате помалку пари за Комисијата за спречување на корупција, одвојувате помалку пари во борбата против корупцијата. Во 3 ставки кои се поврзани со ова што го велите, одвојувате помалку средства со ребалансот. Потоа, борба со трговија на луѓе. Па, кој предвреме го ослободи царот на тој бизнис, со чиј потпис излезе тој. И, вие се сеќавате, се вчудоневидовте, се вџашивте и се потресовте од таа точка. Или пак, зборувате за децентрализацијата почнала на 1 јули. Па, со што, кога буџетот не е донесен. Или пак, кога законската обврска за одвојување на 3% од персоналниот данок да го трансферирате до единиците на локална самоуправа на зголемени приходи ви е помал во ребалансот, отколку што ви бил планиран, а се фалите дека ви се зголемени приходите од персоналниот данок, а помалку пари одвојувате во Буџетот. Мерките што ги преземате можеме да зборуваме не теоретски, туку видливи преку ребалансот на Буџетот како политика на Владата, преку обидите да се докомплетира судскиот совет или да се донесе законот за јавно обвинителство. Или пак, за управните судови, вие го предложивте во Собранието, ние дадовме амандман, сите пет члена кога ќе се изберат да почне да функционира месец дека, вие го одбивте тој амандман. Потоа, зборуваме дека Собранието треба нешто да направи. Собранието може да направи кога ќе имаме искрен пристап, кога ќе водиме политика која е егзистентна, а не политика како што дневно ќе ни одговара, кога нема да ги менуваме работите, кога јавно и транспарентно ќе зборуваме, а не тајно да се договараме, како што го направивте со ДУИ и потоа кога ќе дојдат работите овде во Собрание да ги дебатираме, ама тогаш тие ќе бидат ваши предлози како последица на вашиот договор што го имате со ДУИ.

Мислам дека кругот во кој што влеговме не е добар за Република Македонија. Имате конкретни точки. Затоа СДСМ ги повика членовите на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ да разговараат за тоа што навистина Рен и Солана рекоа во Брисел, кои се задачите на Република Македонија што треба да се завршат Денешната седница требаше да излезе со такви заклучоци. На денешната седница очекував да бидат конструктивни од мнозинството и да дадат конечно предлог за формирање на Националниот комитет на патот кон Европската унија што треба да го предводи опозицијата, да се воспостави. Тоа се предлози што ни треаат во овој момент, а не за се да ја обвинуваме опозицијата, за се е виновен СДСМ, да се воодушевуваме дека прв пат некој, замислете, како што рече премиерот некни на својата телевизија, се воведоа вонредни мерки во Република Македонија. Па вонредните мерки во Република Македонија се од 5-ти јули, за жал, на граѓаните на Република Македонија. Вонредните мерки им се воведени на земјоделците, вонредните мерки им се воведени на тутунарите, вонредните мерки им се воведени на стечајците што се пет месеци карши ова

Собрание, а потпретседателот во оставка од пет месеци има вонредни мерки од не знам кога, па никако да ја потпише таа оставка. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам на вашите 20 минути.

Прв за реплика е претседателот на Владата на Република Македонија господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Благодарам и на господинот Макрадули, гледам малку се изнамачи да ги потроши 20-те минути, па почна и за ребалансот да ни раскажува.

Како и да е, прво сакам да се заблагодарам на господинот Али Ахмети што ги потврди оние работи за кои зборував во мојот говор, оние елементи за кои кажа дека сме постигнале согласност, оние три елементи, а тоа е: првиот елемент дека сме ги договориле 45-те закони што треба да влезат во деловникот, вториот елемент дека по влегувањето во деловникот треба да излезе еден член на Комитетот за односи меѓу заедниците на власта, од мнозинството, а да влезе еден од опозицијата и третиот елемент, да се донесе во Парламентот закон за тој комитет, да се уреди со закон тој комитет и дека за другите три прашања не успеавме да постигнеме согласност, за прашањето што тие го понудија за јазиците, односно двојазичноста на цела територија, за прашањето за кое тие нудеа закон за таканаречените борци на ОНА и за составувањето на Владата и дека за овие прашања можеме да разговараме во работни групи. Грешката што ја направи околу замената на терминот “жртви на конфликтот”, кој тие го прифатија, значи тие го прифатија тој термин наместо оној со кој што почнаа да зборуваат “борци на ОНА”, како што предлагаа на почетокот, јас сметам како потреба да обели обрз пред некои луѓе пред кои очигледно преземал некои обврски кои не може да ги исполни. Во тој контекст, сакам да се заблагодарам на господинот Ахмети што ги потврди денес сите работи за кои стана збор.

Исто така, уште еднаш би прашал, жалам што него го нема на седницата и би повикал ако може да дојде, да каже што е она што му било ветено од страна на СДСМ, од страна на Бранко Црвенковски, Владо Бучковски и Радмила Шекеринска, тоа што му било ветено пред изборите да ни го каже што е тоа ветеното кое тој сега го очекува од нас. Тој кажа нешто, меѓутоа, не беше доволно јасно. Добро е да дојде во салата и да каже, или можеби од СДСМ да ни кажат кои се тие две работи за, како што кажа тој, борците на ОНА и како што кажа за закон за јазици, што му биле ветени, што му се рекло само да поминат изборите и веднаш ќе ги завршиме. Добро е да знаеме понатаму, да знаеме како да се однесуваме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, се надевам дека со овој сервилен однос рејтингот на НСДП ќе се зголеми за 0,001% и на тој начин . . .

**Иван Анастасовски:** Контра репликата да ја слушнеме, не грижете се за рејтингот на НСДП. Повелете.

**Јани Макрадули:** Репликата на господинот Груевски се однесуваше на ДУИ, само вие ако сте сконцентрирани ќе слушате што се случува.

Господине Груевски, вие на 31 мај рековте дека тој документ, тој записник од разговорите кој ниту е потпишан, ниту може да има било каква тежина на документ, значи нема тежина на документ, а сега зборуваме сите и целата Европа зборува за тоа или тоа е накаков записник што си направил некој, веројатно што бил присутен ако не е тотално измислен. Тоа го зборувавте на 31 мај, а сега гледаме дека имало три точки, четири точки, ќе стигнете и до петтата точка, за жал на граѓаните на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со реплики. Три минути реплика за пратеник господин Илија Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам потпретседателе.

Мојата реплика се однесува директно на вас гсподине Макрадули. Значи, не е на никој друг наменета.

Од усмената согласност за промена на составот на пример на Комитет за меѓуетнички односи последица е промена на еден член, еден пратеник ќе излезе од тој Комитет, друг ќе влезе, тоа е последицата. Да ве потсетам кои се последиците од вашите договори со ДУИ, на приме дека од вашите договори со ДУИ и од нивните последици проплака и старо и младо од Струга до Кичево, што би рекол Григор Прличев, само во друга локација. Од вашите договори со ДУИ има реални последици по животите и по живеачката на луѓето во овие краишта и ако сметате случајно дека не е така, бидејќи ќе ми дадете контра реплика, ве повикувам заедно да појдеме до Кичево, до Струга, до тие краишта, да се сретнеме со луѓето и да ги прашаме што мислат за оваа работа, за мојата реплика и за вашата контра реплика. Ви гарантирам господине Макрадули дека овој пат нема да ви требаат тенкови и борни коли. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Господине Китаноски, кога беше Законот за територијална организација, не знам дали учествувавте во каменувањето на куќите на пратениците на СДСМ и мојата, дали вие ги организиравте летоците со мојот лик во затвореничка униформа, ама мислам дека тогаш бевте зафатени со кривичните пријави како директор на Јавното претпријатие за станбен и деловен простор. Вие и госпоѓа Силвана Бонева ветувавте дека во првите три месеци ќе ги

вратите Кичево и Струга во стари граници. Слободно да одиме во Кичево, знаете дека во Кичево сум често и ако не се сеќавате дека тоа сте го ветиле, не ни мислам дека ќе се сетите бидејќи лагата очигледно ви стана госпоѓо Бонева аргумент број еден.

(Пратеникот Силвана Бонева бара збор процедурално)

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Последна за реплика, пратеник госпоѓа Валентина Божиновска, повелете три минути.

**Валентина Божиновска:** Почитуван господине Јани, добро е понекогаш да го слушате господинот Бучковски до две причини. Првата причина е што даде одличен предлог, а што никој не го доспуша. Секогаш кога говори има добро толкување на нештата. Втората работа е, читајте го Ѓердард Нинберг, јасен е и дециден. Во парламентарна демократија штом се почне со тонот на преговори и договори, значи сме почнале со разбирање на парламентарнат клима. За прв пат треба да го поздравиме чинот и ве повикувам господине Јани Макрадули да ни кажете што е лошо во изговореното на господинот Али Ахмети и во изговореното на господинот Никола Груевски. Само еден момент има проблематичен тука, само една работа. Амбасадорката упати, нема втор службен јазик, се раководиме по Рамковниот договор, по Уставот и по резолуциите од АСНОМ-ските декларации. Немаме дилема, имаме работна група за законот за јазици, имаме работна група терминолошка за конфликтите од 2001 година. Тоа значи и за борците од едната страна и за . . .

И уште нешто ни помага господинот Фуере, па вели прашајте ги забрадените мајки од албанската и од македонската страна. Јас не му се лутам воопшто на господинот Али Ахмети, напротив, тоа беше скоро идентично. Да, госппоѓо Цветанка Иванова, Бизмарк - има разлика во една работа - вели, за да дојдеш во една држава, треба прво да те окупира, па да те завладее, не дај Боже, па да ти стави знаме, па да ти рече втор службен јазик. Навистина не гледам ама ништо страшно во рекомпонирање на Комитетот, на 45-те закони и за Рамковниот договор, 45 закони, еве ви го Рамковниот договор, кога може во образованието и во употребата на јазиците да одиме - таму каде што имаме само 20%, таму е договорено. Да, можно е да биде дискутабилно само кај членот 3. Јас навистина мислам дека оваа седница доби напротив еден поинаков кодекс на однесување, требаше да разговараме за тоа што понатаму, политичките партии, политичките лидери ќе можат во овој однос на Деловникот да разговараат, ништо повеќе. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Јани Макрадули, повелете

**Јани Макрадули:** Мислам дека ја победивте колешката Весна Јаневска во додворувањето на ВМРО-ДПМНЕ. Јас само ќе ви препорачам да прочитате една работа, сопствената колумна од 25 октомври 2005 година "Привидение ли беше за четирите стана на господинот Никола Груевски". Ако сте ја заборавиле, ќе ви ја дадам колумната да се потсетите што пишувавте за младиот господин, успешен, со четирите стана што ги има и потоа што господинот Маневски мораше да стане министер за правда, заради вашиот текст да го демантира. Благодарам.

(Господинот Михајло Маневски се јавува за збор)

**Иван Анастасовски:** Не, јас останувам на договореното, бидејќи и за тоа бев обвинет дека излегувам од договорот. Останувам на договореното.

Продолжуваме со расправа.

Според редоследот, има збор 20 минути пратеник господин Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседавач.

Колку за ваша информација, парламентарната група на ДПА не е заинтересирана да учествува во оваа расправа. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Тоа значи дека вашите пратеници кои се на листа се повлекуваат. Во секој случај ви благодарам.

Продолжуваме . . . (Реакции од повеќе пратеници)

Тоа го направивме веќе и продолжуваме по редоследот на пријавените.

Има збор пратеник господин Андреј Жерновски 20 минути, повелете.

(Пратеникот Рафис Алити бара реплика)

На што реплика? Господинот Ружди Матоши немаше дискусија, тој се откажа и ги повлече дискутантите од неговата пратеничка група. Затоа нема зошто за реплика да се јавувате, тој се откажа од дискусија.

(Пратеникот Рафис Алити се упатува до говорницата и вели: "Имам право да барам реплика и на тоа")

Ваше право е, меѓутоа, дискутантот немаше говор, само се откажа од говор.

(Пратеникот Рафис Алити реагира со зборовите: "Нели имавте реплики? Нели имавте реплики на говор?")

Јас ќе ве замолам, бидејќи и вие учествувавте и бевте најконструктивен во договорот што го направивме . . .

(Реакција на пратеникот Рафис Алити со зборовите: "Договорот беше таков, како?")

Повелете три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Го поздравувам навистина конструктувниот однос на господинот Матоши и неговата парламентарна група, но репликата е нормална бидејќи така се договоривме. Не е прекршен од мене договорот,

туку од страна на господинот Груевски, не знам госпоѓата Силвана Бонева го информира правилно дека во дискусијата на господинот Груевски немаме право, како што се договоривме да имаме реплики и истовремено се договоривме и на дискусијата на господинот Али Ахмети да нема реплики, така што јас очекував од господинот Груевски да реплицира на господинот Макрадули, а не на господинот Али Ахмети кој што беше тука, но како што информира и замина од салата. Доколку правиме реплики господине Груевски, не случајно во Македонија имаме и таканаречени претседатели на држави, таканаречени претседатели на влади и не случајно од меѓународниот фактор сеуште како држава сме наречени, таканаречена Република Македонија.

(Реакции)

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со . . .

Процедурално, повелете три минути.

(Реакција од пратеници со зборовите: “Нема процедурално”)

**Мендух Тачи:** Како нема, кога направи катастрофална грешка.

Господине, вие немате право да му давате реплика на господинот Алити. Или симнете си се долу, не знаете да ја водите седницата. Како можете да давате право на реплика после пет дискусии? Како можете тоа да го изведете?

**Иван Анастасовски:** Тоа е до мене упатено, така?

**Мендух Тачи:** Барам саат време пауза. Ако ги прекршувате сите работи до сега, барам саат време пауза.

**Иван Анастасовски:** Ќе мора да побара координаторот на пратеничката група, се извинувам вие не можете. За да не ја водам катастрофално седницата, вие немате право да побарате пауза, може координаторот.

Повелете господине Матоши, процедурално.

**Ружди Матоши:** Барам еден час пауза.

**Иван Анастасовски:** Објавувам пауза од еден час.

(Паузата започна во 18,20 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 19,34 часот)

**Бесим Догани**: Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

20 минути за пратеникот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитувани пратеници, дозволете од името на ЛДП ги кажам ставовите кои ги имаме во врска со оваа точка на дневен ред, а која е директно поврзана со,како што е нагласено, еден нов критериум кој треба Македонија да го исполни како држава во однос на својот пат во интеграцијата кон Европската унија, а тоа е новиот скопски рамковен договор, како што го нарековме овде или како што претставниците на меѓународната јавност гонарекоа мајски договор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

Прво, би сакал да ви кажам претседателе на Владата на Република Македонија односно претседателе на ВМРО-ДПМНЕ дека имате подршка од ЛДП да направите коалиција со ДУИ. Ова што го гледаме овде и што ја тормозите македонската јавност со тоа дали има три точки или пет точки е навистина едно фрустрирање на целата јавност, бидејќи трауматично го доживува ова. Меѓутоа, вам ви оди добро соработката, овде со вашиот говор и со говорот на господинот Ахмети почнавте да се усогласувате, јас ќе се обидам да ја кажамнашата и верзијата на Брисел дали има три или пет точки, бидејќи е огромна разликата, меѓутоа, вие толку добро си соработувате да имате направено 5 работни групи, неслучајно го кажувам бројот 5, бидејќи вие тврдите дека имате три точки за кои разговарате со ДУИ, а сте направиле господине претседателе 5 работни групи и можам да викажам од поуздани извори дека тие групи веќе одржале три средби, тоа треба да го знае македонската јавност, дека од страна на ДУИ за правата на припадниците на ОНА разговара господинот Талат Џафери, а за јазиците господинот Муса Џафери, така што вие не само што разговарате, што сте ги договориле тие точки, туку и разговарате и од тука не гледаме потреба навистина со цела должност и почит со пратеникот што се смее, господинот Тачи, вие всушност многу повеќе време поминувате со колегите од ДУИ отколку со колегите на ДПА и мислам дека веќе можете да си ја формирате коалицијата.

Знам дека ви е страв и во право сте дека ќе изгубите дела од високиот рејтинг кој го имате во овој момент во Република Македонија,но не се грижите затоа што тука ќе ја добиете подршката од оние што гласале за ДУИ и полека повторно ќе дојдете на своето место. Сметам дека треба полека ова болно породување на новата коалиција да излезе на површина и сите да ви го честитаме сето тоа.

Тоа што сакам да го кажам од страна на ЛДП ќе го направам во 4 точки.

Прво, за нетранспарентноста на начинот на кој ги водевте овие договори.

Второ, начинот на кој Република Македонија повторно ја направивте на извесен начин протекторат од страна на САД и Брисел.

Трето, направивте еден дополнителен критериум за влез во Европската унија и за недоследноста што ја имате како политичар.

Кризата воопшто не е изненадување на политички план во Република Македонија. Во странскиот печат “Економист” на 19 октомври уште веднаш кога се формира Владата, имате наслов, вие

знаете дека Македонија е позната како име надвор во вид на овошна салата, се прогнозира дека таа овошна салата нема да биде толку овошна и дека Република Македонија “ја чека политички земјотре” за кој вие подоцна изјавивте дека не е можно политичка дестабилизација во Република Македонија. Значи, оние кои ја следат состојбата во Република Македонија уште од октомври кажаа што ќе се случи кај нас.

За нас е сосема јасно дека заради беспоштедната трка што ја имате 24 часа по својот рејтинг, меѓутоа, сакам да ве уверам дека заради трката што ја имате за својот рејтинг, ја оставивте државата назад, верувајте дека вистински премиер, вистински политичар е оној кој обезбедува висок рејтинг за себе, но висок рејтинг за државата, а не висок рејтинг за себе, а исклучително низок рејтинг што го имала Република Македонија за последниот период на меѓународен план.

Меѓутоа, дојде време да ги откриеме картите дали има договор и што всушност се случува со преговорите и со начинот на кој вие ја водите коалицијата.

Господине премиер на 31 мај изјавивте цитирам “дека тоа е накаков записник што си го направил некој веројатно што бил присутен, ако не е тотално измислен. Не знам што пишува таму. Но ако има нешто што е блиску до вистината, најверојатно се работи за некаков записник”, за да денеска изјавите дека работните групи по редица на состаноци, тоа е што ви го кажав и на делегациите на ВМРО-ДПМНЕ и на ДУИ завршија во мај, постигнавме согласност по неколку прашања по која согласност беше доволно ДУИ да се врати во Парламентот.

Господине премиер вие во тој момент не ја кажувавте вистината.

Во своето денешно обраќање кажавте дека сте радосни цитирам “ ја поставувате иницијативата да се зборува денес”, тоа го кажа координаторот на вашата пратеничка група и кажавте дека опозицијата бега да се соочи со вашиот договор. Тоа не е точно господине премиер, бидејќи од име на пратеничката група на 30 мај, а потоа претседателот на ЛДП господинот Манасиевски со што претседателот на Парламентот се согласи господинот Љубиша Георгиевски, побаравме во овој Парламент всушност пред македонската јавност да го објавите договорот не ВМРО-ДПМНЕ- ДУИ, туку договорот Груевски-Ахмети, за што сите политички партии во ова Собрание се согласија, сите ваши коалициски партнери, единствени кои гласавте против тоа да се објави документот бевте вие како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ и пратениците на ДУИ.

Господине премиер не ја кажувате вистината, вие и вашата политичка партија бегавте од тоа да биде објавен документот за да денеска под притисок на домашната и меѓународната јавност вие морате да се соочите со тој договор, но ќе викажам отворено најодговоно би молел да ме побиете ако е можно, два месеци го криевте документот од меѓународната јавност, што значи дека имиџот на најтранспарентен политичар на Република Македонија односно најтранспарентна Влада до сега во Република Македонија, воопштоне држи.

За жал, и после денешниот ваш говор, Република Македонија остана единствена земја помеѓу членовите на земјите членки на ЕУ и земјите кандидати кои не го знаат тој договор, бидејќи го знаат 27 земји членки на ЕУ, го знае Брисел, го знае САД, единствени граѓани на некоја земја во Европа кои не го знаат договорот, благодарејќи на вас, тоа се граѓаните на Република Македонија, а вие сте единствен политичар кој кажува дека такви договори со сите оние точки нема.

Она што ви замерам и на вас и на ДУИ е што сето ова го правевте вон институциите на државата затоа добивте порака пред некој ден односно во среда на 18 јули мошне остра од амбасадорот на Велика Британија кој вели она што сакаме да го видиме овде е практикување на политиката на еден нормален европски начин. Тоа значи политичките прашања да се решаваат во Парламентот. Европа од нас бара нормален начин на решавање во Парламентот, вие ги договарате работите вон Парламентот на Република Македонија, за што, се разбира, имаме огромна критика.

Второто што го замераме, со оглед на времето, е што направивте вид на протекторат на Република Македонија, бидејќи имавте изјава од директорот на европската иницијатива кој вели, кога ги почнавте преговорите, не е добро тоа што се случува во Република Македонија во врска со политичкиот дијалог ВМРО-ДПМНЕ - ДУИ. Корисно е да помага Меѓународната заедница, но во Македонија во суштина институциите функционираат и внимавајте, нема смисла да се создава слика оти земјата е еден вид протекторат како Босна, како што ќе биде Косово уште извесно време. Тоа не и помага на Република Македонија кога е во прашање Брисел.

Што беше вчерашната средба на која ве повикаа лидерите на САД, амбасадорите на САД и Европската унија.Се закажува во една нормална демократска земја која претендира да влезе во ЕУ и вели со право дека кандидат се закажува средбата помеѓу политичката елита на Република Македонија. Тоа кажува дека ние сме далеку од она што сакаме да го оставиме како впечаток, а тоа е како земја која сериозно има капацитет да влезе во ЕУ, туку сеуште праќаме пораки до Брисел и Вашингтон дека политичката елита на Владата на Република Македонија нема капацитет сама да ги тера сите овие институции. Во една земја каде мора некој од надвор да ве седне за да ги договарате кризните состојби и да го договарате дијалогот, таа земја е далеку, далеку од вратите на Европската унија.

Велите и се надевам дека оние новинари кои беа горе ќе ви ја предочат реакцијата на претставничката на Европската унија денеска во Парламентот, изјавивте дека Солана ви рекол - само да не застанете - продолжете вака.

Господине Груевски и при претпоследната посета на Брисел господинот Солана немаше средба со вас за да даде изјава, бидејќи државте ПРЕС конференција на таа тема, да даде изјава дека е зафатен и дека веднаш по доаѓањето од Њујорк ќе дојде во Македонија, не дојде и на последната средба со господинот Солана и господинот Рен вие немавте заедничка ПРЕС конференција. Тоа се сигналите кои ви ги праќаат вам односно, бидејќи сте претседателна Владата на Република Македонија, ги праќаат на Република Македонија односно на граѓаните на Република Македонија. Јас ќе го чекам извештајот, мислам на ЛДП, извештајот на Европската унија во ноември, но и сега по средбата на стабилизација и асоцијација за да видиме дали Солана навистиан вам ви вели браво, само така продолжете.

Не можам да сфатам како може еден премиер на една држава која претендира да влезе во ЕУ да каже какви остри, да не речам погрдни зборови за Европскиот парламент. Вие изјавивте дека Европскиот парламент цитирам “ има резолуции кои немаат обврзувачки карактер и дека како што има Европската комисија и дека има доминантно советодавен карактер како препорака, како совет и дека често пати се случува тие да грешат”.

Господине Груевски и кога го добивавме кандидатскиот статус и сега кога очекуваме преговори Европскиот парламент беше прв од сите три институции, покрај Европската комисија и Советот кој најмногу навиваше за нас и први препорачаа да добиеме кандидатски статус и сега во овој Извештај кој е изгласан бараат Македонија да биде веднаш по Хрватска првата земја од бивша Југославија, се разбира по Словенија, бидејќи е полноправен член, бараат датумот да го добиеме што е можно поскоро. Како после овој ваш настап да отидеме во Европскиот парламент, тие луѓе таму ќе го прочитаат ова и ќе замерат. Не смее премиер на Република Македонија да си дозволи ваква изјава. Зошто вам не ви се допаѓа тоа, ќе кажам подоцна.

Дополнителните критериуми кои ги спомнав и за кои ви замераме се всушност во насока на тоа дека вие не само штоне ги решавате оние критериуми што ги има Република Македонија пред себе, вие создадовте дополнителен критериум кој треба да го исполниме и затоа ќе ви го цитирам Извештајот на Европскиот парламент кој е изгласан и кој вели, го поздравувам фактот што консултациите меѓу Владата и опозицијата, претходно спомнав дека тоа е ДУИ, резултира со договор кој опфаќа список на закони кои треба да се усвојат со примена на Бадентеровиот принцип и повикува врз основа на ова следејќи ја имплементацијата на договорот за статусот на земјата кандидат и што е можно побрзо да почнат преговорите, што значи директно е потенцирано дека ние имаме нов политички критериум создаден, благодарејќи на политиката која вие ја водите.

Денеска рековме дека ќе дискутираме за Европската унија, вие изјавувавте и вице премиерката дека ние не можеме да одиме напред затоа што цитирам “има пречка за продолжување на процесот за проширување на Европската унија, а тоа е непостојниот договор за европскиот Устав”.

Очекувавте многу од европското претседателство, меѓутоа, сакам на граѓаните на Република Македонија да им кажам што се случи всушност со земјите во регионот. Хрватска во март отвори нови поглавја за преговори за членство, во јуни исто така отвори нови поглавја за преговорите за членство. Турција во март продолжи дел од преговорите кои беа суспендирани во декември 2006 година и во јуни отвори нови поглавја за преговорите за членство. Црна Гора потпиша договор за стабилизација и асоцијација, Босна и Херцеговина во мај на препорака на Европската комисија и Советот на ЕУ го утврди текстот на договорот за стабилизација и асоцијација и Србија во јуни ги продолжи преговорите за потпишување на договор за стабилизација и асоцијација. Има една единствена земја во регионот која не направи ништо во овој период тоа е Република Македонија и тоа во време кога Претседателството го водеше Германија, она за која Груевски не убедуваше овде дека всушност од нив можеме да очекуваме најголема подршка.

Не сакам со ова да ја тревожам состојбата, меѓутоа, последната изјава на Шветскито министер за надворешни работи, а јас на нашите северни соседи им поскаувам се најдобро, меѓутоа изјави, бидејќи останавме назад цитирам “Македонија треба да биде примена во Европската унија во пакет со Србија”. Едно време бевме со Хрватска.

Европскиот парламент, исто така како што кажав вели дека треба да се спроведе сето ова и ја имате изјавата на господинот Оли Рен кој вели договорот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ треба да се спроведе без одлагање и дека тоа е критериум кој го има Република Македонија како политички критериум.

Сега на крај за недоследноста што ви замерам затоа што едно изјавувавте кога бевте во опозиција, а друго додека сте на власт.

Бидејќи треба да завршам со говорот, заради договорот, првите три точки за кои зборувате дека не се дискутабилни, воопштоне се наивни господине премиер, бидејќи сакам да ви кажам дека изјавивте на денешната седница дека имате 45 договорени точки, а на записникот од пратеничкото прашање, ќе ја цитирам изјавата велите дека единствена работа што усно е усогласена е поврзана со тоа дека се усогласи

листа на закони од 46. Ваша изјава, ќе ви го доставам ова за да видите дали ја кажувате или не вистината. Тие 45-46 закони воопшто не се наивни, бидејќи во тие го имате законот за грбот, химната и знамето на Македонија со што се наметнува прашањето дали вие всушност интервенирате во Уставот на Република Македонија , бидејќи сакам да ви кажам дека еден премиер не смее да си дозволи тоа да го прави, бидејќи актуелните уставни решенија не предвидуваат двојно мнозинство при утврдување на грбот, знамето и химната. Во член 5 е наведено дека симболите се утврдуваат со закон кој се носи со двотретинско мнозинство во Паралментотот, а не со Бадентерово мнозинство. Тоа го имате договорено работејќи спротивно на Уставот на Република Македонија.

Оние два за кои велите дека не постојат, јас сакам да ми одговорите, бидејќи ме ставивте денеска во забуна, дали вие ја криете вистината или да кажам дали вие лажете или лаже Брисел. Денеска рековте и на седницата на 31 мај дека за прашањата што ги споменавте поврзани со закон за поранешните припадници на ОНА не сме разговарале и не сме се договарале. Денеска го потврдивте тоа, меѓутоа, сакам пред целата македонска јавност да ви го прочитам Извештајот на Европскиот парламент.

Го поздравувам фактот што е договорено да се реши цитирам “социјалната положба на поранешните албански герилски борци”. Ве молам да одговорите пред македонската јавност дали лажете вие или лаже Брисел. Ќе ви го дадам Извештајот на Европскиот парламент, вие велите, уште еднаш ќе цитирам дека не сте договориле такво нешто, во Извештајот за Република Македонија од страна на Европскиот парламент се вели и се поздравува тоа што е договорена социјалната положба за поранешните албански герилски борци.

Почитувани граѓани на Република Македонија, почитувани пратеници, тоа е вистината што се случува во Република Македонија, но јас, се разбира, ќе оставам простор господинот Груевски да одговори на ова прашање.

Господине Груевски вие пред 5 јули кажувавте дека нема албански јазик да се зборува во Парламентот, но координаторот на пратеничката група даде упатства на пратениците да ја напуштат Комисијата коај тогаш ја водеше господинот Халими од ДПА затоа што зборуваше на албански за да денеска имате предложено Деловник каде барате да се зборува на албански јазик во Република Македонија. Пред 5 јули, после 5 јули. Пред 5 јули разговаравте во медиуми нема преговори со терористите во Република Македонија, денеска,како што изјавивте,не само што преговарате, туку и се договарате со поранешните терористи, како што вие велите или таканаречените борци.

Пред 5 јули баравте да им се суди на тие пратеници, на тие таканаречени борци, баравте хашките случаи да се вратат во Република Македонија а денес вашите министри кажуваат дека Македонија не е спремна да се соочи со хашките случаи. Во тоа време прашувавте кој е тој што ќе го реши обештетувањето и ќе изврши предавство, денеска го решавате оштетувањето на Република Македонија. Името и презимето остана исто Никола Груевски, професијата остана иста, политиар, ствовите се променија. Едно е да сте комита кога е во опозиција, меѓутоа, кога сте на власт веќе се случува нешто друго, не сте комита туку сте европски политичар.

На крајот, сакам да ве замолам, ве видов вчера, завчера како се обидувате да ги гаснете пожарите. Каде што отидовте пожарите се проширија. Да дојдам на политичката дебата денеска, оваа седница требаше да биде таква каде од ваша уста и од вашиот настап вие ќе го угасите пожарот на политичката сцена во Република Македонија. Вие со вашиот говор денеска го распламтивте пожарот во Република Македонија, создадовте непријатели дома помеѓу власта и опозицијата. Создадовте непријатели во Брисел. Тоа ќе ни се врати во голема мера.

**Бесим Догани:** Ви благодарам, за реплика се јавија господинот Никола Груевски, Силвана Бонева и Николовски Александар. Да одиме со ред.

Има реплика господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Би сакал неколку работи, имае многу неточни работи, но во три минути не можам да искоментирам, затоа набрзина дека во списокот на закони, на 45-те закони го имало Законот за грб, химна и знаме, тоа е тотално неточно, измислена работа од пратеникот Жерновски комплетно. Не станало збор за такво нешто.

Второ, добро е што, еве гледам од неговиот говор дека и тој сфати дека она што е договорено на 29 мај, она што е усогласено се практично три елементи, а тоа се она што ги кажа дека треба да има закон за Комитетот за етнички заедници, треба да има промена на еден член во Комитетот и усогласени се тие 45 закони. Ништо друго нема усогласено, овие три елементи се тие што се усогласени. Добро е што и вие го препознавате тоа, добро е што господинот Али Ахмети исто така зборуваше за тоа како вистина и дека за другите три точки не постигнавме согласност, односно за другите три точки се усогласивме дека треба да продолжиме и во иднина да разговараме внатре во Парламентот да водиме разговори и дебати околу тоа прашање.

Исто така би кажал, би потврдил во тој дел каде што ме цитирате мене како кажувам дека господинот Солана ми кажа дека така треба да продолжиме, да ви кажам дека тоа се работеше за делот на борбата против корупцијата и криминалот, кои што не знам од кои причини не сакавте да го чуете. И да одговорам на

прашањето за хашките случаи. Хашките случаи сеуште не се враќаат назад, заради тоа што се вршат последните подготовки, кои што претходната гарнитура, почитуван пратеник Жерновски, не ги заврши четири години. Четири години чекавме да се завршат, четири години тапкаа во место и сега се прават последните подготовки за да можат да се вратат назад. Конечно би спомнал околу тоа дека во Европа велеле некои дека треба да се спроведува договорот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

Значи, кога тоа го велат, ве уверувам дека мислат на трите елементи за кои сте се усогласиле. За 45-те закони, за променета нерешена во Комитетот и за законот за тој Комитет. Тие цело време на тоа мислат кога го зборуваме тоа. Јас апсолутно ништо лошо не гледам во тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Груевски.

Контра реплика од една минута господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Господине премиер јас сум веќе сериозно загрижен. Вие очигледно не ги пратите материјалите кои што ги добиваат пратениците. Ако го погледнете Деловникот што ни е даден овде ќе видите дека се содржани оние три закони кои што ги споменавте, дека не се тука. Сега консултациите со Силвана Бонева се бесполезни, бидејќи отиде во етер, или како што вели нашиот народ во ветер, тоа што го кажавте.

Број 37 Закон за грбот на Република Македонија. Број 38 Закон за знамето на Република Македонија. Број 39 Закон за химната на Република Македонија. Вие не само што не го слушате тоа што ви кажувам, шилото на вистината леве-десно, напред-назад излезе.

Број 2, не ми одговоривте зошто во Брисел го поздравија тоа за што се договоривте за поранешните албански и герилски борци.

Господине Груевски, вие продолжувате со лажење на македонската јавност. Не ви личи тоа.

**Бесим Догани:** Три минути за госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

(Во салата се слуша негодување).

Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Само да кажам дека се работи за грешка, тука погрешив, го повлекувам тоа што го спомнав. Извршив консултации со госпоѓа Бонева и со другите од пратеничката група, така што се извинувам за грешката што ја направив. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Госпоѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретеседателе.

Почитувани колеги од опозицијата секој може да згреши и премиерот го кажа тоа дека е грешка и мислам дека нема потреба повеќе да се зборува. Значи овие закони за грб, знаме и химна, се дел од согласноста што е постигната за законите.

Јас сакав само да реплицирам во делот на господинот Жерновски каде што тој обвинува дека господинот Груевски ја претворил Република Македонија во протекторат, заради тоа што меѓународните претставници се вклучени како набљудувачи во дијалогот.

Во интерес на македонската јавност, а не заради господинот Жерновски, бидејќи сум убедена дека добро го познавав Охридскиот рамковен договор, ќе прочитам делови од Анекс Ц од Охридскиот рамковен договор. Најпрвин, точка 1.1., каде што зе зборува дека страните ја покануваат Меѓународната заедница да го олесни, набљудува и помогне во имплементирањето на одредбите од Рамковниот договор и анексите кон истиот и бараат таквите напори да се координираат од страна на Европската унија во соработка со Советот за стабилизација и асоцијација. Ќе продолжам и понатаму. Значи, во Анекс Ц кога се зборува за пописот, кога се зборува за враќање на бегалците, кога се зборува за развој на децентрализираната власт, секаде стои страните ја повикуваат Меѓународната заедница да помогне во процесот, на пример во јакнење на локалната самоуправа. Меѓународната заедница особено треба да помогне во подготвувањето на неопходните законодавни измени, поврзани со механизмите за финансирање, со цел јакнење на финансиската основа на општините и создавање способности за финансиски менаџмент и во измената на Законот за општински граници. Тоа е само еден дел. Значи Закон за децентрализирана власт. Понатаму, закон во сферата на недискриминации и правичната застапеност. Повторно, странките се обврзуваат и ја повикуваат Меѓународнат заедница да биде набљудувач и гарант на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор. Значи сите овие точки од Анекс Ц на Охридскиот рамковен договор јасно зборуваат дека не господинот Никола Груевски ја направи Република Македонија протекторат, со тоа што присуствуваат на дијалогот претставници од Меѓународната заедница, туку тоа е обврска од Охридскиот рамковен договор, кој што е потпишан од сите релевантни политички партии на македонската политичка сцена, кои што и денес присуствуваат тука. Благдорам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бонева.

Господине Жерновски една минута контра реплика., повелете.

**Андреј Жерновски:** Госпоѓо Бонева, не само што се извини господинот Груевски, туку и вие наскоро ќе се извините. Ви ги повикавте своите пратеници, заедно со нашите и го направивте тоа заедно да ја напуштиме комисијата на која што се зборува на албански јазик. Вашиот предлог сега е член 3:"Пратеник кој зборува јазик различно од македонскиот јазик, а тоа го зборуваат најмалку

20%, читај албански, да раководи со седниците на работното тело”.

Да ви кажам што се случува во Владата на господинот Груевски. Владата го употребува албанскиот јазик во писмена комуникација со медиумите. Министрите од албанско етничко потекло на прес конференција говорат на мајчин јазик, а албанскиот се употребува и во меѓународна комуникација, со што се крши Деловникот за работа на Владата на Република Македонија. Песни пеевте пред изборите за комитата Никола Груевски. Немојте да мислите дека истите песни ќе се пеат. Но што ви порача за сите овие дискусии Дикенсон. Дали имате време да ги исполните критериумите. Мислам дека имавте доста време да покажете политичка зрелост.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Жерновски.

Сега има збор во долго траење од 25 минути, господинот Тито Петковски, повелете.

(Реакции од место).

**Тито Петковски:** Добро, ќе зборувам 15 минути.

**Бесим Догани:** Господине Петковски вие имате право на 25 минути, не им обрнувајте внимание.

**Тито Петковски:** Господине потпретседателе, господине премиер, министри и почитувани колеги пратеници.

Јас сум еден од тие што веруваат дека ова не ми е изгубен ден и дека и на оваа седница покажавме дека можеме отворено да разговараме за прашањата кои што се од интерес за државата и дека и овој е дијалог онаков каков што не упатуваат и странците за кои што ние веруваме дека ни е потребно, на тој план јакнејќи ја институцијата, што се вика Собрание на Република Македонија. Дури и овие исклучувања и тонови повисоки, мисламд ека е составен дел на овој политички дијалог и верувам дека пораката што ќе произлезе, што ќе се упати вечерва во овој ден до домашната и меѓународната јавност е дека Македонија сепак има потенцијал. Македонија сепак има институции способни да ја водат државата и да ја легитимираат со едно цивилизирано светло и дури да поентираме пред извештајот во почетокот на ноември, од Европската комисија, во меѓувреме да покажеме дека и таков позитивен извештај заслужуваме.

Мислам дека начинот на кој што разговараме веројатно дека требаше да го примениме многу порано. На темата за која што сега разговараме треба да биде составен дел на нашата работа. Затоа мислам дека е искористена и добра е идејата за поздравување да смогнеме сили да се надминеме себе си, оној период што ни останува, овие 60-тина дена, можеби, бидејќи извештајот на Европската комисија веќе се подготвува. На почетокот на ноември веќе ќе стаса и ние ќе бидеме во тек со него. Охрабрувањата што ни доаѓаат од Меѓународната заедница, за нас значат и опомена да станеме одговорни политичари и во политичките партии, но пред се како пратеници во името на Граѓаните на Република Македонија. Сметам дека дијалогот кој што почнуваме да го водиме институционално ќе биде натаму многу повеќе практикуван.

Да не должам многу сакам да го кажам ставот на НСДП за темата за која што разговараме.

Мислам сосема е јасно после извештајот, односно Резолуцијата на Европскиот парламент околу прогресот на Македонија, дека за Македонија единствена влезна карта за НАТО, особено за Европската унија, бидејќи овој извештај е за прогресот на Македонија за Европската унија е Охридскиот договор. Дали тоа ни се допаѓало или не, во Македонија некои го оспоруваат, интелектуалци и тн. и некои луѓе не се согласуваат со пристапот, но тоа е наша реалност и денес тоа е најдобрата препорака на Република Македонија, која што се подвлекува секаде во било кој контакт со Меѓународната заедница, особено, затоа што тие одлучуваат за нашиот прием. Дали ние ќе бидеме примени таму зависи од нив. Дали ќе не примат во тоа друштво зависи дали ќе ги исполниме тие стандарди и тие критериуми. И ако се подвлекува секоја прилка дека ние мораме да се потпреме на постулатите на Охридскиот договор, мислам дека за нас прва задача што произлегува од овде е да видиме, одговорно да ја погледнеме содржината на Охридскиот договор и да видиме дали во нормативниот дел ги исполнивме сите наши обврски. А тоа значи, дали ни останува нешто како закон, како пропис, како одлука, што треба да го донесеме, а што произлегува од Уставот во кој е имплементиран и Охридскиот рамковен договор. Дури тогаш да видиме, ако дојдеме до сознание дека уште Законот за јазиците, или уште некој, како што некои колеги овдека зборуваат, или пишуваат да се согледа духот на Охридскиот договор, а нешто што не е пишано и за него да седнеме да разговараме.

Значи, наш интерес е, не мора постојано да ни повторуваат дека ние тоа мораме сами да си го направиме. Што произлегува од тоа како обврска за Собранието, за Владата, за сите институции.

Мислам дека првата задача што треба да ја направиме е токму тоа.

Второ, ако произлезе обврска за јазикот час побрзо да седнеме и да го подготвиме јазикот. Законот за употребата на јазикот и да не бегаме од непријатните теми. Сигурно дека некои од нас го читаат на еден или на друг начин. И содржината на Уставот, меѓутоа и законите. Собранието е место каде што се усогласуваат сите тие различни ставови и популистички ставови.

Според тоа, законот треба да дојде во Собранието, тоа е наш инерес и не мора некој од надвор да ни кажува. Темите овде кои доста фреквентно се кажуваат, а од кои навистина,

зависи како понатаму Македонија ќе се гради како функционална држава. Прашањата кои што дополнително еве деновиве, па и изминативе месеци наназад кружат и меѓу интелектуалната сфеа во Република Македонија, меѓу политичките партии е дали она што е содржано меѓу политичките партии, договорите и разговорите меѓу ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ треба да биде обврска за целиот Парламент и за сите политички партии. Јас ќе кажам да. Јас навистина жалам зошто и ние како НСДП, но и други политички партии кои што не учествуваа во тој дијалог, тоа ќе ја олеснеше поожбата и на ВМРО-ДПМНЕ и на ДУИ, а и на Република Македонија. Ќе има многу повеќе посилни аргументи, за да можат на тие принципи за кои е разговарано да обезбедат многу поширок консензус и многу поголема поддршка од политичките партии.

Веднаш да кажам кога сум тука како НСДП апсолутно, ни едно од тие прашања кои што се покренати во овој разговор и за кои се тврди дека 50% има договор, за другите 50% прашања нема договор, ние сметаме дека по сите прашања може да се разговара. И тоа, отворено, транспарентно, па нека судат и јавноста во чие име сме овде и дефинитивно и оние кои што ќе одлучуваат дали ќе бидеме дел од тоа друштво на европските народи и држави. Значи, за тоа ние популарно говориме да разговараме отворено и транспарентно, значи се залагам за тие прашања овде да разговараме онака како што разговаравме денес.

Кога разговараме така, ако се залагаме за таков пристап и таков начин на комуникација, веднаш ќе кажам за најчувствителните прашања што ние мислиме во НСДП.

Сметаме дека прашањето околу кое и најмногу се кренаа тензии во државата, еве и на овој денешен разговор околу обезбедување на социјалната положба, на како ги велат во Извештајот на Европскиот парламент, герилците од 2001 година, ние сметаме дека тоа е прашање кое што заслужува апсолутно внимание, од две основни причини.

Првата причина е сосема сме сигурни апсолутно, Македонија ќе биде функционална држава и ќе ја сакаат сите како своја држава, како своја татковина, ако дојде до процесот на целосно измирување меѓу Македонските и Албанците. Во тоа сме сигурни, заради тоа што сметаме дека големо лицемерие, да кажеме сега луѓето кои се најголеми губитници од војната 2001 година, што останаа без членови на фамилија, без егзистенција се најголемиот проблем на државата, говорам исто и за Македонците и за Албанците. Не говорам само за една категорија на граѓани. Дека тие се проблемот, а дека оние што станаа пратеници, министри, имаат дипломатски пасош, уживаат имунитет и сите права на државата. Тие командуваа со тие луѓе што дел од нив загинаа на фронтот. За нив не можеме да смогнеме сили и да обезбедиме интеграција во македонското општество, а за оние другите, за раководната структура можеме.

Според тоа да заклучам: за нас е легитимен разговорот. Сите граѓани како најголеми губитници од војната 2001 година, што останаа без членови на семејството, имаме обврска да им обезбедиме социјална егзистенција, пристоен живот и да сметаме дека полека треба да се интегрираат во македонското општество. Значи, да не бегаме од темата. Сосема јасно и отворено кажуваме и својот став го ставаме на судот на јавноста, дека на тој начин сметаме дека ќе дојде до интеграција на сите граѓани во македонското општество и да си ги преземат обврските како граѓани, да учествиваат активно во изградбата на македонското општество и на македонската држава. Нема апсолутно никаков проблем околу прашањето за Комитетот на етничките заедници. Нема никаков проблем, од самиот старт кажуваме дека треба да дојде до рамнотежа, дека треба да дојде до баланс.

Значи до промената исто така, апсолутно сме согласни со она што беше овде истакнато јас не сакам тука да додадам ништо повеќе и НСДП смета дека тоа е прашање што треба да се реши на начинот на кој што е и предложено.

Понатаму, околу прашањето околу Бадентерова влада. Се развија некои дискусии во интелектуални кругови, тркалезни маси, поедини наши колеги пратеници отворено кажуваат на многу седници е прашање кое да ги ставиме на маса добрите страни и лошите страни. Јас реков во една прилика на една тркалезна маса дека можеби во овој момент не е политички профитна партија, во овој случај ДУИ кој предлага да请 речеме таков принцип во составувањето на Владата, затоа што утре, да речеме во еден иден распоред н а снаги, еве претпоставувам ДПА ако успее да победи на парламентарните избори, тогаш веројатно дека нема со такви симпатии да се гледа на тој став. Но, тоа е мое мислење. Денес еден мој колега изнесе многу интересни тези додека разговаравме за време на паузата кои што заслужуваат внимание да бидат и јавно промовирани кои одат во насока отворено да се разговара. Значи, да ги ставиме на маса добрите и лошите страни, што значи дека мора да разговараме. Ќе разговараме пред се тука во институциите дефинитивно во името на граѓаните, она што е национален и државен интерес, тоа ќе го направиме. Ние не бегаме од темата на прашањата кои што се императив на Македонија сега да ги направи судските реформи, значи да се комплетира, докомплетира Судскиот совет, да се донесе законот за јавно обвинителство, законот за Советот на јавните обвинители итн. Сметаме дека тоа не е прашање околу кое не може да се постигне консензус. Еве ќе кажам, НСДП смета кога станува збор за Судскиот совет дека треба навистина заради консталацијата на односите во парламентот и заради искуството негативно што го имавме сите овие години наназад околу

партизацијата на институциите, да одиме со луѓе кои немаат партиски беграунд јасно попознатлив. Значи, луѓе кои што ќе бидат претпоставени, објективни во Републичкиот судски совет за да може да дојде до постигнување на целта, тоа да биде објективно тело. Дури за нас е прифатливо да обезбедиме една неутрална комисија, не мора да биде од експерти. Нека одлучат за тоа, дали луѓе со определен таков политички беграунд можат да бидат членови на Судскиот совет. Апсолутно јассфаќам идејата дека луѓето се ослободуваат од партискиот притисок во моментот кога ќе станат членови на некој државен орган. Но, искрено, човечки до крај да се ослободат од влијанието контактите со партијата за наши прилики е сеуште рано. Така што во оваа фаза сметаме дека тоа е можно.

Кога станува збор за јавните обвинители, сметаме дека и тука може да се најде компромис, да се оди на два спротивставени става како што е да речеме ставот на СДСМ кој апсолутно сака да се оди преку едно објективизирање на отпуштањето, или изборот на јавните обвинители тие што сега ја имаат функцијата јавен обвинител, наспроти да речеме ставот на ВМРО ДПМНЕ дека треба да дојде до коренити промени таму во структурата на јавното обвинителство за да се обезбеди функцијата на јавното обвинителство. Јас не верувам дека се тие крајно спротивставени полови да не може да се види државниот интерес. А тоа значи, ние каде гледаме. На секој од постојните јавни обвинители кои што чесно, одговорно, стручно, професионално си ја вршел работата да не му се загрози местото, но сите оние кои што не ги уживале сите тие атрибути и особини не можат да бидат понатаму јавни обвинители во името на она што се очекува денес во декриминализација на државата, борбата против криминалот, корупцијата итн. Можеме да најдеме решение ако сакаме. Треба да има политичка волја, треба да има подготвеност од сите пратеници, ако на преден план ги ставиме државните интереси дека тоа прашање можеме лесно да го апсолвираме.

Конечно мислам дека овој период што ни претстојува до извештајот на Европската комисија да го искористиме многу попаметно и рационално во смисла даземеме обврска, јас претпоставувам тоа ќе биде и еден од заклучоците, да земеме обврска сите политички партии, сите пратеички групи малку повеќе офанзивно да настапиме пред нашите колеги во Европа, пред пратеничките групи од различните групации во Европскиот парламент и во сите европски асоцијации и институции, дури како пратеници да бараме поддршка од европските и светските авторитети за прашањата кои што нас не засегаат: нобеловци, угледни луѓе од сферата на културата, државници итн.

И конечно ќе го спомнам само примерот на Португалија кога господинот Соарес беше премиер на Португалија кој што ја внесе Португалија во Европска унија. На седница на Парламентот донесоа посебна декларација во која рекоа наредните 6 месеци сите политички партии ќе бидат посветени на интеграцијата на Португалија во Европска унија. На страна ќе се стави мораториум на сите кавги и сите расправии да се фокусираат на оние теми кои што даваат позитивен сигнал за интеграција на Португалија во Европската унија. И затоа во неколку наврати спомнав дека можеби на Република Македонија и треба мораториум на расправите, на меѓусебните дискредитации, на потребата од усогласување на ставовите по клучните теми НАТО и Европска унија. Ако преземеме одговорност како одговорни политичари и се договориме дека тоа се двете најзначајни теми и прашања од интерес на Република Македонија, јас сум сигурен дека овие наши меѓусебни политички пресметки ќе попуштат во интензитетот и дека ќе докажеме пред граѓаните на Република Македонија дека сме одговорни политичари и дека сме способни да ја легитимираме Македонија како сериозен кандидат во Европска унија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петковски.

**Слободан Најдовски:** Надвор од темата имам една молба.

**Бесим Догани:** За молба може, процедурално не. Повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, навистина молба. Можеби е најдобро за да не се злоупотреби дека е некој политички маркетинг и ако треба нека не пренесуваат телевизиите. Но сакам да кажам, еве битолчани кои што сме во овој Парламент, гледате сите, постојано излегуваме разговараме. Според информациите кои што ни доаѓаат од луѓето и од новинарите навистина во Битола има пожар од големи размери кој што има опасност да загрози и население и станови и куќи. Јас би сакал да ја замолам Владата, сигурно ги прават сите напори, се во координација со луѓето кои што се надлежни за тоа во Битола. Но, би ги замолил сите можни потенцијали да се искористат, бидејќи она барем како што ни јавуваат луѓето, доаѓа во прашање и голем број на станбени куќи и на семејства. Затоа, еве, упатувам молба, бидејќи од она како што се реагираше деновиве, дали да се ангажираат повеќе, или како? Господинот премиер сега доаѓа. Во ред, јас прифаќам дека и вие сигурно сте во тек и се интересирате. И би ве замолил, и новинари се јавуваат и граѓани, би ве замолил накратко да кажете барем во три до пет минути колку можете како се ангажирате и кои се можности можат да се преземат, барем по она што не информираат ситуацијата навистина е алармантна.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

**Никола Груевски:** Значи, тоа е и причината што излегов надвор од просториите неколку пати до

сега. Во координација сум со директорот на Центарот за управување со кризи. Состојбата во битолско е алармантна. Како што знаете пожарот го премина патот и на некој начин навлезе кон Битола, зафати и неколку куќи. Сите противпожарникарни бригади во тој дел се ставени во полна работа, целата опрема и механизација исто така е ставена во употреба, се што постои во Република Македонија исто така е ставено во полна готовност и во употреба. Побарана е помош од Австрија за испраќање на еден хеликоптер кој што вечерва, или утре треба да пристигне за гасење пожари. А во моментов размислуваме за барање помош и од други држави. И разговаравме токму за тоа сега пред малку и со директорот на Центарот за управување со кризи. Така што сакам да ве уверам дека правиме се што можеме. Некогаш природата е посилна од се. Вие имавте ситуација кога во Америка имаше поплави, или пожари, па една таква силна држава не можеше да се спротивстави така лесно со нив. Некогаш огнената стихија знае да биде премногу силна. Но, ве уверувам дека даваме се што е во наша моќ.

**Бесим Догани:** За реплика се јавија господинот Положани и господинот Жерновски.

Три минути реплика господинот Азис Положани. **Азис Положани:** Јас навистина сакам да се придружам кон загриженоста за состојбите во Битола и што треба да се преземе. Но, мислам дека добро е исто така паралелно да се сконцентрираме и на работите тука, поготово кога со некои дискусии навистина се придонесува кон водење на работите во правец кој што би бил во интерес на решавање на проблемите и кои што се покренати во оваа дебата, но општи проблеми. Би било исто така корисно премиерот да го слушнеше тоа што господинот Петковски го кажа, затоа што на некој начин значи ние знаеме, можеме, имаме капацитет проблемите да ги свртуваме во правец во кој што навистина можеме да понудиме и решенија и да создадеме амбиент кој што ќе биде карактеристичен за едно демократскко општество.

Јас сакам во мојата реплика колку што е можно да кажам два, три збора околу тоа што и самиот господин Петковски го спомна како една од можните точки каде што треба да се разговара и кој што е дел од тој договор, а тоа е разгледувањето и дискусите, како што стои во договорот за креирање на Влада со Бадентеровото мнозинство. Во оваа прилика сакам да кажам дека воопшто не е точно дека со оваа идеја некој, а уште помалку ДУИ сака да наметне дека некоја победничка партија па било тоа и албанска, по секоја цена сака да биде на власт и само по тој основ мора да биде дел од владините коалиции, или на Владата. Идејата за оваа тема произлегува од конкретните состојби кои што ги предизвикуваше начинот на кој што господинот Груевски ја составуваше Владата и за кој што практично има потреба ова мултиетничко општество. Имено, ние имаме еден член 90 кој што му дава право на мандатарот сам да си создава Влада и кој што не беше предмет на Охридскиот договор. Има многу други членови кои што налагаат и на Владата и е јасно дека при реализација на својата програма и треба двојно мнозинство. И сега во Македонија ние имаме ситуација кога мандатарот си прави Влада како што сака, а од друга страна имаат потреба од поддршка и на другото мнозинство кое што не е само од мнозинските претставници. Затоа треба да се надмине оваа состојба во интерес на неповторување на ситуациите кои што ни се повторија и ни се повторуваат и ги доживуваме, во интерес на стабилизација на инситуциите и во интерес на недоаѓање на исти и слични состојби и во иднина. И затоа не гледам ништо лошо да се разговара, да се разгледаат сите модалитети овде во Парламентот.

**Бесим Догани:** Три минути реплика господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван господине Петковски јас мислам дека заедно сите овде во Парламентот се обидуваме да ја убедиме домашната и меѓународната јавност дека ова е една сериозна држава, дека Македонија е сериозна држава и дека во Република Македонија има сериозни и одговорни политичари. Мене многу ми се допадна кога веднаш по објавувањето на овој договор помеѓу Груевски и Ахмети, вие изјавивте нешто што беше интересно, затоа што всушност е коалициски партнер на Груевски. Имено, господинот Груевски, се труди, како што беше и денеска во овој Парламент, како и кога одговараше на пратеничките прашања и тоа го има изјавено во Брисел при последната посета дека всушност нема потпишан договор, туку се работи за усмен договор. Јас очекував денеска дас го кажете тоа што го кажавте кога ве прашав за вашиот став. Но веројатно испуштивте заради тоа што имавте некој друг план, за тоа што денеска сакате да зборувате. И да не должам сакам да ве прашам денеска уште еднаш да го кажете јасно и гласно својот став. Дали се уште за вас важи реченицата што ја кажавте дека за вас нема разлика помеѓ пишан и усмен договор?

**Бесим Догани:** Три минути реплика господинот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Јас реков тогаш и сега стојам на истото стојалиште, независно што некои медиуми тоа сериозно го критикуваа. Како правник навистина сметам дека изворот на право, тоа е од англосаксонското право дека договорите кои што се заклучуваат во усмена форма имаат иста јачина и иста содржина како и оние што се во писмена форма. Според тоа, за мене нема ништо ново тука.

**Бесим Догани:** Има збор во времетраење од 20 минути господинот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Почитувани колеги и колешки пратеници, јас мислам дека случајот на пожарот во градот Битола може да послужи и како симболика дека кога Парламентот и пратениците се запознаваат за такви случаи веднаш доминира сериозност која што е разбирлива и сфатлива, затоа што се говори за една опасност за граѓаните на градот Битола. И тука не само пратениците од тој дел, туку и граѓаните и сите ние сме загрижени. Меѓутоа, јас сепак би извлекол една паралела, со тоа што беше спомнато и порано тука, зарем треба да се случи некој политички пожар или пак нешто друго, некој друг вид на опасност за Македонија, за да и ние тука станеме сериозни и да пристапиме сериозно кон работата. За жал, јас сум на мислење дека ова е таков случај затоа што несериозноста при дискутирањето на еден значителен дел од дискусиите и многу конјуктуралниот пристап кој што го има и оваа Влада и многу пратеници кои што повеќе се грижат за конјуктурите и за рејтингот отколку за сериозноста на ситуацијата покажува дека нешто не е во ред. Според мое мислење нешто што некој го интерпретира како зборот кодош, или шпион, меѓтоа јас го толкувам како секретар за односи со надворешната јавност, со ДУИ. Се поставува прашање високи членови на Комисијата и на Европскиот парламент за ситуацијата во Македонија и ме прашуваат за тоа и да ви кажам право јас често пати сум пред една голема дилема, речиси секогаш сум пред таква дилема која што е малку и шизофренична, дека од една страна јас би сакал и тоа е програма на нашата партија, една од основните, главните точки Македонија да се интегрира во НАТО и Европска унија. Додека јас сум принуден да ги нагласам грешките на Владата и на мнозинството кои што за жал не донесоа во ова ситуација, за понатамошните чекори за интегрирање во НАТО и Европска унија сериозно се ставени во прашање.

Јас мислам дека за тоа време кое што ќе трае овој вид на владеење на господинот Груевски ќе не најде како што ја најде и Словачка кога на чело на извршната власт беше исто така еден поранешен боксер, господинот Мечеа кој што неколку години со ред го спречи, го забави процесот на интегрирање на Словачка, која исто така сакаше да се зачлени во Европската унија и претрпи истиот високи критики додека не се повлече и се тргна од власт господинот Мечеа.

Меѓутоа, тука не се говори и јас не би сакал на ниту еден начин, затоа што не сме во тек на изборна кампања, не сакам да кажам дека ќе говорам конјуктурални работи. Меѓутоа, прашањето што можеби некој не го рзбира или сфаќа или можеби некој не го сфаќа сериозно, можеби некој и манипулира е многу посериозно отколку дали е пишан или усмен договор, дали има или нема договор, дали има 45 или нема 45 закони.

Сериозно мислам и нагласувам дека да се работи за иднината на државата. И не случајно над 90% од граѓаните на Република Македонија го поддржуваат интегрирањето во НАТО и Европската унија, затоа што од елитите, од владите или водачите, претседавачите на владите што сме ги имале до сега, немам никаква надеж дека можат да ја осигураат, да ја обезбедат Македонија во прв ред, а тоа се прави со зачленување во НАТО, нема да можат да го подобрат стандардот и да ја отргнат Македонија од најлошите земји што се однесува до животниот стандард и вработување, сиромаштијата и корупцијата.

Искрено помислив дека ќе има придвижувања со промените што се направија во ВМРО-ДПМНЕ. Дури и на Мавровските средства сугерирав дека е краен момент од 2003 - 2004 година во тоа време беше господинот Дохчев, чинам, госпоѓата Ганка. Значи, треба да се направи реформа, затоа што ВМРО-ДПМНЕ со националистичка политика ќе се маргинализира и нема перспектива за раководење на државата, така како што треба, за да се направат потребните реформи за влегување во НАТО и Европската унија. Меѓутоа, ова формално и така беше јавено разгласено, со силен маркетинг, јас имам сериозен впечаток дека за четири години ВМРО-ДПМНЕ работела само на подобрување на јавните релации, на маркетингот. Ова покажува дека господинот Груевски не знаел кои закони се, а кои не се на листата што е поделена на пратениците. Меѓутоа, основна грижа е да го зајакне маркетингот. Неколку пати и на смешни начини, само за да се оржи тој рејтинг што веќе личи на рејтингот на претседателот на Таџихистан кој има 79 гласови. Меѓутоа, Таџихистан е со приходи од 1.000 долари по жител. Тоа е држава што е тотално сиромашна и нема никаква перспектива и желба да се интегрира некаде.

Другото прашање е и основното прашање за кое господинот Груевски манипулира како што реков, работел многу во таа насока и само со тоа и се занимава. Како да имаме некој препород, преродба во 100-тина чекори, за покренување на економијата на економијата и со реформите. Меѓутоа, за чудо ние цело време тука, во Парламентот или поголем дел од времето се занимаваме со прашања што всушност немаат врска со економијата.

Наредно прашање со кое на некој начин се манипулира од мнозинството пратеници, неалбанци овде од Парламентот е употребата на јазикот. Мислам дека тука, ова шоу што се прави, се прави заради патриотизам и создавање на атмосфера од страна на пратениците неалбанци за спречување на донесување на закон. Закон што би го уредил според Охридскиот договор, службената употреба на албанскиот јазик.

Меѓутоа, тука, повторно се плашам дека некој или мнозинството кое размислува на тој начин греши. Обединетите нации декларирале за 2008 година, како меѓунаодна година на јазиците, така ја декларирале. Се признава, прифаќа и се

нагласува дека мултилингвализам е средство за промоција, чување на диверзитети и на глобални култури.

Европската унија, што се однесува до јазиците, прокламираше три цели: да поттикне и тоа е стратегија за мултилингвализам, на Советот на Европа, Европска комисија, Европски параламент. И Стратегијата претставува три цели: да охрабри учење, да поттикне учење на јазици и промовира диверзитет во општеството, да промовира здрава мултилингвална економија и да овозможи на граѓаните пристап о законодавството на Европската унија, во процедурите и информациите на нивниот мајчин јазик.

Дали вие господа и почитувани дами знаете, исто така и населението, колку јазици се говорат, се пишуваат и колку материјали се распределуваат во Европскиот парламент? Дали знаете колку преведувачи има за разни кординирања во Европскиот парламент. Има 23 јазици почитувани господа. Има 500 преведувачи. Тоа е една цела армија за писмен превод и вербален превод, заради обезбедување на едно од основните права, а тоа е употребата на мајчиниот јазик.

Дали вие, дами и господо, знаете колку држави во светот се наредени во држави со многу службени јазици? Дали знаете дека во Јужна Африка има 11 службени јазици? Оние кои интерпетираат и манипулираат, избегнувајќи еден сериозен пристап, јас би им прочитал еден документ и студија што е направена за употребата на службените јазици. Во разни аспекти на употребата на билингвализмот е трилингвализмот и мултилингвализмот. Има еден цел сектор или група држави кои употребата, службената употреба на јазиците ја засноваат на индивидуалните права, не територијалните.

Затоа што тука, господинот Оровчанец во неговото експозе или поднесувањето на иницијативата спомна нешто што без оглед на позитивниот пристап и на добрата намера и еволуцијата што ја доживеал тој и многу други пратеници тука, некои од Педагошката школа во Скопје, некои и подоцна, некои што беа против универзитетот на албански јазики уште подоцна, сепак му останало нешто на господинот Оровчанец нешто што не се ослободил.

Господинот Оровчанец, спомнувајќи ги соседните држави кои што ја загрозуваат Македонија, спомна дека Албанија ја загрозува Македонија со свои експоненти кои што промовираат федерализација, што би водела до поделба на Македонија. Од годините на Милошевиќ кога политичките сервилни лица служеа на каузата на Милошевиќ, а знаеме дека тој цркна во Хаг, дури сега ова е една оригинална интерпретација, од порано се велеше, кога се бараше албанскиот јазик во средните училишта во Куманово, затоа што се промени Законот и требаше да се создадат мешени паралелки, да се говори македонски, дека со барањето на албанскиот јазик во средните училишта Албанците бараат голема Албанија. Потоа, со барањето универзитет на албански јазик, повторно беше голема Албанија. Подоцна, во нашето време, тука, кога се вративме се слушаше големо Косово. Сега сме имале опасност дека Албанија сакала со свои експоненти, јас не знам кој е тој експонент, би требало да е некоја голема политичка сила, јас не можам да се идентификувам со таа сила, сакала територијализација.

Оспорувањето на албанскиот јазик и основањето држава што би била легитимна, сега се прави преку опасност од федерализација.

Почитувани дами и господа, немојте да манипулирате затоа што ја оштетувате државата. Настојувањата и европските тенденции се да во обединета Европа нема ниту една држава каде што има 25% од некоја немнозинска група а да не биде службен јазик.

Дами и господо,

Ние не сакаме да се интегрираме во државите од Централна Азија и Централна Африка. Тука имам листа каде што се употребува службениот јазик на немнозинството што почнува од Белгија, Борунди, Канада и завршува со Тунга и Твулинг. Тоа се минијатурни држави што мнозинството граѓани не верувам ни да ги слушнале, затоа што имаат по илјада жители.

Значи, доколку Тонга, Тувари и Танзанија се во состојба да аплицираат два или повеќе службени јазици, доколку Јужна Африка има 11 службени јазици  и кога Европа пишува и господинот Груевски навредува многу од 558 пратеници што се во Европскиот парламент со тоа што ги прави нив тотално незначителни, затоа што тие што дебатираат или расправаат по комисиите, расправаат по дели денови. Даваат по 150 амандмани и уште 29 амандмани и пишуваат дека треба да се имплементира ова и ова, тие не се сфаќале, не не разбирале, затоа што тоа не било значајно за господинот Груевски.

Ова, за жал, личи на едно инсталирање што сме го имале во комунизмот порано и Србите после комунизмот, кој велеа - ние ќе бидеме горди, нема да ја слушаме ниту Европа, не ни треба Европа, не ни треба Америка, сите се во заговор, ние ќе јадеме и трева, меѓутоа ќе го сочуваме нашето национално достоинство. Јас се плашам да не се случи истото. Да не дојде ситуација да јадеме трева, затоа што така ми мириса. Затоа што јас не гледам перспектива на еден позитивен однос на Комисијата кога премиерот ни вели - лаже. Ајде да лажеме и ние тука, затоа што тука се било со лаги. Меѓутоа, и Европа да лаже? Тогаш ова е сериозно прашање. И Оли Рен. Така се вика, да.

Ова што беше кажано тука, јас мислам дека има уште малку време да говорам сериозно. Да не се напаѓаме сега, затоа што тоа ќе не извади од темата. Прашањето на перспективата на Македонија, тоа го кажа целиот свет, а тоа го кажа и мојот претходен говорник, целиот свет цело време ни говори имплементирањето Охридскиот

рамковен договор. И јас велам со 23% до развојот, со таков национален приход во споредба со приходот од Европа ние не можеме да влеземе со таков процент на развој во Европа. Хрватска има 50%, 50% развој. Грција имала 44% кога аплицирала, а ние со 23% не можеме. Можеме само да влеземе со Охридскиот договор. Можеме да станеме фактор на стабилност и станавме извозници на безбедноста, затоа што имаме наши војници во Авганистан, Ирак и Босна. Сега, за една година, целиот тој успех се става под прашалник.

Јас, навистина не сфаќам и ќе повторам, некој можеби не сфаќа, можеби манипулира, меѓутоа, господо, треба да се спроведува Охридскиот договор и амандманот 5. Ќе повторам уште еднаш амандманот 5 вели - јазикот што се говори над 20% е исто така службен јазик и јазикот што се говори над 20% ќе се употребува и во органите на државата, како што се утврдув со закон. Ние тоа го имавме во програма. Го велиме тоа, затоа што сакаме да влеземе во Европа, со имплементирање на Охридскиот договор комплетирано и треба да спроведеме законот за употреба на јазиците. Дали е или не е, бил гласан или не бил? Ова се само игри и циркус за народот, кој пати од пожари и глад . . .

**Бесим Догани:** Благодарам господине Буџаку.

Реплика од три минути има господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседател.

Почитувани пратеници, почитувани колеги,

Моето обраќање ќе биде до почитуваниот колега Агрон Буџаку, но исто така особено и до неговите колеги, сопартијци од ДУИ, до сите луѓе кои се на раководни позиции во ДУИ, а кои ја носат одговорноста во оваа политичка партија.

Моето прашање би било следно, поединечно и до Рафис Алити и до Теута Арифи и до Агрон Буџаку и до Азис Положани и до Тахир Хани и до Садула Дураку и до Џеват Адеми и до Али Ахмети и до другите.

Господо од ДУИ, поледниве пет години бидете искрени и кажете што е она што убедливо и најмногу сте го добивале како барање и побарување од вашите избирачи, од вашите граѓани, од вашите роднини, од луѓето со кои живеете, од колегите од средно училиште, од сите оние луѓе кои ги познавате? Што е најчестото барање што како луѓе, што како пратеници, како политичари, како министри сте го добивале?

Јас сум убеден и знам дека е тоа истото она барање кое што и ние, како етнички Македонци, како луѓе од ВМРО-ДПМНЕ, како луѓе од СДСМ и од другите партии го добиваме, а тоа е она што се нарекува вработување.

Дали сте немале 10 - 20 - 50 - 100 - 200 интервенции за вработување? На секое место? Кога одите дома, кога одите во вашето село, кога некого ќе покопате па после пола саат треба да седнете на ручек или на икс други места? Во 99% од случаевите сте барале и сте добивале побарувања за вработување. И, одговорната политика треба да биде онаа, која ќе ги пресретне, што ќе ги реши главните барања на оние кои се наши избирачи, наши граѓани. Во моментов, во Македонија, тоа е прашањето со вработувањето.

Доаѓаме до крунското прашање, тоа е членството во НАТО 1008 година на Република Македонија. Вие како ДУИ, како политичка партија имате, имате можност со акциите што ги преземате да го нарушите тој процес, можеби и целосно да го спречите. Но, на тој начин ќе водите не само антикедонска, туку можеби и антиалбанска политика. Затоа верувајте во државните органи можеме да вработиме 10 - 20 - 50 - 500 луѓе. Но, каде ќе вработиме 400.000 невработени? Од членството на Македонија во НАТО зависи дали во Бунарџик наредната година ќе имаме 4 или 14 фабрики. Ако имаме 14 фабрики во Бунарџик ќе имаме вработени и од Илинден и од Ѓорче Петров, од Арачиново и од сите места.

Да носиме одговорна политика што ќе овозможи членство во НАТО и вработување во Република Македонија. Затоа водете одговорна политика. Благодарам.

**Бесим Догани:** Блгодарам господине Ѓорчев.

Една минута контра реплика за господинот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Господине Ѓорчев ќе ви дадам еден пример.

Кога заминувам во моето место и ќе разберам дека во 2005 година, во Дебар од страна на власта добиле 29 милиони денари. Годинава доби еден милијон денари. Сето ова шоу што се прави во името на патриотизмот,од друга страна економската дискриминација се заострува на тој начин што ја доведува во опасност и социјалната кохезија во Македонија.

Што се однесува до граѓаните, колку побарале и колку им дале, за тоа ќе кажат изборните резултати.

Што се однесува во НАТО, НАТО ги има политичките критериуми, и Шефер го кажа тоа овде, еднаш рече исполнете ги. Треба да се исполни договорот од 29 мај.

**Бесим Догани:** Блгодарам.

Има реплика госпоѓа Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарма потпретседателе.

Почитуван господине Буџаку, мислам дека ги отргнавте нишките на дијалогот кој го почнавме со реториката на господинот Тито Петковски. Мислам дека имавте порадикален говор дури и од господинот Али Ахмети. Во говорот се задржувате најчесто на албанскиот јазик. Значи анексот 5 од Рамковниот договор е education бидејќи во точката 6.4. се кажува како се говори во меѓународните односи. Ние можеме да разговараме за закон за

употреба на јазици во делот таму каде што имаме 20% од етничките заедници. Но, можеме да разговараме и понатаму. Но, има нешто што многу круцијално го изговоривте, господине Буџаку, а тоа е императивот на Европската унија за мултилингвизмот. Така е. Но, од Рамковниот договор, можеме да имаме работна група за употреба на јазиците,но не можам сега да го вратам ретроактивно времето на Ѓорѓија Пулевски, кога имаше апсолутно добар македонско-албански речник, на Партение Зографски, Крсте Петков Мисирков. Значи сега што треба да направиме е следното:

Земете го вашиот автор Агим Пољоска, земете го Шабан Демиреј. Тоа се лингвисти од кои и те како треба да се учи. Јас деновиве ги вртам нивните книги и сум фрапиран од следниот податок. Има нешто штоне зависи ниту од вас ниту од мене, а тоа е лингвистичката порака која си ја ставаат и македонските дијалекти и албанските дијалекти. Знаете колку имаме заеднички зборови во мементов? 800. Но моето прашање е следно. Ако вашиот електорат имаше 105 илјади како ДУИ, како партија која е релевантен политички фактор на макеоднската политичка сцена и ако од овој,како сакаме да го крстиме, преговор, договор, имаме враќање на една политичка партија во Парламентот. Започна нашиот дијалог. Ние во овој момент разговараме и ќе разговараме во работните групи. Но што правиме со 80% население, Труци, Власи, Македонци. Што ако они го постават и ако тоа влезе во мултилигнизмот на Европа и на светот за други службени јазици. Значи сакам да ја вратам вашата радикална реплика, вашиот радикален говор на еден поумерен тон. Дајте да почнеме да разговараме на малку поинаков тон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Јас не сум од тие што викам Србија до Токија, па ќе остане како нокија. Јас барам да се почитува амандманот 5 кој вели - во органите на државната власт во Република Македонија службен јазик различен од македонскиот јазик. Јас барам закон за јазиците. Што се однесува до умереноста, јас не знам дали ме следевте од почеток, ви реков трендот за мултилингизмот и билинглизмот во ОН, во Европскиот парламент и во европските држави и ви реков најдете ми една држава во Европа, не зборувам за Тулу и Тонго, во Европа, и таму има мултилингвизам, каде има население што зборува 25%,нема службен јазик.

**Бесим Догани:** Блгодарам.

Три минути реплика за господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Почитуван господине Буџаку, за да говоримеи да се разбереме, без разлика дали на македонски или на албански или на некојд руг јазик, пред се треба да изградиме доверба односно да си веруваме во она што го зборуваме. За жл то ане можевме да го видиме во изминатиот период. За жал тоа можеби и не го гледаме и на оваа седница, иако беше замислена да изгледа поинаку.

Факт е дека има една политичка партија во Република Македонија која апсолутно се грижи само за својот рејтинг, а тоа е ДУИ, затоа што сите потези што ги правите во изминатиот период, сте насочени само кон вон популизам, само кон популизам кој не носи ништо добро на граѓаните на Република Македонија, особено не на оние што велите претставуваат односно за кои тврдите дека имаат најголема пдоршка, затоа што, да ве потсетам, во периодто кога меѓу другото разговаравме со вас за идната влада на Република Македонија темите кои што сега се отвараа,не беа тема, туку беа тема ресорите и т.н., за во меѓувреме откако не се случи тоа да станат тема, темите кои што се .

Она што оваа Влада го прави е апсолутно умна политика. Она што оваа Влада апсолутно го прави е политика на градење. Оваа Влада гради и тоа е најдобриот начин со кој им се помага на граѓаните на Република Македонија. Оваа Влада гради библиотека во Тетово, оваа Влада гради театар во Тетово, гради слободна економска зона во Полошкиот регион, гради спортски сали, гради игралишта, гради повеќе сали во училиштата, носи компјутери во училиштата и тоа е најдобриот начин да се помогне на граѓаните, тоа е најдобриот начин да се едуцираат граѓаните и да се отворат работни места заради тоа што тоа е најдобриот начин кон благосостојба и кон разговор за сите теми кои ги отварате, за кои апсолутно имате право да ги отворите и да разговараме во една смирена и релаксирана атмосфера. Релаксираната атмосфера пред се доаќа од реалксираните економски состојби. Се додека го немаме тоа,нема да можеме да разговараме релаксирано и за она за што разговараме.

**Бесим Догани:** Блгодарам господине Николовски.

Една минута контра реплика господинот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Благодарам господине Догани.

Мислам дека не се разбравме. Тие научиле неколку реченици напамет и ги повторуваат постојано.

Јас зборував за законот за употреба на јазиците и тоа како треба да го имплементираме тој закон. Јас зборував дека 29 милијони во 2005 година беа инвестирани во Дебар, а годинава само еден милијон. Другите статистички податоци, кога ќе зборуваме за ребалансот ќе ги кажуваме со шифри, од владините документи. Така што ако 40 милијони се дадат за Македонците, за изградба на ..., колку пари се даваат за универзитетска билиотека. Колку чинеше Универзитетот во Штип. Тоа се математички податоци. Темата денес е

договорот, што рече Оли Рен, дека без политички договор нема економски развој. Вие велите ќе имаме компјутери. Во Кондово навистина имаме проблеми, вие сакате компјутери.

**Бесим Догани:** Збор од 20 минути има господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, почитувани пратеници.

Оваа тема се провелкува од 31 мај и еве денес се сретнавем со неа, тема жестоко поставувана, има ли договор, нема ли договор, што станува со Македонија.

Нашиот процес на евроинтеграција и воопшто внатрешниот развој е само дел од овој процес во земјите во транзиција и сега во нашиот западен Балкан.

Ние треба да бидеме свесни дека не сме некое острово одвоено и затоа треба да обрнеме внимание и за тоа што се случува околу нас.

Господинот Оровчанец зборувајки за длабината на кризата, за тоа колку е таа тешка политичка криза во Македонија, меѓу другото набројав и што подготвува Грција, што ни подготвува Бугарија, што ни подготвува Србија, што ни подготвува Албанија и т.н. Навистина, ако се замислиме тоа се и застрашувачки работи. Меѓутоа, јас сакам да ви кажам дека треба малку и поинаку да ги гледаме работите, отколку само така да ги доживуваме трауматично сите тие состојби.

Во декември 2005 година јас бев поканет во Брисел и бев таму присутен кога се подготвуваше одлуката за да ни се даде статус на кандидат.

Во разговори со луѓе од голмите земји, од Англија, од Франција особено, па и од Словенија, разбравме дека најупорен подржувач и навивач Македонија да добие кандидатски статус, била Грција.

**Бесим Догани:** Господине Андов се извинувам, само ако може на момент да ве прекинам бидејки премиерот Груевски има важно соопштение во врска со настаните, па би му дал збор на премиерот Груевски, апосле ако има волја и желба, би можеле и да продолжиме со работа.

Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Јас се извинувам што прекинувам, меѓутоа сакам самод а го и нформирам Парламентот дека ќе морам итно да заминам за Битола. Таму ситуацијата е сериозна и сакам да кажам, од тие причини, во наредните часови нема да бидам присутен, но тука е заменик претседателот на Валдата, остануваат пратениците. Морам да одам таму да помогнам околу координацијата на тоа што се случи во Битола. Ситуацијата е прилично сериозна. Бараме помош од неколку држави, во контакт сме. Од многу градови стигнуваат пторивпожарни возила, најверојатно и граѓани ќе се придружат во гаснењето на пожарите така што го барам вашето извинување дек аморам веднаш да го напуштам Парламетнот.

**Бесим Догани:** Блгодарам господине премиер.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Не знам каква е состојбата, дали и не треба да прекинеме со седницата.

(Процедурално за збор се јавува госпоѓа Весна Јаневска).

**Бесим Догани:** Госпоѓо Јаневска се договоривме дке анема процедурално. Ако сакате можам евентуално да дадам десетина минути пауза да разговараме како ќе настапиме понатаму, или нека заврши господинот Андов.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Се разбира и мене крајно ме загрижуваат состојбите со пожарите и особено оваа во Битола, но ако веќе не сме таму и не сме во состојба непсоредно да помогнеме, а премиерот отиде таму, со сите други раководители кои треба да помогнат, да се спречат поголеми последици во Битола и други места, а ние барем нашата работа ако може потемелно  и поодговорно да си ја изработиме овде.

Реков дека застрашувачко сценарио од нашата околина овде, реков дека беше речено дека ете Грција намерава вака, Албанија намерава, Бугарија намерава, Србија намерава и тоа е дел од таа криза, наша тешка криза.

Јас уште еднаш сакам да кажам, кога ни беше доделен кандидатскиот статус, бев во Брисел и од претставници од Франција, многу високи претставници од Германија, Словенија, разбрав дека нјупорен  поддржувач Македонија да добие кандидатски статус била делегацијата на Грција.

Исто така, скоро бевме со господинот Бучковски во Бугарија. Сеопшта подршка на интеграционите напори на Македонија имаме од Бугарија, Албанија има свои тешкотии со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и нема никакви намери нам да ни смета, ниту такво нештоправи ине е убаво ние да ги возбудуваме со нашите граѓани и со вакви застрашувања. Албанија, покрај сите други тешкотии кои ги има, многу брзо економски напредува. Според тоа, на нашата околина ние треба да гледаме како на пријателско опкружување со кои имаме некои проблеми. Кој нема проблеми со соседите? Но, тие проблеми да се решаваат на начин како допушта современата меѓународна ситуација, меѓународно право, меѓународни односи, ќе успееме да ги разрешуваме. Таа наша околина, ако нависитна е така, да сака да не уништи, ние нависитна не би имале можност да очекуваме да влеземе во НАТО или во Европска унија. Имаме поддршка. Ако сите тие сакаат да не уништат и толку  се против нас и против нашето влегување таму,нема никогаш да бидеме примени, бидјеки на запад не сакаат да влезе уште еден непрестан судир со соседите. Тоа нам треба да ни биде познато и тоа е алфа и омега за опстамнок и напредок на секоја земја, па и на нашата Република Македонија. Меѓутоа, има нешто друго што се случува во

нашето соседство. Сите побрзо економски напредуваат од Македонија. Дефинитивно сите. Србија која долго водеше војна, или на некој начин беше вовлечена во војна, сега има веќе повисока плата од Македонија. Босна која имаше крвава војна, сега има повисока просечна плата од Македонија. Црна Гора сега има повисока плата од Македонија. Бугарија брзо ја зголемува платата , уште не е поголема од макеоднската, ама има многу повисокпроцент на вработени, па семејните приходи се многу поголемиотколку кај нас. Албанија, исто така брзо ја зголемува платата. Романија која од нас имаше помала плата, сега нејзината просечна пензија се приближува на 300 евра, знатно повеќе отколку што е овде платата. Нема друго. Ние нашите тешкотии не треба да ги трансформираме вопритисци и завери од надвор, туку треба малку да размислиме и да сватиме дека сите околу нас подобро си ја водат земјата отколку што ние ја водиме нашата земја. Тоа е причината зошто заостануваме.

Што е тоа во водењето на земјата? Во водењето на земјата клучно е, различните политички опции секаде ги има и без нив нема демократија, нивните претставници да имаат способно договорно да наоѓаат решенија, да знаат да прават меѓусебни договори и со договор да ги разрешуваат прашањата. Тоа е пракса на запад, многу одамна позната и затоа запад напредува и така е високо развиен. Демократијата е тоа, да се направи политички договр како тие сложени прашања ќе бидат решени.

Со господинот Петковски не се согласувам само во едно. Точна е неговата изрека усмен договор и писмен договор е еднакво вреден, но еднакво вреден во развиени демократски земји. Нашето исксутво укажува на нешто друго, дека политичкиот договор што се прави за да се измами политичкиот ривал, често е инструмент на измама. Затоа не е лошо ни кога се мисли искрено нешто да се договори да се стави на хартија, да не може ни едниот ни другиот од договорните страни да измрдуваат.

Сега да се вратам на овие состојби кои ние ги имаме овде кај нас, со кои сега се среќаваме.

Имаше голема викотница околу тоа дека господинот Груевски е интрансингентен, не сака да разговара со нив. Не е за дијалог. Се одлучи да докаже дека не е така, сака дијалог. Закажуваше со четирите партии, откако ДУИ излезе од Парламентот, со четирите партии и како што знаете доаѓаа само една партија и тој како организатор. И, тоа сите го паметат. Сликите уште се живи и дека од една страна седи Груевски, од друга страна седи Тачи, од една страна од кај Груевски еден празен стол и од другата страна друг празен стол. На крајот, сепак, се заврши, бидејќи само тоа беше можно, само ДУИ прифати да разговара, разговарал господинот Груевски со господинот Ахмети. Разговараа скоро два месеца, соопштија на конференција за новинарите дека успешно ги завршиле разговорите и ДУИ ќе се врати во Собранието и почнаа прво напади дека договорот што го направиле е нетранспарентен и дека тој договор го поништува Рамковниот договор. Дали човекот беше испровоциран со тоа или не, кажа дека нема договор. И, направивме, сами си ја направивме, ниту Грци, ни Албанци, ни Бугари, ни Срби, никој, направивме една збрка. Како тоа два месеца да се преговара, да нема договор.

Еве, денес убаво разбравме оти договор има и тоа за три точки е договорено конкретно решение, а за три точки или за две точки е договорено да се разговара. Тоа, по мое мислење, е напредок во Македонија. Тоа е напредок, бидејќи ова што го договори господинот Груевски попрецизно определува неколку работи, што инаку во програмата ги има и ДПА и како свои барања ги има ДПА и кои сигурно со нив се разбрал претходно, нормално е сега усогласувањето што го постигнал со ДУИ дека фактички ја јакне позицијата и на ДПА еднакво, затоа што такви барања имал и ДПА.

Јас сега внимателно ги слушав господинот Груевски и господинот Ахмети и вака дојдов до сознание дека тие двајцата точно кажаа за што се договориле. Тие се договориле за три прашања дефинитивно, за Деловникот, за 46 закони да се донесат по Бадентер, а од тоа 45 да влезат во Деловникот. Еден да биде посебно изготвен. Е, господинот Ахмети смета дека и тој треба да влезе овде, така што тука е таа разлика, што апсолутно не е значајна таа разлика и таа се решава. По овие две прашања за Бадентер и за жртвите на конфликтот да се разговара понатаму.

Ако толку блиску сме до разрешување на еден голем проблем овде кај нас, ако така се договориме, а така произлегува, не гледам ништо случајно овде, и едниот и другиот тоа го кажуваат, тогаш се разбира ние сме исчекориле во нашата практика и дека фактички сега сме приближно веќе поосспособени да ги решаваме и тие други прашања, од правосудството и тн.

Што се однесува до ова болно прашање за жртвите од конфликтот од 2001 година, некој ги вика жртвите од ОНА, некој ги вика не знам како и тн., всушност секој вооружен конфликт во секоја земја остава траги и трауми за поединци и на семејства. Секоја земја што доживеала внатрешен конфликт вооружен, особено ако е и меѓуетнички обоен, мора да најде сили тие последици не да ги реши, на никого не може раката некој да му ја врати или ногата да му ја врати и тн. но да ги ублажи. Не може наместо него, тој да ги гледа неговите деца. Не, не може тоа. Но,треба да се види дали може да ги ублажи. Секоја земја така постапува и со тоа го завршува конфликтниот период, со такви мерки го завршува периодот на конфликт и го става конфликтот како нешто што минало и тн.

Затоа, ние треба многу да не викаме на ОНА и на овој или оној, туку жртвите на конфликтот. Тука

има и Македонци, има и Роми, и има и Турци, има и Срби, има и Албанци и тн. и секоја земја за жртвите од вооружен конфликт морала и била принудена да преземе мерки да ги разреши. Тоа е прва нејзина хуманитарна и социјална обврска. Во предминатиот век граѓанските војни што биле, еден на една страна, друг на друга страна, престанува битката, се седнува и се гледа кои се тие последици и како тие да се отстранат. Сите мора да добијат некои можности за подносливи услови за живот. Така што, тие работи мислам дека се од човечки аспект, има и државен аспект кој не тера да му обрнеме внимание.

Што се однесува за јазикот односно за законот за јазиците, тоа како што разбрав, е договорено, тоа е 46-тиот закон и тој треба да се изготви, да ни го пуштат во постапка овде, ние да видиме како се согласува со амандманот 4, со амандманот 5, да продискутираме, да ги ислушаме сите наши мислења, а ќе ги ислушаме и мислењата на експерти и сигурен сум дека ќе најдеме некое решение. Ако ние го отвориме тука патот и ги отстраниме блокадите, морам да ви кажам ако тука има блокади денес ќе бидт од ДУИ, можеби утре од ДПА да бида, ако се тие етнички условени тие блокади, тие последици кои не можеме да ги разрешиме. Не сме во состојба да ги разрешиме, тогаш ние ќе имаме секако тешкотии.

Затоа, ние треба да се однесуваме како сите да се наши државјани, а наши државјани се. Тие тогаш ако еднакво за жртвите од конфликотот се однесуваме кон нив, тие еднакво ќе се однесуваат и кон нашата држава. Така се гради и државата, така јакне и државата. Ние омразите само не може да ни бидат нас и политика и лек за сите трауми на населението и на граѓаните. Тоа не бива. Затоа, мислам дека оваа седница е потребна, ако ништо друго да покаже оти сме способни за политички договори, способни сме да дојдеме до политички договор, способни сме да ги спроведуваме политичките договори. Еве, јас внимателно го слушав и господинот Ахмети , ниту еден збор не рече да заснива некое барање, ве молам слушајте и проверете го стенограмот надвор од рамките на Рамковниот договор. Значи, секое решение таму го сместува. Тоа е ставот на ДПА исто така. Да не не чуди нас што тие имаат блиски резони по тие прашања и ќе ги имаат.

Затоа, мислам дека и седницата е добра и акцијата на Груевски е добра, успешна е и треба од ова да извлечеме заклучок како наскоро да си ги решиме сите прашања во државата и да го отвориме процесот н интеграција во европските интеграциони групации. (Аплауз).

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Андов.

Процедурално рековме дека нема, господине Оливер Спасовски.

Јас би го замолил господинот Бучковски, кој е на ред, пред да земе збор, дали би можеле да направиме една кратка пауза, за да се договориме околу случајот.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе,

Јас ја слушнав забелешката на колешката Весна Јаневска и сакав и јас тоа да го предложам. Мислам дека, овој условно речено политички пожар го ставивме под контрола и не е ургентно да ја продолжиме седницата. Мислам дека е добро да биде тука и претседателот на Владата и господинот Ахмети, дали ќе биде утре или задутре, да продолжиме во овој конструктивен тон и да ја олесниме работата на работната група да излезе со политички заклучоци.

Значи, мојот предлог одеше во насока на она што госпоѓата Јаневска и господинот Спасовски го предлагаа, да ја прекинеме седницата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Бидејќи, оваа седница беше договорна седница, ја договоривме на координација, јас пак ќе дадам една пауза за уште еднаш да добијам согласност од сите координатори. Значи, координторите во Охридска сала. Ви благодарам.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи во 21,55 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места.

(Минуваат минути на чекање)

Ги молам пратеницит да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Почитувани дами и господа пратеници,

За време на паузата добивме информација дека пожарот во Битола се шири. Истовремено, сите надлежни институции се максимално ангажирани состојбата со пожарот да ја стават под контрола.

По опсежна дискусија дали да ја прекинеме денешната седница, се одлучиме да продолжиме со работа, поаѓајќи од потребата сите институции да си ја извршуваат својата работа во овој момент.

Затоа предлагам да продолжиме по редоследот кој го имаме.

(Господинот Ивановски бара процедурално)

Господине Ивановски, се договоривме да нема процедурални.

Ова мое процедурално е по координација. Јас зборувам во име на мнозинството кои беа на координација.

Во ред, ќе направам еден исклучок, ќе му дадам збор само на господинот Ивановски да го каже вашиот став, оти сте биле против, повелете.

**Игор Ивановски:** Би започнал, господине потпретседател, но не гледам дека има атмосфера за работа во ова Собрание.

Сега е 22,00 часот. За жал, покрај тоа што денеска се случува континуиран пожар, организиран од страна на Владата, во ова Собрание, имаме и новонастаната алармантна ситуација во Битола и во околните градови. Во

ова Собрание никој не прави паника, но сепак ние сме разумни луѓе и сакаме да дозволиме Собранието да работи во сериозни и нормални услови. Воопшто нема да биде проблем Собранието да продолжи и овие три часа кои се изгубија во паузи и процедурални забелешки да бидат надоместени со расправа утре.

На крајот накраиштата и по двата основа оваа седница се закажа дури во оној момент кога се смилува премиерот Груевски да присуствува на неа. Тој во овој момент не е присутен. Апсолутно од политички аспект како еден од предлагачите претставник на партијата СДСМ, сметаме дека таа не треба да продолжи и треба да оставиме простор во една смирена и здрава атмосфера тоа да го направиме утре или некој друг термин.

На крајот на краиштата ова Собрание не се свика за вонредна ситуација денеска и вечерва, вие ја напрвивте таква ситуацијата и очекуваме дека ќе имате малку усул, што би рекле старите, во ваква ситуација да не продолжиме да работиме. Има луѓе што треба да патуваат, има луѓе кои сакаат да бидат во местата каде има проблеми, вие тоа го оневозможувате.

Од тие причини, потпретседателе, барам седницата во овој момент од многу причини, објективни, не субјективни, да престане и да продолжи во термин кој ќе биде дополнително утврден. Ако не може утре и задутре може во петок, бидејќи во четврток има пратенички прашања не ни требаат повеќе од 3 часа, согласно она што го договоривме на координација.

На крајот на краиштата во овој момент немаме ни усогласени заклучоци помеѓу пратеничките групи и најмалку што е потребно оваа седница да заврши како фијаско и дебакл, впрочем како што и започна.

Од таа причина барам од вас, во име на пратеничката група, оваа седница во овој момент да престане, бидејќи доста се ефтини и ситни финти. Многу е сериозна работата не само за ова што го разговараме, туку, за жал, и она што се случува надвор од овој дом. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

За ваша инфорамција само можам да кажам дека повеќето од пратениците кои се од тој реон веќе заминале во својот реон да помогнат.

Како што реков и на почетокот, ова е договорна седница, значи договорена помеѓу пратеничките групи и затоа јас не можам да ја прекинам седницата.

Би го замолил господинот Владо Бучковски да земе збор, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека инсистирањето на дел од владеачкото мнозинство по секоја цена во вакви вонредни околности да ја завршиме седницата го расипа добриот впечаток што во последните два часа се создаде во салата. Не знам чуму сето ова инсистирање вечерва да заврши седницата, кога условно речено двајцата “пиромани” кои го направија политичкиот пожар, не се тука.

Јас навистина требаше да бидам во улога на пожарникар и прифатив да бидам пожарникар. Затоа што ме посочуваа дека нешто сум ветил и условно речено сум потенцијалниот пироман, сакав да му објаснам на господинот Груевски, а да слушне и господинот Ахмети како стојат работите. Не знам дали вреди тоа да го говорам затоа што не гледам другите кои, условно речено, се лева рака на премиерот, не се тука, сметаат дека овој политички пожар можат да го контролираат, а таму природната стихија не можат да ја контролираат и проценија дека треба да бидат таму, што се согласувам дека така требаше да биде. Седум осум пратеници отидоа таму. Овде првиот ред дофрлаше дека треба да ја прекинеме седницата, некој донесе политичка одлука дека е веројатно добро да ги истрпиме овие од опозицијата уште два часа да им ја затнеме муцката и да не говориме веќе на оваа тема.

Но, драги колеги пратеници, тоа е исто како убедувањето од пред една недела на директорот на Дирекцијата за управување со кризи кој не убедуваше дека нема потреба од превенција, дека нема потреба да се јавиме на пријателските држави да ни донесат хеликоптери, канадиери, за да денеска имаме проблем да правиме паника. Истото ќе се случи ако не не сфатите сериозно. Јас ќе се обидам во овие 15-тина минути крајно отворено и сериозно, мислам дека тоа требаше да го слушне премиерот, да говорам за проблемите кои тој самот ги создаде.

Прво, не само за тоа што ценетиот колега правник, но и колега од Парламентот Тито Петковски говореше за усните договори, јас уште еднаш сакам да го повторам тоа што мора сите овде да го знаеме, независно дали сме правници или не. Дефиницијата за договор, тоа важи и во политиката. Не говорам сега како професор по право, па да држам предавања за договорно право. По дефиниција договор е согласност на волјите на две или повеќе договорни страни. Формата на склучување на договорот може да биде усна, може да биде писмена, може да биде со комплудентни дејствија, а договорот си останува договор. Формата е ирелевантна уште од времето на Римското право, јас им предавам на моите студенти, кога поминало времето дека формата ја чини суштината на договорот. Тоа ниту во политиката ниту во правото не е битно, формата не е битна, битна е суштината. Суштината конечно излезе на виделина. Но, испадна, сега ќе говорам на почетокот со правнички речник, дека имаме заблуда. Дали договорот има пет или три точки. Тоа го истеравме на чистина - имаме три точки. Јас очекував дека за тие три точки ќе постигнеме

консензус не во овие предлог заклучоци кои овде ги лиферувате, никаде не се спомна тој договор. На тој начин барем успешно да ја затворевме оваа расправа, да признаеме дека договор има, дека потписниците на договорот односно договорните страни, бидејќи нема потпис.

Да ве потсетам, Европскиот парламент, но и во сите други документи веќе ВМРО ДПМНЕ и ДУИ не се спомнуваат. Се користи терминологијата власта и опозицијата. Опозицијата имаше шанси да се произнесе дали е согласна да биде содоговорувач. Значи, сега имаше две, а сега ќе има овеќе страни. Дали сме подготвени ние да учествуваме во реализација на тој договор овде во Парламентот. Искрено речено треба да бидеме свесни и да посочиме кој е виновникот зошто ова денеска го имаме како проблем. Значи, нема нов мајски догово затоа што така сакал Ахмети или Груевски, има нов мајски договор затоа што не се имплементира Охридскиот рамковен договор.

Охридскиот рамковен договор е столбот, почитувани пратеници, на кој почива ова модерна Македонија која сакаме да биде Европска. Заради имплементација на тој договор го добивме статусот кандидат за членство во Европска унија.

Ако е нешто фалично во оваа конструкција која почива на овој столб, тогаш треба да видиме што е проблемот. Во овој момент констатирано е, не заради тоа што ДУИ направил проблем, констатирано е дека се прекршени два основни принципи на кои почива овој Рамковен договор.

Прво, принципот на спречување на мајоризацијата, што се случуваше во овој Парламент каде вие бевте соучесници. Значи, мајоризацијата како принцип ние со Охридскиот рамковен договор ја релативизиравме, направивме коректив за определени прашања, затоа го имаме двојното мнозинство или Бадентер. Бидејќи тоа се крши, имаме список од 46 закони што, според мое мислење, како правник е несреќно решение. Но, подготвен сум кога ќе дојде тој закон овде да разговараме.

Мислам дека од трите договорени точки меѓу Груевски и Ахмети уште на почетокот има една фалинка кога ќе дојде во судир со уставноста и законитоста. Оргинерни се надлежностите што ги има Комитетот кој ги регулира односите со заедниците. При евентуален спор тој треба да цени дали законот треба да се носи со двојно мнозинство или не, а не во овој момент да го ограничиме на 46 закони. Што правиме со најбитниот закон што не сте го напишале, Законот за верските за едници и религиозните групи? Дали има по суштествен закон кој ги допира меѓу етничките односи, а сте го заборавиле да го напишете. Џабе ви е тој еден експерт за сите времиња или вие 6-мина сте седнале таму, овде има 120 умни глави. Ги гледам од оваа страна Тачи, во средината господинот Андов, најмногу од оваа страна од СДСМ луѓе кои учествувале во носењето на Охридскиот рамковен договор но кои имаат искуство во имплементирањето. Господинот Андов, сега можам да му признам, беше виртуоз. Јас можам да спорам со негови ставови што ги изнесе за време на кризата, но начинот на кој го изменаџира како прв човек во Парламентот носењето на Охридскиот рамковен договор реално беше виртуоз. Од една страна да ги имате не овие пратеници од ВМРО ДПМНЕ, еден двајца од нив ја создаваат атмосферата, па викаат референдум за Охридскиот рамковен договор, од друга страна ригиден притисок на албанските политички партии веднаш да се донесе, од друга страна реалноста, фактичката состојба и тука дојде до израз неговата мудрост, купи малку време, ајде како ќе го реализираме Охридскиот рамковен договор по фази така полека да се олабавува имплементацијата на другите делови од тој голем договор. Тој голем договор не можеше политичарите да го донесат ако немаше прекин на огнот и ако немаше порака до поранешните припадници на ОНА дека ќе бидат амнестирани како политички, од наша страна, упатен сигнал до нив дека ќе биде неопходо разоружувањето.

Сега кога говориме за третата точка од овие проблематични односи меѓу власта и опозицијата, да не спомнам проблемите меѓу Груевски и Ахмети или Груевски и другите лидери на владеачките партии, треба да се вратиме на суштината на проблемот. Дали овде во Парламентот имаме дилема дека треба до крај да го имплементираме Охридскиот рамковен договор? Јас мислам дека нема. Или тоа декларативно така стои ако нема, тогаш прво што треба до напишеме во овој наш заеднички заклучок дека целосно ќе го имплементираме Охридскиот рамковен договор, но треба да се договориме што подразбираме под него.

Сега не е тука господинот Груевски, почитувана потпретседател на Владата, вие го претставувате Кабинетот затоа што останавте вие и господинот Јанакиески, ќе му пренесете на претседателот на Владата договор меѓу Бучковски и Ахмети за реализација на овие две прашања немаше. Немаше договор. Затоа што го немавме текстот за кој треба ние да се договараме. Но, постоеше договор дека после изборите овие две прашања мора да се решат.

Како прво, употребата на јазикот е едно од најчувствителните прашања. Ова што го читаше сега господинот Буџаку, ако внимателно го читате, сега ние овде може да се присеќаваме оние кои преговараа во Охрид што сакале да кажат авторите и каков е духот на Охридскиот рамковен договор, но дефинитивно нешто што ја плаши македонската јавност, ние во Уставот сме напишале во амандманот 5 дека друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член. Ние, дефакто, имаме втор службен јазик, но овде има во ставот 3 и 4 ограда дека 20% од населението кој го говори тој јазик, но има став 5 кој создава забуни и тоа е

несреќната формулација, што вели некој, ја користат евродипломатите, употребата на албанскиот јазик во јавните институции. Бидејќи е несоодветен и преводот, но ние сме се обврзале, ова е Устав, ние треба да го имплементираме. Велиме во органите на државната власт во Република Македонија службен јазик различен од македонскиот јазик може да се користи во согласност со закон. И овде почнуваат нашите проблеми. Колеги пратеници.

Владата може да даде еден, друг или трет предлог. Еден од предлозите кој денес го лиферуваше претседателот на Владата, јас го разговарав со господинот Ахмети. Дали сака оние 11 закони што ги донесе во претходниот период Парламентот да ги донесе Црвенковски, Ахмети, или Костов и Ахмети на крајот Бучковски и Ахмети парламент, 11 закони каде се операционализира употребата на албанскиот јазик.

Јас тврдам тоа е мое мислење, дека ние со сите сили треба многу повеќе да видиме дали се имплементираат овие 11 закони, пред се процесните закони, имале ли доволно пари за сите оние кои требаше да ги вработиме, ги едуциравме ли доволно. Јас гледам овде со преведувачите кои се веројатно едни од најдобрите, какви проблеми имаме. Па на почетокот се збунив, што збори господинот Ахмети за каков молер, па да испадне Молиер. И, да не продолжуваме понатаму. Значи, многу е суптилна работата на тие кои треба да бидат гаранти дека се почитува едно од оргинерните права на граѓаните на Република Македонија кои се припадници на албанската заедница. А тоа е да се обраќаат на државните институции, на мајчиниот јазик. И сега, господине Јанакијевски тоа ќе биде најинтересно кај вас, не кај колешката Коневска. Подрачни единици има Министерството за транспорт и врски 34, нема веќе, се отиде, среќа. Значи, треба некој посоодветен да најдеме, каде што условно речено до сега не го имплементирале Рамковниот договор и нема квалификувани преведувачи. А воведувате како дел од административната гилотиња правило молчењето на администрацијата значи одобрување. За 15 дена нема превод на барањето на господинот, кој да го земеме таму, на мојот пријател Садула Дураку. Сддула Дураку не знаете што пишува, доби овластување, па ако треба нека биде и за Липковското Езеро. Незнаете да прочитате, незнаете да му одговорите. Не е битно, ја карикирам работата, затоа што мислам дека ја релативизиравме, сиот овој набој за да знаеме за што говориме. Е тоа е тој толку страшен јазик кој треба да се употребува од граѓаните. За тука јас немам дилеми. Имам дилеми, тоа сакав да му го кажам на претседателот на Владата, затоа што тоа не е барање на ДУИ. ДУИ никој пат, во разговорите што ги водеше со Владо Бучковски не бараше прво пратениците да го имаат тоа право. Цело време инститирав прво тоа да го имаат граѓаните. За тоа сум разговарал и со моите колеги и пријатели имам од ДПА. Значи, не е тоа барање ни на ДПА, прво да се обезбеди право пратениците да говорат. Треба и на граѓаните кои се во албанската заедница, да им обезбедиме да го користат тоа право. Овде е направена првата грешка во чекори. Значи, сега барате ние тој пожар што се направи, значи догорчето е фрлено со експресното ставање на дневен ред на деловникот и фамозниот член 3 каде дефакто тоа мириса на прејудицирање како ќе биде регулирано со законот за употреба на јазикот. Парекселанс е оваа државна институција. Значи, симбол на државата е Собранието и затоа ние треба да одиме малку по малку, чекор по чекор напред и тие силни пари што ги давате за кампањи, дајте да ја подигнеме свеста кај просечниот македонски граѓанин, колку е битно нашите сограѓани Албанци да го користат својот мајчин јазик, да не плашиме дека ако ја направиме двојазична Македонија, ќе ја федерализираме. Не е тоа идејата. Не е тоа духот на Рамковниот договор, или оваа тема која сите ги оптоварува. Значи, има тенденција. Тоа е рецидив веќе од она радикално ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека сега овде имаме многу поумерена пратеничка група.

Значи, да тврдат дека било какво отворање на прашањето за решавањето на социјалниот статус на поранешните припадници на ОНА е пензии за поранешните војници на ОНА. Драги пријатели пратеници, во Парламенто ние немаме, за бранителите за кои носевме други закони за пензија, нема да го правиме тоа за припадниците на ОНА. Значи, за нив имаме регулирано социјален статус на загинатите. Сега овде се разговара, значи треба да правиме дистинкција. Има три категории на припадници на поранешната ОНА, како што имаме и категории за припадници на Армијата и Полицијата кои беа од резервниот состав и кои останаа во аманет, да се реши нивниот проблем.

Значи, имаме три категории, загинатите припадници на ОНА. За нив, за жал, како и за загинатите припадници на Армијата и на Полицијата не можеме ништо да направиме, освен да почиваат во мир и на овие наши седници повторно да ги подреваме националистичките страсти што некој сака да го прави. Значи, да најдеме сега утеха за нивните семејства. Тоа е хуманата димензија на секој конфликт. Така завршува помирувањето, ресоцијализацијата како што велат странците па и ние направивме таков термин. Тоа треба да го направиме и со втората категорија. Таа втора категорија се инвалидите. Отанува третата категорија, поранешните припадници на ОНА, што станува реалност, ги имате и од десната страна и од левата страна. Дел од нив се пратеници, некои од нив станаа директори, но некои останаа без леб. Сега треба некои невладини организации, како еве сега да спомнам некоја, не и правал реклама МЦМС, да прави ресоцијализација и на дел од нашите бранители кои беа од резервниот состави на дел

од овие припадници и даalечеме од 300 луѓе да успее за 100 од нив да најде работа. Па тоа не е работа за невладиниот сектор, секоја чест Македонија што сака да биде граѓанско општество. Тоа е задача на пратениците. Владата ако нема идеја, па ние можеме да дадеме идеја како да се решат овие прашања. И со ова ако се затвори овој политички пакет и ако Македонија добие членство во НАТО и почне преговори за Европската унија, тогаш е небитно дали некој лажел, дали имал шило, дали некој вртел, важно е Македонија да оди напред. Јас не гледам дека овде има атмосфера и за ова. Сега малку ми е непријатно, ми изгледа дека јас сум во улога на некој некрофил. Таму луѓе се борат да ги спасат своите семејства, своите куќи, јас овде говорам како да пожарот ќе ја зафати Македонија, но таа е нашата улога, велите да бидеме професионалци, ајде да се однесуваме професионално, но и оваа дискусија беше задоцнета. Оваа дискусија, јас ви порачував и јавно давав изјави дека сум подготвен овде и другите пратеници, да ја водиме пред три месеци. Целиот проблем настана на оној фамозен 31 мај кога не се покажа договорот. Нема бегање од вистината. Значи, да беше целиот овој процес воден транспарентно, јас ви тврдам дека до сега ќе ги решевме овие прашања. Два месеци изгубивме непотребно, се конфронтиравме на тема на која не смее било кој пратеник да се конфронтира. И затоа ми се допадна, овде во првиот ред има неколку јастреби, не мислам тука на Шамбески, тој е меѓу двајца млади јастреби кои сакаат да собираат поени. Денес прв пат некој ги подучи, се обидоа да бидат поумерени, да говорат за економија, за просперитет, но ни порачува нешто почитуваниот Александар дека нема економски просперитет. Тоа е запишано во Декларацијата на Европскиот парламент. Ти добро зборуваш, ќе изградиме библиотеки, ќе изградиме ова, ќе изградиме она. Прво, треба да се изгради доверба. Довербата трешко се гради. Не може ни тебе да ти заборават што се си говорел по повод трагичното убиство на Ванчо Јосифовски. Не можат да му заборават на Влатко Ѓорчев што се зборувал за Педагошкиот факултет или Академија. Треба да помине време. Треба да правите дела за луѓето да ви веруваат. Овде има и поискусни луѓе кои не се гаталци, туку паталци. Треба да ги искористите нив, да направите една поинаква атмосфера во Парламентот. Ова не е непраијателско опкружување за премиерот. Премиерот е најсилен во Парламентот затоа што, јас ви тврдам секој пат во Парламентот ќе најдеме и неформален начин ние 120 меѓу нас полесно да се договориме, отколку ако седнат четворица лидери плус претседателот Црвенковски. Според моја проценка пиши пропало.

Дајте овде, како што сега се обидуваме нешто да извлечеме во последен момент, да демонстрираме дека во Парламентот е главната политичка сила, независно чиј е предлогот и чиј е договорот. Јас и на почетокот реков и сега за овој договор, дали од три или од пет точки, секогаш сум подготвен да го дадам својот максимум и да дадам максимален придонес, да го афирмирам и во Парламентот и во македонската јавност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Процедурално за збор се јавува господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Во име на пратеничката група на СДСМ, барам да добиеме еден час пауза заради тоа што навистина имаме преголем број на јавувања, ќе мора да направиме консултации и со нашите општински организации, меѓутоа и во пратеничката група како понатаму да продолжиме со работа на оваа седница што гледаме, полека но сигурно се претвора во една фарса и мислам дека би било коректно да имаме еден час пауза во кој ќе можеме да направиме дополнителни консултации реков и со општинските организации и пратеничката група и потоа да соопштиме пред Парламентот, како ќе настапуваме понатаму.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасовски.

Објавувам пауза до 23,27 минути.

(По паузата)

**Бесим Догани:** За реплика се јавија господинот Николовски Александар, Шамбевски Оливер и Поповска Лилјана.

Има три минути за реплика господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Иако, колегата Бучковски, за жал, не е тука во моментов, веројатно одлучил во овие доцни часови малку да одмори, јас би сакал да исполемизирам, да искоментирам дел од работите кои што ги кажа.

Прво, би сакал да констатирам дека имаше нависитна храбар и смел говор, говор кој штоне се препознава во политиката на СДСМ и говор кој што не можеше да се препознае во политиката на СДСМ додека СДСМ беше на власт односно додека премиери беа Црвенковски, Костов и токму Бучковски.

Овде се отвораат неколку клучни прашања кои што би сакал да ги поставам, а тоа е дали според она што го говореше Бучковски, а тоа е дали има Охридски договор два односно дали има анекси на Охридскиот договор за кој што ние не знаеме, за кој штолуѓето кои не беа во Охрид и кои тогаш не преговараа, не знаат.

Второто прашање е ако тоа го нема, тогаш за што зборуваше Бучковски, дали тој има некакви лични договори или само зборуваше како некој лош претскажувач на иднината, што тој мисли дека ќе се случи во иднината и што е реалноста.

На крајот, она што е клучно прашање е дека до колку ги има овие визии дека до колку ја имал пред себе оваа реалност односно дека го имал ова мислење, зошто во годините додека беше премиер не ни го кажа ова отворено, не мораше да го спроведе, барем да ни кажеше за да наредните генерации бидат спремни дека има работи кои што не се завршени. Заради тоа што денес отвори едно многу интересно прашање, а тоа е по однос на таканаречените две точки од договорот кои што не постојат и за кои што кажавме дека не постојат за јазикот и за таканаречените борци на ОНА. Дали некој на ДУИ им ветил пред изборите дека до колку победи ќе бидат решени. Очигледно нешто имало, можеби нема договор, но нешто имало.

На крајот, за она што беше посочено, за што бев лично посочен, му благодарам на квалификацијата за млади јастреби. За среќа јастребите во САД ја водат политиката на антитероризам и таа е многу популарна политика и тоа е основна политика и ми е мило што така не ословува и колегата Ѓорчев. Би сакал само да кажам дека по однос на случајот кој што го спомна на матурантот Ванчо Јосифовски, јас не би сакал да му чепкам по коските, само да кажам дека 5 години го имам истиот став. Горд сум што пред 5 години 30 илјади млади луѓе излегоа и имаа свој став. Горд сум на тоа што таа генерација тогаш имаше став, таа иста генерација и денес има став. Горд сум на тоа што после 5 години убиецот конечно го стигна правдата и имаме еден комплетно затворен случај. Би сакал да се заблагодарам на храбрите луѓе во судството кои што и погледнаа на вистината во очи и сакам да се заблагодарам на 30 илјади луѓе кои што тогаш имаа 18, а сега имаат 23 години, имаа и имаат став. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Господине Спасовски, ќе ве молам да го кажете вашиот став, бидејќи паузата беше дадена по ваше барање.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Ние по консултациите кои што ги имавме во пратеничката група, според она што се случува во моментот во Република Македонија баравме седницата да прекине овде, заради тоа што навистина немаме можност да донесеме сериозни заклучоци и мислам дека ова е пресериозна тема, за која што треба да излеземе со едно конечно решение на овој проблем за кој што со месеци разговараме во Собранието на Република Македонија. Мислам дека одлагањето на седницата и донесувањето на заклучоци во некој следен ден ќе беше најразумното решение, заради тоа што СДСМ предлага да прекинеме со расправата денес, да не се впуштиме ние односно парламентарното мнозинство,како што гори цела Република Македонија, да изгорите во сопствените лаги, кои што овде на оваа седница ги изнесувате во текот на целиот ден и ова Собрание и вие самите се претворате во една огромна фарса. Мислам дека треба да имате минимум човечност во овој момент во Република Македонија и да се отрезните конечно од барањето, навистина да можеме разумно да реагираме и конечно да донесеме заклучоци, со кои што ќе придонесеме за решавање на овој проблем кој што го имаме тука. Значи, барам седницата тука да ја прекинеме, да продолжиме утре или некој нареден ден, во кој што ќе можеме да донесеме квалитетни заклучоци како дел од решението на овој пролитички проблем. До колку тоа не го прифатите СДСМ нема да присуствува на продолжетокот од оваа фарса која што ја наметнавте во овој дел и мислам дека на ваков начин нема да покажете ниту минимум човечност, нема да присуствуваме во понатамошниот тек на седницата. Благодара.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Јас веќе се изјаснив по ова ваше барање, бидејќи истото го имаше и господинот Ивановски, така што продолжуваме со работа.

Има реплика госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе,

Морам во интерес на јавноста во Република Македонија да укажам дека ние како Парламент најпрвин искрено жалиме за загубениот живот во Битола. Искрено го искажуваме нашето сочувствокако пратеничка група,како коалиција, најверојатно тоа е резултат на пожарот, иако беше кажано дека настрадал човекот од гас, од труење, но најверојатно тоа е резултат на пожарот.

Работа на Собранието на Република Македонија согласно член 68 од Уставот алинеја 17 е да врши политичка контрола и надзор над Владата и на другите носители на јавни функции. Она што можевме да го направиме како пратеници и вие како Претседателство и претседателот на Собранието е дирекна континуирана комуникација со сите институции кои што се задолжени за вакви состојби кога имаме вакви природни непогоди. Знаеме дека премиерот е веќе на лице место и беа алармирани сите институции во земјата кои што можат да помогнат. Тоа е работа на Собранието да врши контрола дали извршната власт ги извршува сите мерки кои што се потребни за заштита на граѓаните. Во тој контекст апсолутно не се согласувам со констатацијата на заменик координаторот на СДСМ дека покажуваме нечовечност. Ние почнавме да работиме согласно договорот, согласно барањата на опозицијата однсоно на СДСМ, на колегата Оровчанец и другите колеги кои беа потпишани на едно барање за ваква седница. Се договоривме која пратеничка група колку време има за зборување и го почитуваме само тоа правило. Требаше и понатаму да продолжиме, бидејќи Собранието според Уставот е во континуирано

заседание. Посебно во вакви ситуации кога се случуваат вакви настани, добро е кога сите сме заедно и кога можеме сите заедно да добиваме информации од луЃето кои се најкомпетентни во овој момент. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бонева.

Јас тоа и ќе го направам, ќе го почитувам договорот којшто го имавме утринава помеѓу сите парламентарни групи, така што ќе рпдолжиме со репликите, после до 24 или евентуално 24,05 часот ќе им дадам по 10 минути на госпоѓа Лилјана Поповска и на господин Кенан Хасипи и со тоа ќе ја заклучам седницата со или без заклучоци.

Шамбевски Оливер три минути реплика, повелете.

**Шамбевски Оливер:** Благодарам потпретседателе.

Иако, по малку невообичаено, откако некој ќе запали пожар како што тоа го прават последниве денови пироманите низ Република Македонија, толку брзо да го напушти местото на настанот каде што го предизвикал пожарот и каде што треба да придонесе во гаснењето,но како и да е јас само накратко, бидејќи нема ни предизвик да се зборува после вакво дезертерство и бегство на Социјал демократите. Сакам само едно да кажам дека по говорот на почитуваниот пратеник Бучковски, стана јасна политичката безидејност или немање концепт на Социјалдемократите. Ние два месеци губиме во насока на јалови дискусии од типот, тоа вечерва стана јасно, држете го крадецот, а 71 закон од Европската агенда чекаат на милост на опозицијата. 71 закон чека да бидат поставени на дневен ред, за денес да дознаеме дека господинот Црвенковски и неговите наследници Костов и Бучковски, сето ова што ние тука го дебатираме, веќе задкулисно го договарале. Навистина, крајно несериозен однсо на Социјалдемократите. Навистина, една крајна безидејност, едно немање програма на кое што и на оваа програма во 100 чекори со која што излезе Владата на Република Македонија единствено можат да и се спротивстават сопствената деструктивност и ништо повеќе. Јас тука би завршил, бидејќи навистина нема логика вака.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Шамбевски.

Госпоѓа Лилјана Поповска, 10 минути.

Јас би ја замолил госпоѓа Лилјана поради времето да го искористи и за реплика и за својот говор, ако е можно, за да има можности господинот Хасипи да се обрати. Повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници.

Губи прилично смисла дискусија на Парламент каде штоне сме сите тука, не сме сите од предлагачите тука. Но, тоа не е по вина на тие што сме присутни тука. Јас морам да кажам дека ми е многу жал што дискусија која што започна во еден дух кој што ветуваше дкеа ќе се нарпави пресврт во Парламентот, завршува вечерва на еден ваков неславен начин. Мислам дека оваа шанса требаше да ја искористиме и сеуште има шанса барем со последните заклучоци, што се надевам дека до утре ќе ги ускладиме, да изразиме заедничка волја и спремност. Јас се извинувам господине потпретседателе, меѓутоа таква бучава е во Парламентот десно од мене, колегата Мисовски јас не можам да го присилам да ме слуша, но мислам дека е непристојно толку гласно да зборува. Истото важи за колегата Кенан Хасипи. Мислам дека не е во ред, колеги. Сите сме дел од оваа претстава, парламент е треба да бидеме пристојни и да бидеме колегијални еден кон друг.

Јас се надевам дека до утре ќе успееме да ги усогласиме заклучоците и да се догооворине дека овој Парламент сепак има капацитет да изгласа заеднички заклучоци кои ќе значат договор на Парламентот за заеднички настапи и заеднички активнсоти кои што ќе водат во насока на евро и НАТО интеграции. Впрочем, тоа беше и темата на денешната дебата, иако е целата состојба во Парламентот прилично нелагодна во овој момент и јас верувам дека Парламентот тоа ќе може да го направи. Впрочем и порано и во минатиот парламентарен состав, сепак сме изнаоѓале сили да се надминеме себе си, да ги надминеме своите партиски припадности, етнички или верски и да одработиме во полза на општо добро, во полза на земјата Македонија.

Јас сакам да кажам дека она што јас го видов и како го разбрав вечерва целиот овој настан, мислам дека расчиствименекои работи во врска со разговорите што ги правеа претставници на ВМРО-ДПМНЕ со колегите од ДУИ. Мислам дека се распрснаа оние балони на сомнеж кои што летаа лево, десно последниве две, три недели наоколу дека се прави заговор дека се договара нешто што ние другите во Парламентот не го знаеме. Впрочем и од говорот на претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Груевски и од говорите и обраќањата на други колеги пратеници го чувме она што веќе го знаевме. Значи, се потврди дека се разговарало за тие славни три точки, а за други три точки се разговарало и не се нашол мунасип да се договорат. Значи, се покажа дека господинот Груевски ја говорел вистината и тоа го потврдија и претставниците на Меѓународната заедница. Мене навистина ме чуди и многу ми е жал што не е тука господинот Бучковски, тоа сакав и да му го реплицирам, меѓутоа еве во оваа прилика ќе исползувам, па можеби дискусијата да ја продолжиме во некоја друга прилика и да се гледаме во очи. Мене навистина ме чуди дискусијата на господинот Бучковски и неговиот начин на сваќање на работите. Тој со говорот сакаше да докаже дека нешто се случило тајно. Напротив, јас нависитна не можев тоа да го видам

на таков начин. Од друга страна тој на многу чуден начин го толкуваше Рамковниот договор, на сосема поинаков начин отколку што тоа го правеше и премиерот и господин Фујере и госпоѓа Миловановиќ и редица други експерти кои што се разбираат во таа проблематика. Мене ми е многу жал што тој со толку жар се вдаде во одбрана и залагање за двојазичност на Македонија и што како професор по право ја пдозаборави дефиницијата на унитарна држава, а Република Македонија е унитарна држава според нашиот Устав, а македонскиот јазик еден важен коститутивен елемент на таа држава. Впрочем, да не заборавиме дека македонскиот јазик е сврзно ткиво во Република Македонија кое што не држи заедно. Без него сите би се разлеале и би се изгубиле во преводот, како што јас тоа го нарекувам. Македонскиот јазик ни овозможува да комуницираме меѓу себе, да разговараме, да се разбираме, да се информираме и тој ја има онаа улога што ја има секој еден јазик што ги поврзува јазиците во една држава, Мене ми е чудно што господинот Бучковски не се осврна на тоа дека сите европски држави во нашата околина имаат еден официјален јазик, а само две европски држави,имено Белгија и Швајцарија имаат повеќе, меѓутоа тие се по своето уредување федерации и, уште една работа, од еден претходен дискутант беше прашано дали постои некоја друга држава во Европа што има над 25% население, а нема двојазичност. Па, изгледа се заборава на Балтичките земји кои што имаат над 40% население кое што е малцинска заедница во тие три земји, меѓутоа имаат по еден официјален јазик во сите три држави. Значи, јазикот е сепак пред се и во основа средство за комуникација. Инаку, нема подобро да се разбереме ако секаде и на секое место одиме со слушалки. Тоа физички е невозможно. И во една Америка, која е една силна и организирана држава има еден официјален јазик, тоа е англискиот, со кој што сите можат да се разберат. Целта на државата е за секој што доаѓа во Америка и од надвор да обезбеди што подобро, побрзо и поефикасно учење на англискиот јазик, за да може подобро да се вклопи и д ане биде изолиран, да не биде гетоизиран надвор од јазикот кој што сите ги обединува.

Јас би можела уште многу да зборувам, за мене првостепени се две прашања. Едно дека она што е разговарано помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ е во рамките на она што ние како членови на коалицијата сме го знаеле и за што сме биле информирани, тоа ми е мене многу важно, за да знам дека можам и понатаму да му верувам на премиерот и да ја подржувам владината коалиција.

Второ прашање што ми е особено важно е тоа дека ставот и на премиерот, впрочем и на меѓународните претставници, па и на повеќето дискутанти е јасен дека во Република Македонија не може да се наметне двојазичност, затоа што тоа едноставно не е дел од нашето уставно уредување. До колку во некои други ситуации тоа би се сменило, тоа би била сосема друга ситуација. Меѓутоа, јас не би сакала да видам такво нешто, затоа што во тој случај бија немале Република Македонија, која што е производ на многувековна борба на овој народ за своја држава.

Значи, да заклучам, јас не сакам нашата земја, мојата земја да ја видам како некоја Афричка држава, независно дали е Африканската унија или некоја мала непозната земја, јас сакам да ја видам како Европска држава и по тој терк да биде уредена со сите салтанаци како што треба. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Реплика има господинот Фијат Цаноски, повелете.

**Фијат Цаноски:** Благодарам господине потпретседателе.

Прво, да го искажам своето незадоволство до координаторот на позицијата затоа што по цел ден ја бркаме за да добиеме збор. Исто се случи и кога се расправаше за доверба на Влада.

Навистина заборавате на малите партии, па ние мораме да чекаме на крај или воопшто нема да добиеме збор. Сега преку реплика би сакал да кажам неколку збора.

Стратешката цел на Република Македонија е секако решавање на меѓунационалните односи.

Денеска имаше многу дискутанти, се дискутираше за меѓунационалните односи на поголемите етнички заедници, но се заборава на помалите, каде е нивното место и што треба да се направи со нив.

Ни еден од дискутантите не спомна за една посебна заедница која во сите овие 15-16 години се манипулираше со таа посебна етничка заедница која по Уставот на Република Македонија и по амандманот 6 каде кажува дека сите етнички заедници треба соодветно да бидат застапени во јавната и државната администрација. Во овој момент ниту еден човек од оваа етничка посебна заедница која сеуште не е во Уставот, тоа се торбешите, не можат да си заземат место во оваа држава. Ниту до сега од Македонците, ниту од Албанците ниту од Турците. Секој си ги става своите, а оваа етничка заедница останува надвор, ги пакува куферите и бега надвор од државата.

Затоа, почитувани, ако Македонија мисли да влезе во Европската унија и во НАТО, нејзината стратешка цел мора да биде приоритет овие луѓе кои не се во мал број, ги има од 120 до 150 илјади жители, мора да си го најдат местото во оваа држава и соодветно да бидат застапени во сите институции во нашата држава.

Јас сум deklariran како торбеш, но не ми дозволуваат да гласам по Бадентеровиот модел, денеска испратив барање до претседателот на Собранието да гласам по Бадентеровиот модел затоа што во анкетниот лист сум така деклариран,

а и претходно на листата на пратеници така сум деклариран.

Ќе бидам краток, нема да должам, барам да дојде до промена на Уставот на Република Македонија во амандманот 4, да влеземе како етничка посебна заедница во Република Македонија и бараме член во Комитетот за односи меѓу заедниците на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Цаноски.

Три минути реплика има господинот Агрон Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам господине Догани.

Ќе ми дозволите да реплицирам и да кажам дека не го следев целото излагање, еве два часа се координираме за заклучоците од оваа седница и господинот Георгиевски, без никаква причина, јас не дознав, бидејќи бев делегиран од парламентарната група, што ќе се случи со оваа седница. До колку ни каже госпоѓа Бонева би било добро, но јас не разбрав дали ќе ја прекинеме оваа седница или ќе донесеме заклучоци. Отворено ќе ви кажам дека ние бевме конструктивни на оваа седница и ако не утре може друг ден господинот Георгиевски или некој друг дека нашата парламентарна група е против НАТО. Нека излезе господинот Георгиевски кој сака да ја прекине оваа седница без никакво образложение и да каже дека е против НАТО. Затоа ќе реплицирам на госпоѓа Поповска за тоа што го кажа при крајот на нејзиното излагање. Можеби поранешната елаборација беше разумна по својата логика, но познавајќи ја досегашната логика, не верувам дека имала причини за такво излагање, бидејќи, како и обично, од вакивте дискусии од говорницата на овој Парламент, без оглед што госпоѓа Поповска никогаш немала поддршка да говори во име на соодветен број граѓани, си зема за право да оспорува и негира еден факт или да го негира Уставот на Република Македонија.

До колку госпоѓа Поповска од друга страна велејќи дека албанскиот јазик не е службен јазик, а од друга страна до колку госпоѓа Поповска прави споредби со Балтичките држави, колку за ваша информација и за информација на госпоѓа Поповска државите како Летонија, Естонија и Литванија биле независни од 1920 до 1940 година кога се окупирани од Сталин, беа под колонизација на Русија, ве молам за мир, ве молам да се сослушаме, барам 10 до 15 секунди да ми го продолжите времето, тие се руски колонии кои ги држеа Балтичките земји под окупација, таму отишле и сега се 30 до 40%.

Но, тие не се автохтоно население, туку се дојденци. Ние велиме дека сме автохтоно население. Има и други варијанти, зошто арапскиот јазик не е официјален во Франција. Одиме до тој аспект за да го негираат нашето право кое е со Устав решено дека албанскиот јазик, ние како автохтоно население, ова сме го докажале по однос на почитување на Охридскиот договор на јавноста кон државата, значи, со разни манипулации и демагогија, со продажба на магла, се манипулира со нас за нешто што не е вистина и не држи. Не можат да се споредуваат Балтичките држави со Албанците во Македонија.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута за госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Мене ми е жал што на господинот Буџаку не му ги погодив државите. Тој праша дали има европски држави кои имаат над 25% население кое нема свој службен јазик. Јас му кажав, но можам да му кажам и многу други примери. Мислам дека не можеме да ги избираме примерите по своја волја.

Инаку, колку за поддршката господине Буџаку, ДОМ имаше свои листи на овие избори, освои гласови за речиси 4 пратеници, но поради Донтовиот модел влегов само јас и имаме само еден пратеник.

Значи, имам сосема конкретна поддршка, можеби не е многу голема, меѓутоа е сосема конкретна. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика има господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги.

Дел од она што го кажа господинот Фијат Цаноски и пред тоа реакцијата на господинот Кенан Хасипи дел од Рамковниот договор и избегнување на мајоризацијата на малцинските групи од страна на мнозинските. Вие не ни дозволивте денеска да кажеме иако дел од оваа иницијатива од потписниците беше токму една светла идеја, еден мрак, условно речено вака поетски во 24,00 часот да се искажам, полека запаѓаме, но да најдеме излез од тунелот и да одиме напред.

Јас до сега знаев дека има мажи јаничари, но од вечерва има и жени јаничари, тоа е добро од историски сегмент. Многу е тешко да кажете дека некој има различни размислувања, меѓутоа светот им припаѓа на храбрите.

Сметам дека вечерва треба да ја завршиме оваа дискусија со заклучоци. Она што и господинот Буџаку го зборуваше, ние зборуваме од 10,00 часот денеска од сабајле, вечерва ќе ја завршиме седницата или ќе ја прекинеме без заклучоци. Што е целта или што е причината зошто ние денеска седиме повеќе од 14-15 часа, ако немаме донесено заклучоци во кои ќе кажеме дека дефинитивно во Република Македонија помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ како политички партии има договор, дали од три или пет точки ирелевантно е. Тоа е дел од решавање на нешто што некој претходно го потпишал. Тоа е дел од обврските кои Република Македонија ги презела и оваа Влада како дел од обврските што ги имала претходната Влада или некоја пред тоа. Дефинитивно, сакам да ви кажам, дозволет им на

малите заедници или на независните пратеници или како сакате наречете ги, да можат да го искажат своето мислење затоа што сметаме дека меѓу нив има луѓе што знаат што можат и што треба да кажат. Тоа е прво.

Второ, сите ние 120 пратеници имаме намера да работиме за доброто на граѓаните на Република Македонија.

Трето, ќе ве замолам, за да не дојдеме во позиција јас како еден од потписниците, да побараме да го повлечам потписот, јас не знам кој е концептот да се донесат заклучоци, да се определат рокови по кои дел од обврските што некој ги презел, треба да ги завршиме. По завршувањето на тие обврски не ценат. Република Македонија очекува покана за полноправно членство во НАТО. Република Македонија очекува закон за почеток на преговори. Ако сакаме тоа да го добиеме треба да бидеме чесни и спрема себе и спрема другите.

Затоа би ве замолил потпретседателе, јас се извинувам, да ни кажете кој е концептот, како ќе се заврши и кога евентуално ќе продолжи оваа седница затоа што сметам дека час поскоро треба да продолжи седницата за ребалансот на Буџетот каде можеби во делот од ребалансот ќе се покажат некои нови приоритети од новонастанатата состојба.

Затоа би ве замолил да ни кажете кој е принципот, кој е концептот по кој ние ќе работиме утре, задутре или некој друг ден. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Имаме уште еден говорник за на крај, господинот Кенан Хасипи, според договореното од координација, јас ќе ја заклучам листата на пријавени говорници и ќе ја завршам оваа седница без заклучоци, бидејќи до моментот такви заклучоци немам од страна на предлагачите.

Господине Хасипи, повелете вашите 10 минути.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе.

На самиот почеток сакам да ја искажам мојата загриженост за состојбите околу природната стихија во Република Македонија, посебно состојбите во Битола. Да ве информирам дека непосредно пред напуштањето на седницата од страна на премиерот, телефонски бев повикан од Кабинетот на премиерот на Република Турција каде побараа дополнителни информации за состојбите, бидејќи покажаа подготвеност да пружат помош во гаснењето на пожарите. Заради тоа сакам да ги информирам парламентарците како гест на добра волја на една пријателска држава да се излезе во пресрет на состојбите во Република Македонија.

Меѓутоа, уште на самиот почеток би сакал да го искажам мојот револт на начин на кој Претседтелството, заедно со координаторите на пратеничките групи одлучија да го направат сценариото на оваа седница на која буквално беа исфрлени од игра претставниците на помалите етнички заедници кои  под изговор дека користат право на реплика беа принудени да го кажат своето мислење по оваа проблематика за која вечерва се расправа во ова Собрание.

Кога господинот Оровчанец, мојот ценет колега, ја покрена оваа иницијатива, во ниеден момент не се двоумев да бидам потписник на оваа иницијатива од следните причини:

Прво, поради фактот што работите во државата не се движат во саканата насока. Поради тоа што работите не се одвиваат со посакуваната брзина, поради тоа што полека, но сигурно, влегуваме во политичка криза со несогледиви последици. Поради фактот што водиме дијалог на глуви по принципот се договараме никогаш да не се договориме.

Ова не случајно го напоменувам, бидејќи во својство на претседател на Демократската партија на Турците на Македонија ја имав таа привелегија или, ако сакате, несреќа да присуствувам на многу од ваквите разговори како и на неколку средби со премиерот на Владата кои, за жал, не само што не вродија со плод, туку полека Република Македонија ја турнаа во сериозна политичка криза, независно од тоа што владеачкото мнозинство не милува да се споменува овој ноторен факт.

Ќе си земам за слобода да истакнам дека по мое длабоко уверување, проблемите почнаа од оној момент кога се одлучивме да се формира Влада, што морам да истакнам, е апсолутно право на премиерот, но со две битни фалинки.

Прво, без стабилно мнозинство и второ, без Бадентеровото мнозинство по законите за кои е предвиден принцип на двојно гласање.

За жал, владеачкото мнозинство ваквата ситуација се обиде да ја бајпасира на најлош можен начин со повреда на процедурата, со редуцирање на листата на закони за кои се применува принципот на двојно гласање со обезбедување вештачко мнозинство во Комитетот за односи меѓу заедниците со примена на двојни стандарди, со наметнување на волјата на мнозинството, со водење на долги и непродуктивни разговори и слично.

Како резултат на тоа ДУИ го напушта Собранието на Република Македонија, а обидите на помалите етнички заедници во оваа ситуација да ги реактивираат прашањата од витален интерес за овие заедници, за жал, беа дрско окарактеризирани како уцени и како непримерени политички барања, барем спрема изјавите на министерот за правда.

Се разбира забиберени со перфидни облици на притисок, па дури и отворени закани. Замислете колеги каква смелост на легитимните претставници на помалите етнички заедници да имаат политички барања. Па, во кој свет ние живееме? Што друго политичарите би имале ако

не политички барања. Што е она фамозното, почитувани колеги, што ние баравме?

Дозволете ми накратко да ги елаборирам тие барања. Баравме, почитувани колеги, да се воведат институционални облици на заштита на правата на припадниците на малцинските заедници, она што ни е загарантирано со бројни меѓународни конвенции од Повелбата на ОН за правата на човекот, па се до препораките за ефективното учество на малцинските заедници во јавниот живот.

Сакам да ве потсетам дека меѓународните конвенции, согласно член 118 од Уставот на Република Македонија, се составен дел на внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

Баравме за припадниците на турската, ромската, српската, влашката и бошњачката заедница кои сочинуваат најмалку 13% од популацијата, барем според официјалните статистики, инаку бројот е многу поголем, да се обезбедат дополнителни 12 гарантирани места за да не служиме како монета за поткусурување или предмет на уцена од страна на помоќните политички субјекти.

Впрочем, изборен моделсо гарантирани места за малцинските заедници е востановена пракса на просторите на бивша Југославија. Само за потсетување во Законот за избор на пратеници во Република Македонија има гарантирани места за италијанското и унгарското малцинство. Во Република Хрватска осум гарантирани места за малцинските заедници. Во Република Србија, на последните избори, се избраа седум пратеника од малцинските листи. На Косово има 20 гарантирани места, 10 за српската, а 10 за останатите малцинства, па со примена на таканаречената варијанта можат да се извлечат и дополнителни пратенички мандати.

Парламентот на Црна Гора неодамна усвои Изборен закон со гарантирани места за малцинските заедници иако само пред една година прогласи независност.

Да не ве замарам и со 19-те пратенички мандти во Романија и во други земји во нашето поблиско соседство. Освен тоа нашиот Устав вели дека Собранието на Република Македонија брои од 120 до 140 пратеника.

Од друга страна праксата покажа дека во овој момент во Република Македонија не постои ни една институција која би била задолжена да ја следи динамиката на реализација на правата на малцинските заедници. Кажете ми која е таа институција.

Конституирањето на едно вакво владино тело во овој момент е императив до толку повеќе што бројни опструкции и најразлични причини што поради бројни опструкции и најразлични причини не профункционираа управите за унапредување на културата и образованието на заедниците во Република Македонија. Иако истите се конституираа пред неколку години, за жал, најголемиот дел од вработените во овие управи имаат статус на вработени со договор за дело. Иако првично предложивме да се конституира ново министерство, министерство за човекови и малцински права, покажавме подготвеност да прифатиме владина агенција во чија надлежност би било остварувањето на правото на малцинските заедници и имплементацијата на принципот на правичната и соодветна застапеност.

Се разбира дека вакво владино тело, за да може да профункционира и да биде на висина на доверените надлежности е да има супстрат врз кој ќе функционира, т.е. тн., уставен закон за правата на малцинските заедници кој на едно место ќе го сублимира се она што е право и обврски на припадниците на малцинските заедници утврдени со Уставот, посебните закони и меѓународните договори.

Врз база на правата и обврските на припадниците на малцинските заедници утврдени со овој уставен закон, Агенцијата ќе ја следи динамиката на реализацијата на тие права, а преку гарантираните места како дел од препораките за ефективно учество на малцинските заедници во јавниот живот, ќе се обезбедат институционални механизми за заштита и унапредување на јазичните, културните, образовните, социјалните и другите права на малцинските заедници.

Со ваквите потреби и барања се запознаени претставниците на меѓународната заедница, а со писмо потпишано од лидерите на 5 политички партии на малцинските заедници адресирани до претседателот на Европската комисија господин Хозе Мануел Баросо, беше информирана и централата во Брисел.

Во одговорот на господинот Баросо се наведува потребата од поактивен ангажман во разрешувањето на ваквите потреби и барања на малцинските заедници и нивно нотирање, напоменувам, во Извештајот на Европската комисија за состојбите во Република Македонија. Мимо ваквиот развој на настаните, поедини владини кругови.. .

**Бесим Догани:** Господине Хасипи би ве замолил да привршите бидејќи веќе истече времето.

**Кенан Хасипи:** Господине потпретседателе, и ова е дел од дискриминаторскиот однос.

Ова Собрание има неколку категории на пратеници, едни кои се професионални оратори, други кои се професионални провокатори и трети кои се професионални репликанти. Они кои навистина имаат потреба да ги изнесат потребите на заедниците кои ги претставуваат овде, за жал најмалку добиваат збор. Меѓутоа, бидете уверени дека со ваквиот начин на функционирање нема далеку да стигнеме. Јас искрено се надевам дека ваквиот игнорански однос еден ден ќе ви се врати како бумеранг.

**Бесим Догани:** Јас ви дадов право да ја завршите реченицата не и понатаму да реплицирате и да ни објаснувате за процедурата.

Господин Оровчанец би ве замолил да го искористите правото како предлагач, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине потпретседателе, очигледно е вашата намера да се затвори седницата вечерва и доколку тоа е така и до колку ова Собрание сепак смогне сили и се надмине себе си затоа што очигледно имавме многу дефекти во комуникацијата во овие 14 часа и доколку најде принцип врз основа на кој ќе може да донесе заклучоци кои се во интерес на Република Македонија и на граѓаните на Република Македонија, да ми даде завршен збор пред носење на тие заклучоци, доколку воопшто дојде до тоа. Меѓутоа, се потврди една работа дека овде функционира разговорот на другите, дезавоирање на базичната и основна идеа околу процесот на реформи и политичката стабилност во оваа земја што треба да не доведе на правиот пат, дезавоирање на договори кои станаа приоритетни во однос на базичните приоритети на Република Македонија.

Се надевам дека после оваа долга работа, оние кои останаа во ситуација да размислуваат за ова прашање, ќе отспијат и ќе сфатат дека ваква седница не смее да остане без заклучоци. Моето залагање. . .

Господине потпретседателе координациите требаше да ги правите на време.

Очигледно нема елементи за дослух овде, така што не мислам повеќе да ја гњавам македонската јавност со вашите комедијански настапи.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Оровчанец.

Бидејќи времето кое го договоривме за денес веќе 20 минути одмина, исто така бидејќи листата на договорени говорници е исцрпена, го заклучувам претресот.

Ја заклучувам 60-та седница на Собранието на Република Македонија.

Истовремено ве известувам дека утре во 11,00 часот продолжуваме со седницата за ребаланс на Буџетот.

(Седницата заврши во 00,20 часот)